**Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје**

**Филозофски факултет**

**Последипломски студии по социјална работа**

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

# СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА НА ДЕЦА БЕЗ РОДИТЕЛИ И РОДИТЕЛСКА ГРИЖА ВО КУМАНОВО

**Ментор:** **Проф. Д-р Сунчица Димитријоска**

**Кандидат:** **Тања Божинова**

**Скопје, 2020 година**

# Содржина

**Содржина** ........ 1

**I ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ** ........ 5

**В О В Е Д** ........ 6

**1. Поим за деца без родители и родителска грижа** ........ 8

1.1 Определување на поимот дете без родителска грижа ........ 8

1.2 Определување на поимот родителство ........ 9

1.3 Дефинирање на поимот семејство ........ 13

1.3.1. Типологии на семејството ........ 15

**1.3.1.1 Брачно и вонбрачно семејство** ........ 15

**1.3.1.2 Семејство по посвојување и семејство по сватовство** ........ 16

**1.3.1.3 Семејство во потесна смисла и семејство во поширока смисла** ........ 16

**1.3.1.4 Функции на семејството** ........ 17

1.4 Семеен животен циклус ........ 21

**2. Правна рамка за заштита на деца без родители и родителска грижа** ........ 22

2.1 Меѓународна правна рамка за заштита на деца без родители и родителска грижа ........ 22

2.2 Национална рамка за заштита на деца без родители и родителска грижа ........ 24

**3. Форми на заштита на децата без родители и родителска грижа** ........ 28

3.1 Форми на заштита на децата без родители и родителска грижа согласно Законот за семејство ........ 28

3.1.1 Старателство ........ 28

3.1.2 Посвојување ........ 29

3.2 Форми на заштита на децата без родители и родителска грижа согласно Законот за социјална заштита ........ 31

3.2.1 Живеење со поддршка ........ 33

3.2.2 Згрижување во семејство ........ 33

3.2.3 Сместувањето во установа ........ 34

3.2.4 Здружение како давател на социјални услуги ........ 35

**4. Парични и други права за децата без родители и родителска грижа и лицата кои до 18 години имале статус на деца без родители и родителска грижа** ........ 36

4.1. Парични и други права за децата без родители и родителска грижа ........ 37

4.1.1 Детски додаток ........ 37

4.1.2 Посебен додаток ........ 37

4.1.3 Додаток за образование ........................................................................................ 38
4.1.4 Право на семејна пензија........................................................................................ 38
4.2 Парични права за лицата кои до 18 години имале статус на деца без родители и родителска грижа ........................................................................................ 39
4.2.1 Додаток за домување........................................................................................ 39
4.2.2 Интервентна еднократна парична помош........................................................................................ 39
4.2.3 Додаток за образование ........................................................................................ 40
**5. Поим за згрижувачко семејство** ........................................................................................ 40
5.1 Историја на згрижувачкото семејство ........................................................................................ 41
5.2 Определување на поимот згрижувачко семејство........................................................................................ 42
5.2.1 Право на сместување во згрижувачко семејство........................................................................................ 43
5.2.2 Видот и бројот на корисници кои можат да се сместат во згрижувачко семејство...... 43
5.2.3 Видовите на згрижувања во семејство........................................................................................ 44
5.2.4 Критериумите за избор на згрижувачко семејство ........................................................................................ 45
5.2.4.1 Возраст ........................................................................................ 46
5.2.4.2 Здравствена состојба........................................................................................ 47
3.2.4.3 Материјални услови........................................................................................ 47
3.2.4.4 Стамбени услови ........................................................................................ 47
3.2.4.5 Подобност на потенцијалното згрижувачко семејство........................................................................................ 48
3.2.4.6 Обука на згрижувачите ........................................................................................ 49
5.2.5 Стандарди за давање на услугата згрижувачко семејство според видот на згрижувањето ........................................................................................ 49
5.2.5.1 Стандард за давање на услугата згрижување ........................................................................................ 50
5.2.5.2 Стандард за задоволување на потребите на лицето........................................................................................ 51
5.2.5.3 Стандард за процесот на згрижување ........................................................................................ 52
5.2.5.4 Стандард за избор на згрижувачко семејство за лицето........................................................................................ 54
5.2.5.5 Стандард за заштита на лицето во згрижувачко семејство ........................................................................................ 55
5.2.5.6 Стандарди за следење и проценка на работата на згрижувачкото семејство ........ 57
5.2.6 Што добива згрижувачкото семејство........................................................................................ 58
**6.Социјална поддршка** ........................................................................................ 60
6.1 Дефиниција на социјалната поддршка........................................................................................ 60
6.2 Функции на социјалната поддршка........................................................................................ 65

6.3 Извори на социјална поддршка ..... 67
6.4 Значењето на социјалната поддршка за деца без родители и родитлска грижа ..... 67
7. **Социјална мрежа** ..... 72
7.1 Теоретски основи на социјалната мрежа ..... 72
7.2 Карактеристики на социјалната мрежа ..... 74
7.3 Видови на социјални мрежи ..... 76
7.3.1 Примарна или микросоцијална мрежа ..... 76
7.3.2 Значење на примарните микросоцијални мрежи ..... 78
7.3.3 Секундарни или макросоцијални мрежи ..... 80
7.3.4 Значење на секундарните социјални мрежи ..... 81
7.3.5 Терцијални или мезосоцијални мрежи ..... 82
7.3.6 Значење на терцијалните социјални мрежи ..... 84
7.4 Значење на социјалните мрежи во социјалната работа со деца без родителска грижа ..... 84
**II ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ** ..... 86
**В О В Е Д** ..... 87
**1. Дефинирање на проблемот на истражување** ..... 88
**2. Предмет на истражувањето** ..... 90
2.1 Дефинирање на поимите ..... 90
**3. Цел и карактер на истражувањето** ..... 92
3.1 Научна цел ..... 92
3.2 Практична цел ..... 92
3.3 Карактер на истражувањето ..... 92
**4. Задачи на истражувањето** ..... 93
**5. Хипотези** ..... 93
5.1 Општа хипотеза ..... 93
5.2 Посебни хипотези ..... 94
**6. Варијабли** ..... 94
6.1 Независна варијабла ..... 94
6.2 Зависна варијабла ..... 94
**7. Методи, техники и инструменти на истражувањето** ..... 95
7.1 Метод на истражување ..... 95
7.2. Техники и инструменти на истражување ..... 95

**8. Обработка и анализа на податоци** .......................................... 96

**9. Примерок на истражување** .......................................... 97

9.1. Структура на примерокот - деца без родители и родителска грижа.......................... 97

9.2 .Структура на примерокот лица кои се грижат за децата без родители и родителска грижа .......................................... 101

**10. Резултати од истражувањето** .......................................... 104

10.1 Анализа на мислењата на децата без родители и родителска грижа за задоволството од добиената социјална поддршка.......................................... 105

10.1.1 Достапни лица за социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа од примарната социјална мрежа .......................................... 105

10.1.2 Достапни лица за социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа од секунадарната мрежа .......................................... 108

10.1.3 Видови на социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа.......... 110

10.1.3.1 Лица од кои децата без родители и родителска грижа добиваат емоционална поддршка.......................................... 111

10.1.3.2 Лица од кои децата без родители и родителска грижа добиваат инструментална социјална поддршка .......................................... 115

10.1.3.3 Лица од кои децата без родители и родителска грижа добиваат информативна социјална поддршка.......................................... 116

10.1.3.4 Лица од кои децата без родители и родителска грижа добиваат социјална поддршка за дружење .......................................... 118

10.2 Мислења и ставови на лицата кои се грижат за децата без родители и родителска грижа за социјалната поддршката која ја добиваат децата од социјалната мрежа............................ 120

10.2.1 Поврзаноста на демографските карактеристики на лицата кои се грижат за децата без родители и родителска грижа со социјалната поддршка на децата за задоволување на нивните потребите .......................................... 120

10.2.2 Поврзаност на задоволство од добиената социјална поддршка со видот на социјална мрежа.......................................... 123

10.2.3 Личности од кои децата без родители и родителска грижа најчесто бараат помош и поддршка.......................................... 125

**ЗАКЛУЧОК**..........................................129

**ЛИТЕРАТУРА** ..........................................133

**Прилог бр.1**.......................................... 137

**Прилог бр.2**.......................................... 140

**Прилог бр.3**.......................................... 143

# I ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

# В О В Е Д

Во периодот на раст и развој на детето, родителите претставуваат негов основен извор на социјална поддршка. Оваа социјална поддршка може да се опише како **достапност на родителите за детето** и **достапност на нивата помош и поддршка кон него**, родители кои му покажуваат дека искрено се грижат за него и дека неговата благосостојба им е навистина важна како во секојдневниот живот така и во тешките ситуации (Klarin 2004, Dobrotic, Lakija, 2012). Особено е важно родителите на своето дете да му пружат топлина, утеха, разбирање, сочувство и блискост во ситуации кои за детето се тешки или несигурни (Vasta 1998, Klarin, 2004). Ова е неопходно за да можат родителите да создадат сигурна база за детето каде тоа ќе се чувствува заштитено и сигурно и на тој начин ќе може полесно да се соочува со светот пред него и разните предизвици (Goleman, 2008).

Истовремено сме свесни за големиот број на деца кои живеат во патолошки, злоставувачки и/или занемарувачки семејства, чии родители не се во состојба да ги задоволат развојните потреби на детето и каде неговиот раст и развој во примарното семејство е загрозен.

Конвенцијата за заштита на правата на детето на ООН, меѓу другото истакнува дека на децата на кои привремено или трајно им е ускратено семејното опкружување или кои поради нивна заштита и безбедност не смеат да останат во своето семејство имаат право на посебна заштита и помош од страна на државата. Таквата заштита помеѓу другото вклучува старателство, посвојување или сместување во соодветна институција за заштита на деца (чл.20 од Конвенција за правата на детето на ООН). Згрижувањето на деца чии што развој во примарното семејство е загрозен има за цел да им обезбеди потикнувачка социјална средина во која ќе има услови за правилен психо - физички раст и развој и социјална поддршка која ќе овозможи позитивно социјално прилагодување.

Социјалната поддршка претставува посредник помеѓу животните промени и предизвици со кои се соочува личноста и прилагодувањето кон истите. Истакнувајќи ја оваа своја димензија, социјалната поддршка преставува значаен фактор за зајакнување на

самодовербата и подигнување на капацитетите на личноста за соочување со стресните животни настани.

Многу истражувања укажуваат на големото значење кое го има социјалната поддршка за правилен раст и развој на децата кои се во ризик. Во едно лонгитудиналното истражување кое било реализирано во период од 30 години се покажало дека адекватно телесно (соматско) и душевно функционирање на возрасните зависи од квалитетот на добиената социјална поддршка во раното детство (Vaillant, 1974).

Во квалитативна смисла, социјалната поддршка претставува перцепирана социјална поддршка, и токму оваа обележје на социјаната поддршка на децата без родители и родителска грижа ќе биде предмет на оваа истражување.

Концептот на социјална поддршка вклучува широк спектар на "услуги" - љубов, внимание, потикнување, охрабрување, совети, помош, чувство на сигурност, дружење, итн. Децата кои сето ова го доживеале во рамките на своето семејство и непосредната околина подобро функционираат и се развиваат, постигнуваат добри училишни резултати, повеќе се отворени за интеракција со врсниците, посреќни се и позадоволни, отколку децата кои имаат сосема различни искуства, како што е случај со оние кои останале без родители и/или родителска грижа или поради загрозеност на нивниот живот, безбедност, здравје и правилен развој во примарното семејство се сместени во социјална установа, згрижувачко семејство или во домот на старателот.

# 1. Поим за деца без родители и родителска грижа

## 1.1 Определување на поимот дете без родителска грижа

Во научната литература непобитен е фактот дека секое дете треба да расте и да се развива во своето биолошко семејство кое овозможува целосен и хармоничен развој на неговиот потенцијал. Во своето семејство детето ја добива основата на животот, учи како да живее, што да уважува, отфрла, како да се насочи и соочи со успехот и неуспехот, како да се однесува кон себе си и кон другите, да се самопочитува, да сака, да ги прифаќа и изразува своите чувства. Меѓутоа, само семејство кое е функционално може да овозможи правилен раст и развој на детето, навремено препознавање на неговите развојни потреби и желби и нивно адекватно задоволување.

Функционало семејство е она семејство кое создава услови за развој на комплетни личности во границите на нивните интелектуални и кретаивни потенцијали, семејство кое успешно ги исполнува своите основни задачи и функции, одговара на развојните потреби на своите семејните членови, обезбедува нивен сестран развој и потикнува соработка. Ова семејство ги амортизира промените во надворешната средина доколку постои опасност тие да ги дестабилизираат членовите или да го загрозат нивниот развој, при што изнаоѓа функцинални решенија за проблемите и кризните ситуации.

Но, постојат и семејства кои од разни причини не ги вршат своите основни функции и задачи, пред се родителската функција, и кои не може да одговорат на развојните потреби на членовите. Таквото дисфункционално семејство не може да се одржи како систем и неговото опстојување може да биде штетно а честопати и фатално за растот и развојот на личноста на детето, со огромни последици што се провлекуваат до крајот на животот. Животот во дисфункционално семејство претставува една од причините детето да остане без родителска грижа.

Некои деца не растат и не се развиваат во своите биолошки семејства поради разни причини. Постојат бројни неповилни животни ситуации во кои можат да се најдат децата а кои за директна последица имаат одсуство или загуба на родителската грижа, при што децата се стекнуваат со статус деца без родителска грижа.

Животни околности кои условуваат едно дете да остане без родителска грижа се:

- смрт на родителите
- малолетничка бременост и непланирана бременост
- кога родителите се исчезнати
- кога родителите се непознати или со непознато живеалите
- кога родителите се спречени да ја извршуваат родителската должност (поради издржување казна затвор, лекување во здравствена установа, постоење на душевно заболување, практикување на социо - патолошко однесување и сл.)
- кога на родителите со правосилна судска пресуда им е одземено вршењето на родителското право или деловната способност
- кога родители без оглед на причините привремено или трајно не ги извршуваат своите родителски права и должности.

Ситуациите во кои детето останува без родителска грижа поради привремено или трајно неизвршување на родителски права и должности од неговите родители бараат посебно внимание, бидејќи на тој начин родителите намерно или ненамерно ги занемаруваат или злоупотребуваат личноста, правата и интересите на своето дете. Ваквите ситуации условуваат интервенција на државата во семејството преку обезбедување на заштита и посебна грижа за децата и нивниот најдобар интерес.

За да може поимот "дете без родителска грижа" да биде сфатен во целата своја специфика, комплексност и важност која ја претставува, потребно е да биде разгледан во еден поширок контекст на помот родителство, а од таму и на уште поширокиот поимот на семејство. Единствено доколку на овој начин биде разбран, ќе може навремено и правилно да се интеревнира во заштитата на децата кои не по своја вина ја изгубиле родителската грижа.

## 1.2 Определување на поимот родителство

Родителството претставува комплексен социјален процес кој е индивидуално, просторно и времененски определен. Родителството се однесува на низа процеси кои се состојат од задачи, улоги, правила, комуникација и меѓучовечки односи кои родителите ги

остваруваат во контакти со своето дете и со социјалната средина. За да може едно дете да израсне во зрела и независна личност, потребно е од неговите родители да почувствува љубов, топлина и прифатеност, но и надзор над однесувањето со кој детето ќе разбере дека постојат одредени правила кои треба да бидат почитувани. Од родителите се очекува охрабрување и водење на децата низ нивниот развојот, во сета негова сложеност - когнитивен, физички, социјален, емоционален, морален, сексуален, духовен, културен и образовен. Да се одгледа едно дете, за родителите претставува најважна и најтешка задача. Тие секојдневно се соочуваат со многу дилеми и донесуваат одлуки кои сметаат дека се најдобри за своите деца. Целта на родителството е детето да израсне во здрава личност која ќе може да се самореализира и да стане одговорен и активен член на општествената заедница.

Родителството како социјален процес е под влијание на промените кои се случуваат во општеството. Многубројните општествени промени (разни локални и глобални настани и случувања, политички, економски и социјални промени, демографски промени, промени на културните норми и вредности и слично) го одредуваат контекстот во кој се одвива родителството, притоа иницирајќи промени во поимаењто на родителството, целите и задачите пред кои се исправени родителите во исполнување на родителските одговорности на едно **современо родителство.**

Во однос на условите и околносите во кои нивните родители ги одгледале, денес се повеќе се присутни промени во работната сфера (подолго работно време, непостојана работа), промени во составот на семејството (повеќе еднородителски семејства, семејства во кои постои дисфункционална брачна врска), промени во однос на улогата на мажот и жената во бракот, семејството и општеството, промени во разбирањето на природата на децата, детството и родителските одговорности и авторитет. Во современото општество детето добива нова положба во општеството. Детето е препознаено како носител на човекови права кои ги гарантира државата и меѓународната заедница, со што родителството излегува од сферата на приватното и влегува во сферата на јавно, станувајќи предмет на разни јавни политики и на тој начин претставува нов предизвик за родителите. Денеска на детето не се гледа како на „иден возрасен човек“ туку како активна и креативна личност во својот сегашен живот која има проактивн улога и влијание на својот сопствен развој.

Современото родителство ја напушта еднонасочната релација од родителот кон детето како единствена во родителството, притоа прифаќајќи и препознавајќи ја важноста на меѓусебното релациско делување на детето, родителите и пошироката социјална средина на развојните постигнувања на детето.

Родителите имаат големо и различно влијание врз своите деца, но и децата со своите лични карактеристики влијаат на родителите, предизвикувајќи кај нив одредено однесување и постапки кои можат да имаат позитивно или негативно влијание врз детскиот развој. Детето со својот темперамент, адаптибилност, иритабилност и други обележја, влијае на односите кои ги има со родителите. Исто така, односи помеѓу самите родителите имаат влијание на секој родител поединечно, предизвикувајќи различен однос на мајката со детето и таткото со детето.

Сето ова подразбира дека детето, таткото и мајката се поврзани во една густа мрежа на меѓуодноси и меѓуделувања кои ги сочинуваат предусловите за негов правилен развој.

Дали оваа мрежа ќе претставува мотивација за развојот на детето или ќе има деструктивно делување, ќе зависи од поширокото опкружување во кое е сместено семејството, односно дали семејството има поддршка од роднини, пријатели, соседи, колеги и социјалната средина и општеството во целина. Меѓусебното влијание и поврзаност на детето, родителот и пошироката социјална стредина може да биде разгледано преку интегративен модел на родителство, неговите детерминати и последици (шема бр.1).

Познавањето на широката и густа мрежа на меѓусебно влијание на детето, родителите и социјалната околина е од есенциајлна важност за обезбедување на услови за правилен раст и развој на детето.

**Шема бр.1 Интегративен модел на родителство, неговите детерминати и последици**

| **Карактеристики на родителите** | **Семеен контекст** | **Општествен контекст** | **Карактеристики на детето** |
|---|---|---|---|
| • Пол и личност<br>• Емоционална зрелост и психичко здравје<br>• Развој (детството на родителите)<br>• Ставови (брак, деца)<br>• Знаење и вештини | • Економска сигурност<br>• Семејна структура<br>• Односите помеѓу родителите<br>• Брачна поддршка<br>• Поширока семејна поддршка | • Семејно законодавство<br>• Работно законодавство<br>• Усогласеност на работните и родителските улоги<br>• Достапна институционална грижа за деца | • Пол<br>• Возраст<br>• Темперамент<br>• Ускладенот на карактеристиките на родителот со детето<br>• Способности |

| **Родителство** |
|---|
| • Субјективно доживување на родителството<br>• Родителска грижа, однесување и постапки<br>• Родителски стил |

| **Развој на детето** | **Развој на родителот** |
|---|---|
| • Емоционална сигурност<br>• Самостојност и независност<br>• Социјална компетенција<br>• Когнитивна зрелост<br>• Училишна успешност<br>• Професионална успешност | • Промена на вредостите и целите<br>• Промена на сликата за себе<br>• Прилагодливост на повеќе улоги<br>• Прилагодливост на нови семејни односи<br>• Прилагодливост на развојните промени на детето |

(Прилагодено по Brofenbrenner, 1979.; Belsky, 1984.; Martin, Coibert, 1997.; Stevenson - Hinde, 1998.)

## 1.3 Дефинирање на поимот семејство

Растот и развојот на информатичките и техничките сектори имаат директно влијание врз промената во структурата, вредносниот систем и случувањата на едно општество. Во светот постојат различни општества, засновани на различни правила, верувања и обичаи од таму и различни државни уредувања, меѓутоа сите придаваат еднакво значење на институцијата семејство. Во сите општества без разлика на нивните обележја, семејството останува да важи за негова фундаментална и најзначајна клетка. Човекот се раѓа, осознава, живее, учи да воспоставува најразлични односи примарно токму во рамките на семејството, па поради тоа семејството и останува да ја има најважната улога во формирањето на личноста и нејзиниот развој. Организација на семејството која вклучува посебни улоги на неговите членови асоцира на вкупна организација на општеството. Со тоа, семејството само се потврдува како значаен сегмент и фактор во уредувањето на една општествена организација. Во семејството детето ја прима емоционалната топлина, ги прифаќа семејните норми, верувања и вредности. Со помош на своите родители и другите членови на семејството дететето го гледа и го запознава надворешниот свет. Пропорционално на тоа, како го гледаат неговите родители и возрасните членови на неговото семејство надворешниот свет, како го доживуваат и колку учествуваат во него ќе зависи и тоа како детето го восприема светот, што претставува тој за него и како ќе изгледа.

Семејството како општествена група има свои специфични карактеристики според кои се диференцира од останите групи во општеството. Доминантна карактеристика на семејството, која може да се издвои од комплексот на сите останати кои го карактеризираат, е неговата динамичност. Преку оваа карактеристика најдобро се објаснува сета сложеност на институцијата семејство.

Семејството е предмет на интерес и проучување на многу научни дисциплини, при што секоја од своето научно гледиште го објаснува и проучува семејството. Токму поради објективната неможност да се опфатат сите негови појавни форми постојат многубројни дефиниции за семејството. Според Љиљана Спировиќ - Трпеновска “Семејството е пред се билошка, сексуална заедница на лица од различен пол кои создаваат и одгледуваат деца, а тоа е истовремено и општествена категорија, бидејќи со создавањето на многубројни

роднински врски таа длабоко се инфилтрира во порите на општествената организација“ (Спировиќ - Трпеновска, 2008).

Според друга дефиниција “Семејството е примарна општествена група која што се засновува врз био - социјални и економски односи и која што истовремено е детерминирана и санкционирана, од општествениот систем, во поширока смисла на зборот“ (Матилов, 2002).

Сепак есенцијалната основа на семејството е дека тое е основна општествена група на лица кои се меѓусебно поврзани со билошки основа и со сродство.

Имајќи го во предвид горенаведеното, се наметнува фактот дека основна компонента на семејството е неговото историско движење, односно неговиот перманентен процес на трансформација низ историјата. Семејството никогаш не може да се проучува како статична општествена катергорија. Во одреден историски, временски и просторно детерминиран контекст семејството се појавува како многубројна општествена група која е составена од неколку генерации, додека во друг општествен момент претставува општестевена група која ја сочинуваат само родителите и нивните деца. Семејството наблудувана како физиономија составена само од родители и нивните деца го претставува современото, модерно или нуклеарно семејство кое е најзастапено во денешницата.

Покрај општественото поимање на семејство, постои и неговото дефинирање како правна институција. Правниот поим на семејството подразбира група односно заедница на лица поврзани со брак и сродство; тоа е животна заедница на родителите и нивните деца, а понекогаш и на поблиски роднини (Љиљана Спировиќ - Трпеновска, 2008). Во современото општество и право се смета дека семејството и децата имаат посебно место во системот на општата правна и социјална заштита. Поради посебното општестевено значење на семејството, во Уставот на Република Северна Македонија, како највисок правен акт, се содржани начела за уредување на односите во семејството, како и односите меѓу членовите на семејството. Покрај основите уставни принципи, семејното право во Република Северна Македонија е конкретизирано низ правните одредби и содржини и на Законот на семејство на Република Северна Македонија. Законската дефиниција гласи „семејството е животна заедница на родители и деца и други роднини, ако живеат во заедничко домаќинство“ (Закон за семејство, Консолидиран текст 2015, член 2, став1).

### 1.3.1. Типологии на семејството

Типологијата на семејството претставува сложена и опсежна материја бидејќи типовите на семејство се проучуваат од многу аспекти - историски, социолошки, правен итн. Типологијата на семејството во современото општество во својата основа разликува брачно и вонбрачно семејство, со оглед на основот врз кој се засновува семејството. И во едниот и во другиот вид семејство се вклопени две категории на односи: односите меѓу партнерите (брачни односно вонбрачни) и односите меѓу родителите и нивните деца (брачно и вонбрачно семејство).

Посебна типологија на семејството постои со оглед на видот на сродтството, при што се разликуваат семејства кои се засновуваат со раѓање (семејство по крвно српдство), со посвојување (по правен пат) и со стапување во брак (семејство по сватовство).

Според својата големина, семејството се јавува како семејство во потесна смисла (мало, нуклеарно семејство) и семејство во поширока смисла (т.н. големо семејство).

#### 1.3.1.1 Брачно и вонбрачно семејство

Помеѓу брачното и вонбрачното семејство основната разлика произлегува од начинот на нивно засновување: во брачното семејство тоа настанува со раѓање на деца во брак, а во вонбрачното семејство кога детето се раѓа во вонбрачна заедница. Иако брачното семејство по правило е трајно и потполно, сепак во современиот начин на живеење се почесто доаѓа до краткотрајни и непотполни брачни заедници. Кај вонбрачните семејства почеста е појавата на непотполна заедница меѓу мајката, таткото и вонбрачното дете, додека во однос на елементот на трајноста, речиси подеднакво се застапени и временските и трајните вонбрачни семејства.

И брачното и вонбрачното семејство го сочинуваат два вид на односи: односи меѓу самите партнери и односи меѓу родителите и децата. Двете категории на односи во брачното семејство се уредени и заштитени со закон, при што законската регулатива го уредува бракот како законска институција, додека правната регулатива во однос на вонбрачното семејство се движи од негово потполно игнорирање, преку делумно признавање на извесни права (пред се на вонбрачната мајка и нејзиното дете), до подигање на вонбрачното семејство на ниво на брачно семејство и нивно потполно изедначување. Ваквиот став произлегува од ставот на самото општество кон вонбрачниот однос. Во

современите општества најзастапена е целосна правна заштита и изедначување на вонбрачното со брачното семејство.

#### 1.3.1.2 Семејство по посвојување и семејство по сватовство

***Семејство по посвојување -*** Ова семејство се засновува по правен пат, со актот на посвојување. На тој начин се засновува семејство помеѓу детето и неговите посвоители. Овој однос како вид на семејство во едно современо општество, денес, се воспоставува поради постоење на заеднички интерес: и во интерес на децата и во интерес на посвоителите, особено кога станува збор за брачни парови без деца. Посвојувањето е во знак на идејата дека преку него се надоместува природниот родителски однос.

***Семејство по сватовство*** – Ова семејство се засновува со склучување на брак помеѓу едниот брачен другар, и роднините на другиот брачен другар. Иако сватовството не е прифатено како правна врска, моралното значење на овие односи, изразено пред се низ меѓусебното почитување има посебно значење. Со склучувањето брак, секој од брачните другари влегува во семејството на својот брачен другар. Иако современиот начин на живот го истакнува во прв план нуклеарното семејство (само родители и нивните деца), на нашите простори сеуште (некаде повеќе некаде помалку), е присутен патријалхалниот елемент во семејната организација, односно семејството по сватовство има одредено општествено значење.

#### 1.3.1.3 Семејство во потесна смисла и семејство во поширока смисла

***Семејство во потесна смисла*** или мало семејство е производ на модерното индустриско општество во кое семејната група се ограничува на родителите и нивните деца (нуклеарно семејство). Овој вид на семејство е карактеристичен и за нашето општество.

***Семејство во поширока смисла*** или големо семејство го сочинуваат покрај родителите и децата и други блиски роднини, најчесто и веќе одраснатите синови и ќерки со нивните семејства (брачните другари и деца). Овој круг на лица може да биде значително поголем, па во одредени поделби се издвојува и т.н. најшироко семејство. На нашето поднебје ваквиот вид на семејства беа карактерсистични во минатото. Денес, нивниот број значително е намален.

***Еднородителско семејство*** е семејство кого го сочинуваат само еден родител и дете. Ваквите семејства настануваат кога другиот родител е починат, исчезнат или непознат, како и кога едниот родител (обично мајката) одлучува да не се мажи и сама да биде родител со вештачко оплодување.

### 1.3.1.4 Функции на семејството

Функциите на семејството отсекогаш играле значајна улога во едно општество, со тоа што одделни од нив како фундаментални, останале непроменети, други се трансформирале следејќи го процесот на еволуција на самото семејство, додека некои од нив сосема го изгубиле своето значење, отстапувајќи им место на новосоздадените, карактеристични за современите облици на семејството.

Функции на современото семејство се: билошко - репродуктивна функција, економска функција, воспитно - образовна функција, заштитна функција, социјализаторска функција, емоционална и културна функција.

***Биолошко - репродуктивна функција*** **-** оваа функција несомнено била и останала фундаментална функција на семејството, во сите етапи на неговиот општествено - историски развиток. Таа произлегува од природниот закон за продолжување на човечкиот род.

Меѓутоа, од денешна перспектива, оваа функција претрпела извесни промени. Имено, во минатото, кога семејството располагало со земјоделски имот улогата и значењето на децата било различно од денешното време, кога семејството не се занимава со земејоделство или друга стопанска дејност. Во овие современи услови, подигањето на децата претставува сериозно оптоварување на семејниот буџет. Тоа е една од повеќето причини кои доведуваат до опаѓање на наталитетот. Токму поради релативно малиот број на деца во семејството, нив им се посветува посебно внимание. Децата стануваат центар на семејството и над нив родителите грижливо бдеат.

Карактерот на економските односи во современите семејства се една од причините кои овозможуваат склучување на бракот да биде раководено речиси исклучиво од личните симпатии и наклоноста помеѓу партнерите.

Меѓутоа треба да се има во предвид и фактот, дека во современите услови на општење меѓу половите, семејството и покрај тоа што и понатаму останува фундаментален

и најзначаен дел, сепак не е и единствен основ врз кој се реализираат овие односи. Вонсемејните односи меѓу половите претставува сфера во која исто така се реализира репродуктивната функција. Современото општество овозможува, благодарение на најновите постигнувања во науката, особено во медицината, репродуктивната функција да може да се оствари дури и надвор од општењето меѓу половите, со вештачко оплодување.

***Економска функција -*** Оваа функција се вбројува во редот на оние кои со еволуција на семејството ја доживеале својата трансформација. Менувањето на семејството од производствена во потрошувачка општествена зедница има за резултат постепено губење на значењето кое го има оваа функција, пред се поради постоењето на фактот дека една од основите карактеристики на современите семејства е непоседувањето на средства за производство, така што севкупниот доход се стекнува преку работењето надвор од семејството. За разлика од семејствата во минатото, членовите на современите семејства своите потреби ги задоволуваат преку производите што се создаваат во општествениот продукционен процес, кој се одвив и остварува надвор од семејството. Денешното современо семејство е типична потрошувачка група, односно зедница.

***Воспитно - образовна функција*** – Низ историскиот развоток на семејсвото се бележат низа обиди за намалување на заначењето на улога на смејството во воспитувањето на своите членови. Меѓутоа, и покрај сите искушенија на општествените промени, воспитната функција на семејството останува и понатаму од особено значење во фомирањето на личноста на членовите на семејството.

Во современите семејства воспитната функција е поделена помеѓу семејството и општеството, кои во тој поглед нужно се упатени на взаемна соработка. Основната задача на семејството се состои во воспитување на децата во сообразност со постојаните општествени норми, со цел за нивна што поуспешна социјализација во општествената заедница. Во современите семејства, образовната функција поминала во исклучива надлежност на општеството. Имено, образовниот систем со сите свои организациони форми (од предшколски до универзитетски) го добива централното место во овој процес при што семејството се повеќе ја губи својата некогашна образоавна функција. Поради тоа, оваа функција се повеќе ја преземаат одредени државни, односно општествени институции. Особено образовната компонента на оваа воспитно - образовна функција се „еманципира“ од семејството, стекнувајќи ги сите атрибути на општествена функција.

***Заштитна функција -*** Оваа функција се однесува на секој вид на сигурност и заштита кои ја чувствуваат и уживаат членовите на семејството, од материјална до емоционална и психолошка сигурност. Во современите семејства и оваа функција постепено исчезнува, при што грижата за семејните членови преминува на соодветни општествени институции, од здравствени (во случај на болест) до најразлични домови за сместување (од оние за деца без родители и родителска грижа, до оние за стари и изнемоштени лица), односо континуирано навлегува скоро во сите сфери на семејниот живот (економска, социјална, здравствена и слично). Посебно значење и улога добива организираната социјална заштита што се остварува низ цел спектар на општествени дејности: од создавање на посебна правна регулатива во областа на социјалното осигурување и социјалната заштита, преку пензиско осигурување, до подобрување на организацијата на геријатриските одделенија.

Меѓутоа, и покрај се, некои елементи на оваа функција на семејството како што се економската заштита, семејната солидарност, како и грижата за членовите на семејството остануваат во рамките на семејството. Поради својата нераскинлива нишка со семејството, некои елементи на оваа функција се пропишани и со закон (обврската на издржување на деца од страна на родителите и обратно, обврска за издржување на други роднини пропишана со закон, наследувањето и друго) и истите претставуваат израз на заштитната улога на семејството во денешни услови.

***Социјализаторска функција –*** Оваа функција е поврзана со останатите функции на семејството, особено со репродуктивната и заштитаната функција. Преку создавање на потомство и продолжување на човечкиот род, семејството е лулка во која најпрво се учат и развиваат меѓучовечките односи. Семејството кое претставува и пресликана копија на пошироката општествена организација и односите во неа, претставува прва средина во која се формира личноста на поединецот и она што е најважо во тој процес на формирање - неговото општествено битие. Оваа функција и во услови на современото семејство не губи од своето значење, бидејќи и при сите позитивни претпоставки на современото општество, складните односи во семејството, меѓусебното почитување и љубов се најважниот предуслов за градење на позитивни општествени вредности на секоја личност. Вака поставените факти се однесуваат на позитивната улога на семејството во остварувањето на

неговата социјализаторска функција, односно оние семејства кои успеале да создат успешна и благопријатна атмосфера за сите свои членови.

Во секојдневието се поприсутни се многубројни девијантни појави во современите општестава кои се резултат во прв план, токму на лошата семејна атмосфера, од која потекнуваат поединците - сторители на овие дела. Нарушените односи во семејството, лабилните семејни врски, конзумацијата на алхохол, дрога и други форми на зависност, постоење на проституција, сето тоа претставува милје од кое потекнуваат идните асоцијални поедници во општеството. Постоењето на општествена одговорност за сите свои членови, подразбира развивање на цел систем на најразлични институции и најразлични видови на општествена организација која има за цел да ги заштитат асоцијалните поедници од своите неодговорни постапки но и да ги заштитат другите членови на општеството од нив. На тој начин, преку најразлични форми се постигнува социјализацијата а по потреба и ресоцијализацијата на поединците. Овде треба да се прави динстинкција помеѓу институциите наменети за извршување на социјализаторската функција како дополнение односно замена за истата кога семејството не е во состојба да ја остварува, од оние институции наменети на одредена категорија на лица кои со своето однесување го прекршиле законот.

***Емоционална и културна функција -*** Во модерното семејство засновано врз демократските односи меѓу членовите се позначајно место завзема развивањаето на емоционалната и културната функција. Современото семејство растеретено од првобитните функции што постепено ги превзема општеството овозможува истото да стане место за развивање на меѓусебните чувства на љубов, приврзаност, почитување но исто така и средина во која се развиваат и остваруваат културните потреби на поединецот. Можноста за размена на стекнатите знаења и искуства во различните сфери на општествена надградба е придибивка на современото егалитарно демократско семејство, кое што на тој начин станува примарен фактор во формирањето и развивањето на интелектуалните способности на поединецот.

## 1.4 Семеен животен циклус

Секое семејство претставува уникатен систем, кој како и секој друг систем е во постојано менување. Промените на семејствата, колку и да се единствени и специфични, сепак постојат предвидливи и непредвидливи животни циклуси кои се појавуваат во секое семејство. Обликот и интензитетот на животните циклуси е она што е сепцифично за секое семејство посебно. Развојот на семејството како систем поминува низ шест развојни семејни фази:

1.***Самостојни млади - возрасни*** се карактеризираат со заминување од нивните примарни семејства и достигнување на сопствена незавосност преку прифаќање на емоционалната и финансиска одговорност за себе си.

2. ***Нова врска*** е кога започнува заедничко живеење како партнери (брачни или вонбрачни) и планирање на основање на сопствено семејство и ревоспоставување на врските со своите прирани семејства и со пријателите на новите партнери.

3. ***Семејства со мали деца*** кога се прифаќаат новите членови во семејниот систем, донесување на одлуки за начинот на одгледување на децата, и ревоспоставување на партнерските односи помеѓу партнерите и односите со другите личност надвор од семејството.

4. ***Семејство со адолесцент,*** во кое главна карактеристика е зголемување на флексибилноста на семејството во однос на овозможување на адолесцентот да се развива и да се движи надвор од семејството. Дополнително, во оваа фаза може да биде предизвик и грижата на родителите за нивнните родители кои се во поодминати години што дополнително значи и пролагодување на нивните релации.

5. ***Семејство кое ги „лансира“ децата*** и се движи понатму има за задача да ја прифати еманципацијата на своите деца и нејзиното влијание врз нивната партнерска релација, во оваа фаза е можна и загуба на родителите на партнерите.

6. ***Семејства во подоцнежен живот*** треба да ја прифатат промената на генерациските улоги, да направат соба за своите внуци, да ја одржат својата функционалност како партнери и да продолжат да се справуваат со загубите во семејството, пријателите или можеби на некој од нив (Carter and McGoldrik, 2004).

Освен со развојните очекувани фази, во семејствата можат да се случат и други настани или околности кои ќе доведат до т.н **неразвојни криза,** како што се: развод, војна, елементарна непогода, преселба, загуба на дете, загуба на работно место, сообраќајни или други несреќи и случно. Транзиција која се случува како на индивидуално така и на семејно ниво кога ќе се случи неразвојна криза, има неколку фазиа тоа се: имибилизација, минимализација на искуството, депресија, тестирање и пронаоѓање на значењето на настанот врз семејството и повторно воспоставување на хомеостаза во семејството (Herbert, 2003). Семејствата повеќе или помалку успешно ги надминуваат како развојните така и неразвојните кризи а постојат и семејства кои не успеваат да ги надминат своите кризи. Во сите семејства а особено во тие кои се распаѓаат најмногу страдаат децата.

# 2. Правна рамка за заштита на деца без родители и родителска грижа

## 2.1 Меѓународна правна рамка за заштита на деца без родители и родителска грижа

Појдовна основа за правно регулирање на категоријата деца без родители и родителска грижа на меѓународно ниво претставува *Конвенцијата за правата на детето* од 1989 година. Конвенцијата за правата на детето е составена од вкупно 54 членови со кои се дефинираат принципите, различни видови на права, како и процесот на нивна примена, контрола и влегување во сила. Правата на детето се права кои му припаѓаат само на детето, тие се неделиви права и не можат да се постават во било каква хиерархиска врска со прават кои ги имаат неговите родители, иако тие се „негови родители". Во Конвенцијата за прврата на детето има четири права кои се издигнуваат на ниво на принципи, и кои претставуваат стандард за било кој друг документ кој се занимава со заштита на децата, нивната благосостојба и унапредување на нивниот развој. Четирите основни принципи на Конвенцијата за прврата на детето се:

- Недискриминација (член 2) - сите права се однесуваат на сите деца без дискриминација;
- Најдобриот интерес на детето (член 3) - сите активности кои ќе се превземаат поврзани со детето треба да бидат во согласност со неговите најдобри интереси;
- Живот, опстанок и развој (член 6) - секое дете има неотуѓиво право на живот, а државата е должна да го обезбеди овој опстанок и развој;
- Учество (член 12) - детето има право слободно да го изрази своето мислење и правото да се земе во предвид неговото мислење во сите прашања и постапки што го засегаат.

Интерпретацијата на овие пронципи е можна на следниот начин: Правото на живот, опстанок и развој, како и принципот на недискриминација, се права без кои не би било можно да се зборува за какво било друго право. Најдобрите интереси на детето и учеството се директно поврзани со квалитетот на спроведувањето на правата на Конвенцијата, т.е. тие обезбедуваат квалитет на грижата за децата, нивната заштита, охрабрување и унапредување на нивниот развој. Сликата која постои во едно општеството за поимот дете и детство е во директна корелација со имплементацијата на овие четири принципа, односно со начинот на кој тие ќе бидат апликативни во општественото живеење со цел да се заштитат и унапредат правата на детето и да се овозможи негова благосостојба.

Во однос на категоријата деца без родители и родителска грижа, Конвенцијата за правата на детето истакнува дека дете кое привремено или трајно е лишено од семејна средина или на кое во негов најдобар интерес, не му е дозволено да остане во тој семеен круг, има право на посебна заштита и помош од државата (член 20).

Конвенцијата за правата на детето претставува најважен меѓунроден документ за детските права во светот, при што истиот е клучен обврзувачки инструмент кој ги вклучува граѓанските, политичките, економските, социјалните и културните права на децата и ја обврзува секоја држава потписничка да обезбеди исполнување и заштита на правата на децата. Република Северна Македонија е потписник на Конвенцијата за правата на детето од 1993 година (Закон за ратификација на Конвенцијата за првата на детето, Службен весник на Социјалистичка Република Југославија, бр. 150/1990 - Службен весник на Република Македонија, 1993), а во 2003 година се ратификуваа и двата факултативни

протоколи: Факултативниот протокол кон Конвенцијата за права на децата за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија (Закон за ратификација на Факултативниот протокол кон Конвенцијата за права на децата за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија, Службен весник на Република Македонија, бр. 44/2003), и Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето за вклучување на децата во вооружени судири (Закон за ратификација на Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето за вклучување на децата во вооружени судири, Службен весник на Република Македонија бр. 44/2003).

## 2.2 Национална рамка за заштита на деца без родители и родителска грижа

Во Република Северна Македонија правното определување на категоријата децата без родители и родителска грижа се одвива на повеќе нивоа, првенствено започнувајќи од Уставот на Република Северна Македонија како највисок правен акт во државата и продолжува директно преку Законот за семејство, Закон за социјална заштита и Закон за заштита на деца, заедно со подзаконските акти, и индиректно низ многу други закони во кои правно се регулурани разните аспекти од животот на детето.

- **Устав на Република Северна Македонија:** Според Уставот, Република Северна Македонија се декларира како социјална држава која се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно уставното начелото на социјална праведност (член 35). Во Уставот се потенцира и заштита која државата ја гарантира и обезбедува на семејството и на децата без родители и децата без родителска грижа како посебна категорија (член 40).

- **Закон за семејство:** Со Законот за семејство (Консолидиран текст, 2015) *се уредуваат:* бракот и семејството, односите во бракот и семејството, одредени облици на посебна заштита на семејството, посвојувањето, старателството, издржувањето, како и постапките пред судот во брачните и семејните спорови. Односите во семејството се засноваат врз рамноправност, заемно почитување, меѓусебно помагање и издржување и

заштита на интересите на децата. Односите на родителите и децата се засноваат на права и должности на родителите да се грижат за подигање, чување, воспитание и образование на своите деца и да ги развиваат нивните работни способности и навики. Правата и должностите на родителите се еднакви, без оглед дали децата се родени во брак или надвор од бракот. Републиката преку старателство обезбедува заштита на децата без родители, на децата без родителска грижа и на полнолетните лица под услови и на начин утврден со овој закон. Работите сврзани со посебната заштита и помош на семејството, дел од работите сврзани со посвојувањето, како и работите на старателството, утврдени во овој закон, ги врши центар за социјална работа со методите на стручната, советодавната и советовалишната интердисциплинарна тимска работа. За работите кои се однесуваат на посвојувањето одлучува комисија за засновање на посвојување при Министерството за труд и социјална политика. Според Законот за семејство *„дете без родителска грижа е* дете чии родители не се живи, кои се исчезнати, непознати или се со непознато живеалиште повеќе од една година и дете чии родители без оглед на причините привремено или трајно не ги извршуваат своите родителски права и должности" (Закон за семејство, Консолидиран текст, 2015, член 159).

- **Закон за социјална заштита:** Во Република Северна Македонија според Закон за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр. 104/2019), социјалната заштита во државата е концептуално дизјанирана на различен начин од претходниот Закони за социјална заштита (Службен весник на РМ бр. 79/2009), на начин што се вметнати и некои нови можности за унапредување на заштитата која државата ја обезбедува на децата без родители и родителска грижа. *Со овој закон се уредуваат* системот и организацијата на социјалната заштита, корисниците на социјалната заштита, правата на парична помош и социјалните услуги, постапките за остварување на правата и користење на услугите, вршење на дејноста на социјалната заштита, кадрите, финансирањето и надзорот над вршењето на социјалната заштита. *Социјалната заштита е дефинирана* како дејност од јавен интерес која се остварува преку, мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните, со цел:
- промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните;

- спречување на социјалната исклученост;
- подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и
- зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот (член 2).

Воспоставување на системот на социјалната заштита и го овозможување на неговото функционирање се врши од страна на државата. *Носители на социјалната заштита* покрај државата се и општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, во рамките на нивните надлежности, како и здруженија, други правни и физички лица кои се овластени даватели на социјални услуги, а во согласност со овој закон.

*Дејноста на социјалната заштита* се обезбедува преку остварување на права на парична помош од социјална заштита и обезбедување на социјални услуги и други мерки утврдени со законот.

*Социјалната заштита се остварува* и преку преземање на мерки и активности во вработувањето, стипендирањето, домувањето, заштита на семејството, заштита на децата, здравствената заштита, воспитанието и образованието и во други области согласно со закон.

Установите за социјална заштита и другите *даватели на социјални услуги* во остварување на социјалната заштита, соработуваат со установите за деца, училиштата, здравствените установи, полицијата, правосудните и другите државни органи, здруженија и други правни и физички лица.

За прв пат во Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр. 104/2019) се определува *поимник* со кој се определени изразите кои се користат во законот, при што за категоријата деца без родители или родителска грижа од особена важност се следните:

„***Социјален проблем***“ е објективен настан или ситуација предизвикан од сложени општествени настани, природни непогоди и девијантни однесувања, кој неповолно влијае врз поединецот, општествените групи или заедници на начин што им го отежнува или оневозможува социјалното функционирање и задоволувањето на човековите потреби, а чии последици не можат да се надминат без организирана општествена поддршка (Член 4).

***„Социјален ризик“*** е состојба која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјалното функционирање на поединецот, семејството и одредна група,

која може да дојде во потреба од социјална помош. Основните социјални ризици на кои е изложен поединецот во смисла на овој закон се: мајчинство, болест, старост, смрт, повреда и попреченост (Член 4 став 3).

Во Законот се определени и начелата на кои се темели социјалната заштита. Почитувањето на начелата е во директна корелација со остварувањето на правата и интересите на децата без родители и родителска грижа имајќи во предвид дека истите се активни корисници на паричните права и социјалните услуги (Закон за социјална заштита, Службен весник на РСМ бр.104/2019).

- **Закон за заштита на децата:** Со Законот за заштита на деца (Консолидиран текст, 2018) овој закон *се уредува* системот и организацијата за заштита на децата. Заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика. Заштитата на децата се остварува со обезбедување на услови и ниво на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата. Државата, како и единиците на локалната самоуправа се грижат за давање на соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата. Почитувањето на правата и најдобите интереси на децата се темели и на овој закон. Во примената на одредбите од овој закон се тргнува од принципите на заштитата на правото на живот и развој на детето, заштитата на најдобриот интерес на детето, обезбедување на минимум стандард за секое дете под еднакви услови, исклучување на каква било форма на дискриминација, почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразување, здружување и образование, услови за здрав живот и остварување на други социјални права и слободи на детето. Во обезбедувањето на заштитата на детето и неговите права утврдени со закон се вклучени: родителите, семејството, старателите на детето и згрижувачкото семејство, како и од установите за деца, образовните, социјалните, здравствените и културните институции и поединци, државни институции и институции на единиците на локалната самоуправа, организации и

други физички и правни лица чии активности се поврзани со давање поддршка и помош на децата.

# 3. Форми на заштита на децата без родители и родителска грижа

Заштита на правата и интересите на децата без родители и родителска грижа се остварува преку различни форми на заштита преку кои се остварува нивниот најдобар интерес.

## 3.1 Форми на заштита на децата без родители и родителска грижа согласно Законот за семејство

Помош и поддршка на децата без родители и родителска грижа за заштита и остварување на нивните права и интереси согласно Законот за семејство (Консолидиран текст, 2015) се остварува преку формите на заштита: старателство и посвојување.

### 3.1.1 Старателство

Преку старателство се обезбедува заштита на деца без родители и родителска грижа бидејќи тие не можат сами да се грижат за заштита на своите права и интереси. Единствена надлежна институција за вршење на работи поврзани со старателство е центарот за социјална работа, кој претставува и старателски орган. Во надлежност на центарот за социјална работа во однос на старателството, се следните ингеренции: решава за ставање на детето под старателство, за поставување или за разрешување од должноста старател, за правата и правните интереси на лицето под старателство и за престанок на старателство. Работите поврзани со старателството, центарот за социјална работа ги врши непосредно, преку старатели или други лица кои вршат работи сврзани со старателството (член 125). На лицето под старателство центарот за социјална работа му назначува старател, доколку не

одлучи должноста старател да ја врши непосредно. За старател се поставува лице кое има лични својства и способности за вршење на должноста старател, а кое претходно ќе даде согласност да биде старател. За старател првенствено се поставува близок роднина на лицето под старателството. При поставување на старател, центарот за социјална работа ги зема предвид и желбите на лицето под старателство, ако тоа е во состојба да ги изрази, како и желбите на неговите блиски роднини (член 135).

Во законот е нагласена итноста на постапка за старателство, која се поведува по службеба должност или по барање. При определување на обликот на заштитата врз лицето кое се става под старателство, центарот за социјална работа првенствено се раководи од интересите на лицето кое се става под старателство и интересите на неговото семејство, како и од материјалните можности, при што во реализацијата на заштитата соработува со соодветни организации и органи (член 129).

Обврските на старателската должност произлегуваат од заштита на правата и најдобрите интереси на детето, според тоа „Старателот на малолетно лице е должен да се грижи како родител за личноста на малолетникот, а особено за неговото здравје, воспитание, образование и оспособување за самостоен живот и работа" (член 160). Старателството над децата без родители и родителска грижа трае се до полнолетството, односно се додека траат причинните за ставање под старателство (член 163). Старателската должност јасно опредлува кои работи може да ги превзема самостојно старателот (член 142 и член 149) а за кои мерки и активности мора да побара одобрение од центарот за социјална работа (член 147, член 161 и член 162). Центарот за социјална работа донесува решение за ставање на детето без родители и родителска грижа под старателство и му назначува вршител на старателската должност. Во решението со кое органот за старателство го постапува старателот, ги определува неговите должности и обемот на неговите овластувања и му издава старателска исправа (член 140). Старателот има обврска да доставува извештај за својата работа до центарот за социјална работа еднаш годишно и секогаш кога центарот за социјална работа ќе го побара (Законот за семејство, Консолидиран текст, 2015).

### 3.1.2 Посвојување

Посвојувањето претставува правна и општествена институција со која на децата без

родители и родителска грижа има се овозможува семејно - правна заштита и создавање на посебен облик на семејсни односи, кои во зависност од видот на посвојување се идентични со природниот родителски однос, или пак се слични на него. Посвојувањето се засновува само ако е во најдобар интерес на детето без родители и родителска грижа, овозможувајќи долгорочна грижа за личност, права и интереси на детето, кога билошките родители не можат или не сакаат да ја вршат родителската улога. За работите кои се однесуваат на посвојувањето, одлучува комисија при Министерството за труд и социјална политика.

За засновување на посвојување потребно е да бидат исполнети определени законски услови, а тоа се:

- детето без родители и родителска грижа да биде запишано во регистар на можни посвоеници за што е потребна согласност за посвојување од родителите, односно старателот како и од детето ако е постаро од дванаесет години и извештај од комисијата за оцена на здравствената состојба на дете без родители и родителска грижа;
- од страна на комисијата за засновување на посвојување да биде донесено решение за сместување на детето во семејството на посвоителите за период кој не може да е пократок од два месеци ни подолг од шест месеци;
- комисијата за засновуавње на посвојување донесува решение за засновуавње на посвојување по истекот на периодот за сместување на детето, а по извештај за сместување на детето и предлог на центарот за социјална работа детето без родители и родителска грижа да биде посвоено од конкретни посвоители.

Со цел остварување на најдобриот интерес на децата без родители и родителска грижа, Законот за семејство (Консолидиран текст, 2015) предвидува одредени услови кога не е потребна согласност од родителот за посвојување на детето, и тоа:

- Кога на родителот му е одземено вршењето на родителското право;
- Кога на родителот девет месеци не му се знае престојувалиштето;
- Кога родителот не појавил интерес за детето девет месеци е сместео во институција или друго семејство и
- Кога лицето кое мајката го посочила како родител на детето родено надвор од брак во рок од три месеци по раѓањето на детето не покренал постапка за признавање на детето или за утврдување на татковство во однос на детето.

## 3.2 Форми на заштита на децата без родители и родителска грижа согласно Законот за социјална заштита

Согласно Закон за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр.104/2019), формите на заштита на децата без родители и родителска грижа се дел од социјалните услуги:

- **услуги на информирање и упатување** - социјални услуги кои опфаќаат информирање за правата од социјална заштита и расположливите социјални услуги, првична проценка и упатување до други институции, а со цел остварување непречен пристап до правата и услугите;
- **услуги на стручна помош и поддршка** - опфаќаат помош и поддршка за надминување на индивидуални и семејни проблеми преку проценка, планирање, интервенции за заштита и евалуација, како и следење на состојбата по завршување на интервенциите, со цел зајакнување на корисниците, промоција на нивниот непречен развој, обезбедување и одржување на добросостојбата оспособување за самостојно надминување на социјалните проблеми. Овие услуги можат да ги користат поедници и семејства;
- **услуги на советување** - опфаќаат советодавна односно советувалишна работа, со цел превенирање, ублажување и надминување на последиците од настанатите социјални проблеми на поединец и семејство;
- **услуги во домот** – опфаќаат обезбедување на ускуги за помош и нега во домот на лице со привремено или трајно намален функционален капацитет, со цел овозможување на лицето да продолжи да живее во сопствениот дом и превенција на потребата од вонсемејна заштита. Услуги во домот се: помош и нега во домот и лична асистенција;
- **услуги во заедницата -** опфаќаат услуги на дневен, привремен престој, ресоцијализација, рехабилитација, реинтеграција на корисници, одмена на семејна грижа и куќа на пола пат, заради превенција, згрижување и заштита, а со цел овозможување на поединецот да продолжи да живее во сопствениот дом, односно заедницата и превенција на потребата од вонсемејна заштита. Услуги во заедницата се:

- *услуги на дневен престој* (услуги за рехабилитација и реинтеграција и услуги за ресоцијализација);
- *услуги на привремен престој* (услуги за одмена на семејна грижа и куќа на пола пат).

Од значење за децата без родители и родителска грижа се следните услуги во заедницата:

***- услуги на дневен престој*** - опфаќа дневно згрижување, индивидуални активности за стекнување животни и работни вештини, социјални, културни и рекреативни активности, едукација, социјална поддршка на лицата и нивните семејства и други сродни активности;

- ***услуги на привремен престој*** - обезбедува заштита и стручна помош на лица кои се наоѓаат во кризна состојба заради надминување на состојбата и нивна социјална интеграција;

- ***куќа на пола пат*** - обезбедува помош, поддршка и подготовка за самостојно живеење на лица кои претходно биле под вонсемејна заштита, немаат свој дом или услови за живот во својот дом, заради нивна реинтеграција во општеството.

➢ **услуги за вон - семејна заштита** - опфаќаат услуги со кои се обезбедува основна заштита која вклучува: сместување, помош и поддршка од стручни лица, згрижување, исхрана, облека, здравствена заштита, и други услуги во зависност од видот на корисниците, кои немаат услови за живеење во своето семејство или од други причини им е потребна вон - семејна заштита. Услуги на вон - семејна заштита се:

- *живеење со поддршка;*
- *згрижување во друго семејство и*
- *сместување во установа.*

Со услугите за вон - семејна зштита се опфатени најголем број од децата без родители и родителска грижа, затоа тие ќе бидат подетално објаснети.

### 3.2.1 Живеење со поддршка

Една од формите на вон - семејна услуга е живеењето со поддршка, со која се овозможува живеење во посебна станбена единица каде на сместените лица им се овозможува помош од стручни или други лица во остварувањето на основните и инструменталните активности во секојдневниот живот. Помошта и поддршката може да биде повремена, дневна или 24 часовна помош и поддршка, во зависност од потребите на корисникот и во една станбена единица за живеење со поддршка може да се сместат најмногу до пет лица, односно седум деца без родители или родителска грижа.

### 3.2.2 Згрижување во семејство

Згрижувањето во семејство, како форма на вон - семејна услуга, овозможува основна заштита и 24 часовна грижа на децата кои немаат свое семејство, немаат услови за живеење во своето семејство или од други причини им е потребна вон - семејна заштита. Згрижувањето во семејство опфаќа: сместување, помош и поддршка од стручни лица, згрижување, исхрана, облека, здравствена заштита, и други услуги согласно потребите на децата без родители и родителска грижа. Законот за социјална заштита определува општо, специјализирано, интервентно, привремено и роднинско згрижување.

Концептот згрижувачко семејство во правната регулатива за прв пат се споменува во 1997 година како „друго семејство“ (Службен весник на РМ бр.15/1997), а терминот згрижувачко семејство започнува да се примеува од 2004 година (Службен весник на РМ бр.65/2004). На подзаконско ниво преку правилник, згрижувачкото семејство за прв пат е прецизирано во 2006 година (Службен весник на РМ бр.63/2006). Новата правна рамка за згрижувачкото семејство се темели на Закон за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр.104/2019) и подзаконските акти кои произлегоа со неговото донесување (Правилникот за поблиските критериуми за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и стандардите за давање на услугата според видот на згрижувањето, Службен весник на РСМ бр. 268/2019, Методологија за формирање на цените на услугите во зависнот од стандардите и нормативите за давање на социјалната услуга, Службен весник на РСМ бр. 264/2019, Одлука за утврдување на цените на социјалните услуги во домот и услугите за вон - семејна заштита за 2020 година на МТСП бр. 10-9802/1 од 25.12.2019 година, Одлука

за изменување на одлуката за утврдување на цените на социјалните услуги во домот и услугите за вон - семејна заштита за 2020 година на МТСП бр. 10-1319/1 од 04.02.2020 година).

Најзначајни промени во новиот Закон за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр.104/2019) во делот на згрижувачки семејства е воведување на нов вид на згрижување - роднинското згрижување (член 93), додека во делот на згрижувачи најзначајни се следните промени: нема возрасно ограничување за вршење на згрижувачката функција и образованието не е повеќе критериум за некое лице да биде згрижувач (член 122). Постои значајна промена и за остварување на правото на траен надоместок за згрижувач (претходно парична помош за згрижувач), каде е зголемен периодот на згрижување на лице или дете во згрижувачко семејство од 5 години на 15 години (член 59). Во Законот се воведува и нов вршител на дејноста на социјална заштита кој е од големо значење за згрижувачките семејства, а тоа е центар за поддршка на згрижувачките семејства (член 111). Од особена важност се промените кои се направени во Правилникот за поблиските критериуми за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и стандардите за давање на услугата според видот на згрижувањето, каде по прв пат се воведуваат стандарди за давање на услугата згрижување.

### 3.2.3 Сместувањето во установа

Сместувањето во установа претставува една од формите на вон - семејна заштита на децата без родители и родителска грижа. Согласно член 94 „Сместувањето во установа опфаќа основна заштита која обезбедува: згрижување, 24 - часовна помош и поддршка од стручни лица, исхрана, облека и обезбедување здравствена заштита, во зависност од утврдените потреби на корисникот, кој нема услови за живеење во своето семејство или од други причини му е потребна вон - семејна заштита“ (Закон за социјална заштита, Службен весник на РСМ бр.104/2019). Установата за сместување на деца без родители и родителска грижа, обезбедува основна заштита за најмногу 10 лица и обезбедува пристап до образование, стекнување на животни вештини, работно оспособување и професионална рехабилитација, социјални, културни и рекреативни активности, во зависност од потребите

и инетерсите на децата. Сместувањето во установа опфаќа и сместување во групни домови за деца без родители родителска грижа и може да биде: инетрвентно и привремено.

***Интервентно сместување*** обезбедува заштита во кризна состојба, а најдолго до 30 дена.

***Привремено сместување*** се обезбедува за дете, за кое во моментот кога е настаната потребата не може да му се обезбеди сместување во згрижувачко семејство. Привременото сместување може да трае до обезбедување на сместување во згрижувачко семејство, друга форма на заштита или враќање во сопственото семејство, а најдолго до шест месеци. Во случај кога на детето му е потребен стручен третман или здравствена услуга, може да трае до една година.

Освен во социјални установи, децата без родители и родителска грижа, можат да бидат сместени и во ***ученички дом или друга установа***, доколку тоа е во најдобар интерес на детето да го продолжи задолжителното образование. Сместувањето може да трае до оспособувањето за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршувањето на средното образование, ако не постојат можности згрижувањето и воспитанието да се обезбеди на друг начин.

Установи од социјална заштита во кои се сместуваат на деца без родители и родителска грижа и деца без родителска грижа:

- ЈУ Детски дом „11 Октомври“ Скопје;
- ЈУ Дом за доенчиња и мали деца - Битола;
- ЈУ за згрижуавње на деца со воспитно - социјални проблеми и нарушено поведени – Скопје;
- ЈУ завод за рехалибитација на деца и младинци - Скопје;
- ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско - Струмица;
- ЈУ Специјанен завод - Демир Капија;
- Групен дом во состав на ЈУ Меѓуопштински центар за социјана работа Берово и
- Групен дом во состав на ЈУ Меѓуопштински центар за социјана работа Штип.

### 3.2.4 Здружение како давател на социјални услуги

Здружение кое е вршител на дејност од социјална заштита и дава социјални услуги на деца без родители и родителска грижа согласно Законот за социјална заштита (Службен

весник на РСМ бр.104/2019) е здружение на граѓани СОС – Детско село Македонија. Оваа здружение е активен чинител во остварувањето на социјалната заштита на децата без родители и родителска грижа во Република Северна Македонија од 2001 година и ги нуди следните услуги:

- поддршка на згрижувачките семејства и развојот на децата;

- поддршка на грижата на младите, преку сместување на деца без родители и родителска грижа во четири стамбени единици и

- програма за полу - независно живеење.

# 4. Парични и други права за децата без родители и родителска грижа и лицата кои до 18 години имале статус на деца без родители и родителска грижа

Преку директна помош, во форма на парични надоместоци, за задоволување на развојните потреби на децата без родители и родителска грижа, се овозможуваат подобри услови за нивен раст и развој и стимулација на развојниот потенцијал. Оваа специфична социјално ранлива група, и по полнолетство, односно по навршени 18 години, добива помош и поддршка за подобра адаптација во општеството, независност и полесно користење на ресурсите на заедницата, а до навршени 26 годишна возраст (Закон за заштита на деца, Консолидиран текст, 2018, Закон за измени и дополнување на Законот за заштита на деца, Службен весник на РСМ бр.104/2019, бр.146/19, бр.275/2019; Законот за социјална заштита, Службен весник на РСМ бр. 104/2019; Правилник за поблиски услови и начинот на остварување на правата за заштита на децата, како и утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинство и семејство за правата детски додаток, родителски додаток за дете и додаток за образование, Службен весник на РСМ бр.109/2019, Правилник за формата, содржината на обрасците на барањата и потребната документација за остварување на правата за заштита на децата, Службен весник на РСМ бр.109/2019; Правилник за начинот на остварување на правото на додаток за домување за

лице кое до 18 - годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, односно и по престанок на старателството, а најмногу до 26 годишна возраст, образецот на барањето и потребната документација Службен весник на РСМ бр. 109/2019; Правилник за начинот на остварување на правото на еднократна парична помош, образецот на барањето и потребната документација за остварување на ова право Службен весник на РСМ бр. 109/2019).

## 4.1. Парични и други права за децата без родители и родителска грижа

Помош за поддршка на растот и развојот на децата без родители и родителска грижа и нивното образованието, согласно Закон за заштита на деца (Консолидиран текст, 2018, Закон за измени и дополнување на Законот за заштита на деца, Службен весник на РСМ бр.104/2019, бр.146/2019, бр.275/2019) се овозожува преку користење на паричните права: детски додаток, посебен додаток и додаток за образование.

Децата без родители и родителска грижа имаат право на користење на семејна пензија, ако родителот е починат, под услови утврдени со Закон за пензиско и инвалиско осигурување (Консолидиран текст, 2016).

### 4.1.1 Детски додаток

Детски додаток е паричен надоместок за покривање на дел од трошоците во подигање и развој на детето. Право на детски додаток може да оствари старателот или згрижувач на дете без родители и родителска грижа, доколку со решение на надлежниот центар за социјална работа детето му е доверено на чување и воспитание. Висината на детскиот додаток зависи од возраста и бројот на децата во семејството и изнесува од 1 000 денари до 1 900 денари месечно.

### 4.1.2 Посебен додаток

Посебен додаток се обезбедува за дете без родители и родителска грижа со специфични потреби кое има пречки во телесниот или во интелектуалниот развој, или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот. Право на посебен додаток има

старател на дете без родители и без родителска грижа кое не е сместено во установа за вон семејна социјална заштита и згрижувач кој во своето семејство згрижува дете без родители и родителска грижа врз основа на договор меѓу центарот и згрижувачот. Висината на посебниот додаток за 2019 година изнесува 5.096 (пет илјади и девдесет и шест) денари.

### 4.1.3 Додаток за образование

Додаток за образование се обезбедува заради покривање на дел од трошоците на домаќинството поврзани со образованието на децата. Право на детски додаток има старател на дете без родители и без родителска грижа кое не е сместено во установа за вон семејна социјална заштита и згрижувач кој во своето семејство згрижува дете без родители и родителска грижа врз основа на договор меѓу центарот и згрижувачот. Право на додаток за образование се остварува за дете кое е на редовно школување во основно или средно образование. Правото на додоток за образование се користи доколу детето присуствува на најмалку 85% од вкупниот број на реализирани наставни часови, а висината е во зависност од видот на образвоавние. Годишниот износ на додатокот за основно образование во учебна година по дете изнесува 8.400 (осум илјади и четиристотини) денари, (700 денари месечно), а за средно образование во учебна година по дете изнесува 12.000 (дванаесет илјади) денари (1000 денари месечно).

### 4.1.4 Право на семејна пензија

Дете без родители и родителска грижа има право на семејна пензија (Закон за пензиско и инвалиско осигурување, Консолидиран текст, 2016), ако родител е починат, а во следните случаи:

- доколку родителот бил корисник на старосна или инвалидска пензија;
- доколку родителот имал најмалку пет години стаж на осигурување или најмалку 10 години пензиски стаж и
- доколку смртта на родителот настанала како последица од повреда на работа или од професионална болест.

Правото на семејна пензија детето може да го користи до:

- до наполенти 15 години, а ако е на редовно школување до навршени 26 години и

- ако пред смртта на родителот кој го издржувал било неспособно за работа или таквата неспособност настанала во рок од една година од денот на смртта на родителот.

## 4.2 Парични права за лицата кои до 18 години имале статус на деца без родители и родителска грижа

Лицата кои до 18 годишна возраст имале статус на деца без родители и без родителска грижа, според Закон за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр. 104/2019) можат да ги користат следните парични права: додаток за домување и еднократна парична помош. Со Закон за заштита на деца (Консолидиран текст, 2018, Закон за измени и дополнување на Законот за заштита на деца, Службен весник на РСМ бр.104/2019, бр.146/2019, бр.275/2019) е предвидено остварување на правото на додаток за домување.

### 4.2.1 Додаток за домување

Додаток за домуавње се обезбедува на материјално необезбедени и станбено необезбедени лица, односно лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26 годишна возраст. Правото на додаток за домување се остварува на начин што ќе овозможи: закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел, санација, адаптација и реконструкција на сопствен недвижен имот и надомест на трошоци за сместување во студентски дом под услови и критериуми предвидени со закон и поздраконските акти.

### 4.2.2 Интервентна еднократна парична помош

Интервентна еднократна парична помош е наменета за лице кое до 18 - годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, односно по престанување на старателството и по напуштање на установата или згрижувачкото семејство, а најмногу до 26 - годишна возраст, а со цел неговор вклучување во социјалната средина. Висината на правото изнесува 180 000 денари.

### 4.2.3 Додаток за образование

Додаток за образовение пропишува дека лица кои до 18 годишна возраст имале статус на деца без родители и родителска грижа можат да остварат право на детски додаток доколку:

- лицето е редовен ученик во средно училиште. Висината на додатокот за образование изнесува 1.600 денари месечно доколку лицето користи гарантирана минимална помош, односно 5.600 денари месечно доколку лицето не користи гарантирана минимална помош и ако лицето нема приходи и имот од кој може да се издржува;
- лицето е редовен студент на некој од јавните високообразовни универзитети во Република Северна Македонија, за секоја редовна студиска година, најдоцна до 26 годишна возраст. Висината на додаток за образование изнесува 12.000 денари месечно ако лицето користи социјален стан под закуп, односно 24.000 денари месечно ако лицето не користи социјален стан под закуп;
- лицето е запишано на втор циклус магистерски студии за времетраењето на магистерските студии на јавните високообразовни установи во Република Северна Македонија, но најмногу до три години од денот на запишувањето. Висината на додаток за образование изнесува 12.000 денари месечно ако лицето користи социјален стан под закуп, односно 24.000 денари месечно ако лицето не користи социјален стан под закуп;
- лицето е запишано на трет циклус докторски студии за времетраењето на докторските студии на јавните високообразовни установи во Република Северна Македонија, но најмногу до шест години од денот на запишувањето. Висината на додаток за образование изнесува 12.000 денари месечно ако лицето користи социјален стан под закуп, односно 24.000 денари месечно ако лицето не користи социјален стан под закуп.

# 5. Поим за згрижувачко семејство

Секогаш кога биолошкото семејство не ја извршува својата функција од аспект на почитување на личноста и правата на детето и не овозможува услови за правилен раст и

развој на детето во стабилна и безбедна околина и опкружуавње потреба е соодветна помош и поддршка пред се на детето а одтаму и на семејството. Низа истражувања, меѓународни документи и национални законски прописи низ годнините го акцентираат згрижувачкото семејство како најсоодветна форма на заштита и сместување на децата без родители и родителска грижа, секогаш кога не во најдобар интерес на детето да се врати во билошкото семејство или да биде посвоено. Иако сместувањето секогаш е поради несодветни услови за раст и развој на детето во неговото биолошкото семејство, или отсуство на семејство, преку сместување во згрижувачко семејство на детето на директен начин му се помага да ги оствари своите права и својот најдобар интерес - обезбедување средина за развој најблиска до семејната, која е стимулативна за развој на неговите потенцијали. Згрижувачкото семејство треба да го овозможи следното:

- Привремена итна грижа за детето;
- Време за родителот да разреши проблеми (на пр. болест, зависност, домување);
- Грижа за детето додека е потребена негова социјална заштита;
- Грижа за детето додека не се посвои;
- Сместување и заштита на детето (во случај на злоупотреба, занемарување и запуштање на детето).

## 5.1 Историја на згрижувачкото семејство

За да може подобро да се разбере згрижувањето денес, потребно е да се навратиме на корените на системот на згрижување. Најприродна и очекувана положба на децата е покрај своите родители, во семејството. Секогаш кога родителите не можеле да се грижат за децата тоа станувало општествен проблем. Покрај родителите, другите членови на поширокото семејство (тетки, чичковци, баби, дедовци, итн) најчесто ја воделе грижата за овие деца. Но кога и тоа не било можно, тогаш интервенирало општеството. Согласно различните фази на развој на општеството во секоја државата, така и мерките и активностите кои се превземале за заштита на децата без родители и родителска грижа биле различни. Сместувањето во згрижувачко семејство во Република Северна Македонија постои уште од 1961 година. Бројот на згрижувачки семејства постојано расте, но не само

бројот туку и мрежата постепено се шири. Првите згрижувачките семејства биле концентрирани само во Скопје. Во Куманово првото згрижувачко семејство во центарот за социјална работа е евидентирано во 2005 година.

Во промовирање, унапредување и подигнување на капацитетите на згрижувачките семејства и воопшто формата на згрижување, но и унапредување на стручната работа на социјалните служби и стручните работници, своја улога имаат и Заводот за социјални дејности (Стандарди и процедури за постапување на центрот за социјална работа на проблематиката сместување во згрижувачко семејство, 2011, Програма за процена на згрижувачко семејство, 2013) и СОС Детско село Скопје (PRIDE програма за поддршка на згрижувачките семејства и развој на деца). Оваа поддршка, заедно со закоската регулатива, претставува основа за стручната работа на надлежните социјални служби од една страна, но и рамка за давање на квалитет на услугата од страна на згрижувачките семејства.

## 5.2 Определување на поимот згрижувачко семејство

Згрижувањето во друго семејство како вон - семејна социјална услуга и згрижувачките семејства како едни од вршителите на дејноста на социјална заштита, заеднички овозможуваат живеење на децата без родители родителска грижа во средина најблиска до семејната и предуслови за нивен комплетен раст и развој. Живеењето во згрижувачко семејство подетално опфаќа:

- Кој има право на сместување во згрижувачко семејство;
- Видот и бројот на корисници кои се сместуваат во згрижувачко семејство;
- Видовите на згрижувања во семејство;
- Критериумите за избор на згрижувачко семејство;
- Стандарди за давање услуга сместување во згрижувачко семејство според видот на згрижување;
- Што добива згрижувачкото семејство.

### 5.2.1 Право на сместување во згрижувачко семејство

Согласно Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр.104/2019) во згрижувачко семејство можат да бидат сместени:

- дете без рдители и родителска грижа;
- дете жртва на семејно насилство;
- дете во ризик;
- дете во судир со законот;
- дете или лица со попреченост и
- стари лица.

### 5.2.2 Видот и бројот на корисници кои можат да се сместат во згрижувачко семејство

Видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство, зависи од индивидуалните потреби на корисникот, неговата возраст и потребите за згрижување, условите и можностите за грижа во згрижувачкото семејство.

Во едно згрижувачко семејство може да бидат згрижени најмногу:

- пет деца без родители или родителска грижа;
- едно дете во ризик;
- едно дете во судир со законот;
- едно дете жртва на семејно насилство;
- две деца или лица со попреченост или
- три стари лица.

Со подзаконски акт (Правилникот за поблиските критериуми за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и стандардите за давање на услугата според видот на згрижувањето, Службен весник на РСМ бр.268/2019), е пропишано дека во едно семејство можат да бидат сместени најмногу до пет лица од категориите: дете во ризик, дете во судир со законот, дете жртва на семејно насилство и деца или лица со попреченост, ако истите се браќа и сестри.

### 5.2.3 Видовите на згрижувања во семејство

Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр.104/2019) определува општо, специјализирано, интервентно, привремено и роднинско згрижување. Според подзаконскиот акт (Правилникот за поблиските критериуми за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и стандардите за давање на услугата според видот на згрижувањето, Службен весник на РСМ бр. 268/2019), како цел на згрижувањето во семејство е определено основна заштита и 24 - часовна грижа за сместените лица кои немаат свое семејство или немаат услови за живот во сопственото семејство.

- ***Општо згрижување*** обезбедува задоволување на секојдневните потреби, грижа за личноста, воспитанието, образованието, развојот, здравствената состојба, во зависност од секојдневните потреби на сместеното лице.
- ***Специјализирано згрижување*** ги обезбедува активностите на општо згрижување на сместените лицата и нивна поддршка до надминување на социјалните проблеми поради кои истите имаат потреба од згрижуавње во семејство. Специјализираното згрижувачко семејство треба да има поминато специјализирана обука за згрижување.
- ***Повремено згрижувачко семејство*** обезбедува згрижување на дете или возрасно лице згрижено во друго згрижувачко семејство, како и за дете или возрасно лице со попреченост кое живее со родител/старател заради одмор, терапија, лекување и завршување на домашни, семејни и професионални обврски на згрижувачот, односно родителот/старателот. По престанокот на потребата од привремено згрижување, згрижувачкото семејство, односно родителот/старателот, ја продолжува грижата за детето или лицето.
- ***Интервентно згрижување*** претставува краткорочно згрижување во семејство на лица за кои е неопходна итна заштита, до изнаоѓање на соодветни облици на заштита, а најдолго до 30 дена.
- ***Роднинско згрижување*** е згрижување на дете без родители и без родителска грижа, во семејство на неговите баба, дедо, брат, сестра, вујко, чичко или тетка.

### 5.2.4 Критериумите за избор на згрижувачко семејство

Фазите за избор на згрижувачко семејство: подготовката, проценката и обуката на згрижувачкото семејство треба да се спроведува од страна на центарот за поддршка на згрижувачки семејства. Центар за поддршка на згрижувачки семејства како вршител на дејноста на социјална заштита, ќе врши промоција на услугата згрижување во семејство, подготовка, проценка и обука на идни згрижувачки семејства според програма одобрена од Заводот за социјални дејности, следење и поддршка на постојните згрижувачки семејства. До формирање на овој центар за поддршка на згрижувачки семејства, овие активностите останува да ги врши надлежен центар за социјална работа врз основа на Програмата за процена на згрижувачко семејство изготвена од Заводот за социјални дејности (Програма за процена на згрижувачко семејство, 2013).

Процесот на проценка на згрижувачкото семејство започува по доставување на барање до надлежен центар за социјална работа со потребната документација од страна на згрижувачот. Документи кои треба да ги достави потенцијалниот згрижувач се:

- Барање;
- Извод на родени;
- Извод на венчани;
- Државјанство;
- Потврда од матичен лекар за општа здравствената состојба на сите членови во семејството кои живеат во заедничко домаќинство;
- Документ со кој се потврдува дека не му е одземено или ограничено родителското право;
- Документ со кој се потврдува дека не му е одземена деловната способност;
- Документ за вкупни месечни примања на целото семејство остварени по сите основи последните три месеци пред поднесување на барањето;
- Документ за станбено - материјалната состојба на семејството;
- Потврда за неосудуваност и за сите полнолетни членови на семејството, а за малолетните потврда од надлежниот центар за социјална работа, дали децата се евидентирани како деца во ризик или деца сторители на кривични дела и прекршоци.

Во овој временски период се реализира стручна работа со потенцијалните згрижувачи и другите членови од семејството и заедницата. Во првичните контакти и средби заинтересраните згрижувачи, од страна на правникот како член на стручниот тим треба да се запознаат со законската постапка, правата и обврските кои ги има згрижувачкото семејство.

Врз основа на резултатите од процената и нивна анализа стручните работници изготвуваат наод и мислење на стручен работник и на стручен тим и згрижувачите се евидентираат како потенцијално згрижувачко семејство.

Процената на згрижувачите треба да се реализира со интердисциплинарна тимска работа на следните стручни работници: социјален работник, педагог, психолог и правник. Во процената се применуваат повеќе методи и техники на работа (увид во приложената документација, интервју, набљудување, увид во домот на потенцијалните згрижувачи, скали на процена на одредени статуси, лист на проценка и сл).

Стручниот тим од центарот за социјална работа врши проценка на потенцијалното згрижувачкото семејство согласно следните критериумите:

- возраст;
- здравствена состојба;
- подобност;
- материјални услови;
- станбени услови и
- обука на згрижувачите.

#### 5.2.4.1 Возраст

Возраста на потенцијалните згрижувачи се утврдува врз основа на датумот на раѓање, како есенцијален елемент од аспект на возраста на корисникот кој би можел да се згрижи. Згрижувач може да биде само лице кое е полнолетно. Разликата во возраста меѓу згрижувачот и сместеното лице треба да е најмалку 18 и најмногу 50 години. По исклучок, определената разлика во возраста меѓу згрижувачот и сместеното лице не се однесува доколку детето е сместено во роднинско згрижувачко семејство или доколку тоа е во интерес на детето, односно возрасното лице.

5.2.4.2 Здравствена состојба

При изборот на згрижувачко семејство се проценува и општата здравствена состојба на потенцилајниот згрижувач и останатите членови кои живеат во домаќинството. Здравствената состојба се утврдува согласно издадената потврда од матичен лекар. Преку увид во документи кои ги доставил потенцијалниот згрижувач за себе и другите членови од неговото домаќинство издадени од соодветна здравствена установа се проценува и исклучува можното постоење на одредени заболувања (тешко хронично заболување, неизлечива заразна болест, телесна попреченост, зависник од дрога и други психотропни супстанци или злоупотреба на алкохол), кои можат да имаат влијание врз грижа за сместеното лице и задоволување на неговите потреби.

3.2.4.3 Материјални услови

Згрижувач може да биде лице чии приходи заедно со приходите од сите членови од семејството, остварени по сите основи во последните три месеци пред поднесување на барањето, се поголеми од правото на гарантиран минимален приход. Соодветните материјални услови обезбедуваат оптимални услови за нормален раст и развој на детето.

3.2.4.4 Стамбени услови

При изборот на згрижувачко семејство се зема во предвид и станбените услови на семејството. Во Правилникот (Правилникот за поблиските критериуми за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и стандардите за давање на услугата според видот на згрижувањето, Службен весник на РСМ бр. 268/2019), проценката на стамбените услови е поставена на ниво на стандард во однос на просторот и опремата во згрижувачкото семејство. Овој стандард пропишува дека станбениот простор на сместеното лице треба да овозможи заеднички живот со лицето како со рамноправен член на згрижувачкото семејство. Станбениот простор на згрижувачкото семејство треба да се наоѓа во населено место или во негова близина, со приклучок на електрична и телефонска инсталација, водоводна и канализациона мрежа. Структурата и површината на станбениот простор треба да ги задоволи потребите на сите членови на семејството и треба да има: соба за дневен престој, простор за спиење, бања, кујна и трпезарија.

Преку овој стандард се пропишува големината и содржината на просторот за лицето во згрижувачко семејство на следниот начин:

1) да има посебна просторија или да сподели просторија со друго згрижено лице, која има најмалку 5 м2 површина по лице;

2) да има посебен кревет за лице, во согласност со возраста и потребите на лицето

3) да има грејни тела;

4) за лице со попреченост да е прилагоден на неговите потреби во однос на пристапот, креветите, опремата, потрошен материјал и друго;

5) да биде опремен во согласност со неговата возраст, специфични потреби и интереси на лицето, со негово активно учество во опремувањето.

Проценката на стамбени услови се врши преку податоците за комфорноста на станот, опременоста на домаќинството, хигиената на просторот, местоположбата на станот во локалното опкружување - достапност до градинка, училиште, здравствени институции и др., коишто се доведуваат во корелација со потреби на сместеното лице и другите членови на семејството.

3.2.4.5 Подобност на потенцијалното згрижувачко семејство

Подобноста како критериум за избор на згрижувачко семејство во Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104/2019) и Правилникот за поблиските критериуми за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и стандардите за давање на услугата според видот на згрижувањето (Службен весник на РСМ бр. 268/2019), е предвидено да ја проценува центарот за поддршка на згрижувачки семејства кој за тоа доставува извештај до надлежниот центар за социјална работа. Во отсуство на истиот и на нова стручна докуметација за проценка на подобноста, се користи проценка на моралната подобноста согласно Програмата за проценка на згрижувачко семејство од Завод за социјални дејности (Програма за процена на згрижувачко семејство, 2013).

Проценка на моралната подобноста опфаќа неколку сегменти на проценка кои се согледуваат на ниво на поединец, партнерска релација и други членови кои живеат во семејството, домаќинството:

- подготвеност за згрижување, мотивите за згрижување, ставовите по однос на згрижувањето;
- структура на личноста во поглед на личните ставови, способности, интереси и емоциии;
- квалитетот на партнерските односи во поглед на меѓусебната комуникација;
- квалитетот на извршување на родителското право кон сопствените деца;
- квалитетот на релациите со поширокото семејство и пошироката работна,воспитна и животна средина;
- начинот на живеење и активности во слободното време.

Овозможување на благосостојба на лицето сместено во згрижувачко семејство е доста комплексен процес, кој бара холистички пристап за надминување на предизвици на згрижување во семејство. Поради тоа и подобноста на згрижувачите се проценува од повеќе аспекти и согласно повеќе критеруми, програми и активности на стручниот тим од центар за социјална работа. Проценката е согласно Правилникот за поблиските критериуми за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и стандардите за давање на услугата според видот на згрижувањето е предвидено да ја проценува центарот за поддршка на згрижувачки семејства кој за тоа доставува извештај до надлежниот центар за социјална работа, Програмата за проценка на згрижувачкото семејство и обуката која задолжително треба да ја помине секое згрижувачко семејство.

3.2.4.6 Обука на згрижувачите

Сите потенцилајни згрижувачки семејства задолжително мора да поминат обука според видот на згрижување кое бараат да го обезбедуваат. Обуката ја спроведува центарот за поддршка на згрижувачки семејства, односно во овој период сеуште надлежен центар за социјална работа. Специјализираната обука ја реализира заводот за социјални дејности.

### 5.2.5 Стандарди за давање на услугата згрижувачко семејство според видот на згрижувањето

Во 2014 година за прв пат се воведуваат стандарди и процедури за постапување на центрот за социјална работа на проблематиката сместување во згрижувачко семејство од

страна на Завод за социјални дејности. Со новата правна рамка (Закон за социјална заштита, Службен весник на РСМ бр.104/2019, Правилникот за поблиските критериуми за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и стандардите за давање на услугата според видот на згрижувањето, Службен весник на РСМ бр. 268/2019) целиот концепт на згрижување во семејство подетално се прецизира и се поставува на ниво на 7 задожителни стадарди во кои се пропишани правата и обврските на сите актери во процесот на згрижување - згрижувачко семејство, центар за социјална работа, центар за поддршка на згрижувачки семејства, со цел остварување на целите на згрижуавњето во семејство на лицето во социјален ризик.

5.2.5.1 Стандард за давање на услугата згрижување

Стандардот за давање на услугата згрижување пропишува дека оваа мерката на заштита - сместувањето во згрижувачко семејство се спроведува кога тоа е во најдобар интерес на лицето и во согласност со неговите потреби за безбедна средина, емоционален и социјален развој, здравствена заштита, воспитание и образование, придонесува за надминување на пречките во развојот на лицето и обезбедува континуитет на односите со семејството на потекло и други лица важни за лицето.

Остварување на најдобриот интерес на лицето сместено во згрижувачко семејство, се согледува преку примена на следниве стандарди:

1) изборот на згрижувачко семејство се прави во согласност со желбите и ставовите на лицето и во согласност со неговата возраст и можноста да го изрази своето мислење;

2) изборот на згрижувачко семејство се прави од кругот на роднините или од згрижувачки семејства;

3) изборот на згрижувачко семејство се прави првенствено во средината на потеклото на лицето;

4) браќа и сестри се сместуваат во исто згрижувачко семејство доколку постои можност за тоа;

5) лицето кое се згрижува се подготвува за сместување во згрижувачко семејство, враќање во биолошко семејство, промена на обликот на заштита и социјална интеграција или осамостојување;

6) развојот на лицето во згрижувачкото семејство се следи континуирано преку увид во згрижувачко семејство, најмалку еднаш квартално, а поинтензивно за време на периодот на прилагодување на лицето во згрижувачко семејство;
7) за лицето кое се згрижува, центарот за поддршка на згрижувачки семејства, изработува план за поддршка на корисникот и мерки за заштита на корисникот во згрижувачко семејство, чие спроведување се проверува двапати годишно;
8) на лицето и на згрижувачкото семејство им се обезбедуваат различни видови поддршка во согласност со нивните потреби;
9) проверка на подобноста на згрижувачкото семејство се спроведува еднаш годишно, а во кризни ситуации веднаш по промената што предизвика криза;
10) подготовката, проценката и обуката на згрижувачкото семејство се врши во согласност со програма одобрена од Заводот за социјални дејности;
11) континуирани обуки за згрижувачките семејства, се спроведуваат во траење од најмалку 10 часа годишно, со цел зајакнување на компетенциите за згрижување;
12) континуирани обуки се спроведуваат за стручните работници во центарот за поддршка на згрижувачки семејства најмалку еднаш годишно, во траење од 10 часа, со цел зајакнување на професионалните компетенции.

5.2.5.2 Стандард за задоволување на потребите на лицето

Со стандарди за задоволување на потребите на лицето се прецизира што треба едно згрижувачко семејство да обезбеди на згриженото лице. Згрижувачкото семејство на сместеното лице треба да му обезбеди соодветна исхрана, облека и обувки и предмети за лична употреба - лична хигиена во согласност со возраста и полот. Исхраната треба да е во зависност од неговата возраст, здравје и потреби, а облеката и обувките во согласност со возраста на лицето и со негово учество во изборот. Згрижувачкото семејство исто така треба да се грижи за здравјето на лицето преку: редовно вакцинирање, редовни проверки на здравјето на лицето со периодични прегледи кај соодветниот лекар и стоматолог, обезбедуваат редовни проверки на здравјето на лицето со здравствени проблеми кај соодветен специјалист лекар и соодветни здравствени третмани и рехабилитација, обезбедување на потребните лекови за третман на лицето и ортопедски помагала и обезбедување соодветна грижа за лицето за време на болест.

Дополнителни специјалистички прегледи и испитувања на лицето, згрижувачот ја обезбедува во соработка со центарот за социјална работа, а на товар на центарот за социјална работа. Лицето во згрижувачко семејство, исто така во згрижувачкото семејство треба да ги има сите услови, а согалсно неговата возраст и потребите, за да ги задоволи воспитно - образовните потреби, како и потребите од областа на културните, забавните и спортско - рекреативните активности.

5.2.5.3 Стандард за процесот на згрижување

Активностите и постапките кои треба да ги превземаат стручните лица од центарот за социјална работа за поддршка на згриженото лице и стручната работа на центарот за поддршка на згрижувачки семејства е поставена со стандардот за процесот на згрижување.

Најпрвин потребата за згрижување на лицето се утврдува од страна на центарот за социјална работа преку проценка на:

1. условите во кои живее лицето и степенот на изложеност на ризик, кои вклучуваат:

- потенцијали и ризици на семејството за развој на лицето и можности за поддршка на семејството за надминување на кризни ситуации и јакнење на родителските потенцијали;
- способности и можности на родителите, роднините или други лица за задоволување на потребите на лицето во однос на примарната здравствена заштита и здравје, безбедност, воспитување, образование, интелектуален, социјален и емоционален развој, зрелост и независност на лицето, во согласност со возраста и индивидуални потенцијали на лицето;
- постоење основни средства за задоволување на потребите на лицето;
- структурата на згрижувачкото семејство и неговата интеграција во социјалното опкружување;
- социо - економски услови во кои живее семејството на лицето;
- планирање на должината на престој во згрижувачко семејство на лицето и можностите за враќање во биолошкото семејство.

2. индивидуалните карактеристики и потреби на лицето, преку проценка на:

- лични карактеристики на лицето и развојни потреби - физички и емоционален развој, здравствена состојба на лицето, однесување, идентитет, вклученост во општеството,

вештини на лицето и специфични потреби поврзани со неговиот развој и севкупните развојни потенцијали на лицето;

- претходните искуства во развојот, последиците и потребите на лицето во однос на тие искуства;

- воспитување и образование на лицето, неговите интереси, достигнувања и недостатоци.

Активности кои треба да ги превземе центарот за поддршка на згрижувачки семејства за згрижување на лице во згрижувачко семејство се:

1) врши популаризирање на згрижувањето, дефинирање на потребите за згрижување и информирање на кандидатите за згрижувањето;

2) врши проценка на општата подобност на потенцијалните згрижувачи преку интервју и увид во домот;

3) ја спроведува Програмата за подготовка, проценка и обука на потенцијалните згрижувачи;

4) изготвува извештај со мислење за општата подобност на потенцијалните згрижувачи;

5) издава сертификат за помината обука на потенцијалните згрижувачите;

6) го следи и врши увид во постигнување на целта на згрижување;

7) дава поддршка за згрижувачкото семејство за време на згрижување.

Соработката на двата Центри е од есенцијални значење и таа ги вклучува следните активности:

- Центарот за социјална работа ја доставува личната и стручната документација за лицето кое треба да се згрижи до центарот за поддршка на згрижувачки семејства.
- Центарот за социјална работа во соработка со центарот за поддршка на згрижувачки семејства врши: избор на згрижувачко семејство за лицето кое треба да се смести, подготовка на лицето и на згрижувачкото семејство за сместување на лицето во згрижувачкото семејство, изработка и усвојување на план за поддршка на корисникот и мерки за заштита на корисникот во згрижувачко семејство, подготвување на лицето за враќање во биолошко семејство, промена на обликот на заштита или осамостојување.

5.2.5.4 Стандард за избор на згрижувачко семејство за лицето

Постоење на стандард за избор на згрижувачко семејство пропишува што се е потребно да се земе во предвид при избор на згрижувачко семејство што може најдобро да ги задоволи потребите на лицето додека има потреба за згрижување. Овој стандард определува дека центарот за социјална работа во соработка со центарот за поддршка на згрижувачки семејства го прави изборот на згрижувачко семејство за лицето кое треба да се згрижи, преку анализа на индивидуалните карактеристики на лицето и неговите потреби и карактеристиките на згрижувачкото семејство. Изборот на згрижувачко семејство се прави на територијата каде живее лицето или во непосредна близина. Ако изборот на згрижувачко семејство не може да се направи на територијата каде живее лицето или е во најдобар интерес на лицето да биде сместено во семејство надвор од местото каде што живее, изборот на згрижувачкото семејство се прави надвор од местото на живеење на лицето. При избор на згрижувачко семејство, се вршат консултации со стручните работници на центарот за поддршка на згрижувачки семејства, родители и старатели, како и со лицето согласно неговата возраст и можноста да го изрази своето мислење.

Критериуми што треба соодветното згрижувачко семејство да ги задоволи се:

1) одговара на целите на заштитата на децата, според нејзините тековни и долгорочни потреби;

2) ги исполнува барањата во однос на возрасната разлика помеѓу лицето и згрижувачот;

3) ги исполнува стандардите утврдени со овој правилник во однос на просторот и опремата за лицето;

4) живее во околина што има соодветни ресурси за задоволување на развојните и специфичните потреби на лицето;

5) живее во околина што овозможува зачувување на воспоставените односи на лицето со роднини и други блиски лица;

6) обезбеди грижа и зачувување на личниот, семејниот и националниот идентитет на лицето;

7) одговара на потребите на лицето во согласност со етничкото потекло, возраст, пол, едукативни и други потреби;

8) има посебен капацитет и мотивација да ги задоволи потребите на дете кое има сериозни здравствени или пречки во развојот.

5.2.5.5 Стандард за заштита на лицето во згрижувачко семејство

Остварувањето на најдобриот интерес на лицето преку сместување во згрижувачко семејство се овозможува преку планирањето на услуги и мерки за заштита на лицето во згрижувачко семејство кои вклучуваат: дефинирање на индивидуалните потреби на лицето и згрижувачкото семејство, поттик за реализирање на потенцијалот на лицето и утврдување и прецизирање на сите активности и интервенции за решавање на можни проблеми со кои се соочуваат лицето и згрижувачкото семејство, со цел нивно навремено надминување и создавање услови за оптимален развој на лицето.

За остварување на овие цели, центарот за социјална работа изготвува план за индивидуална работа со корисникот кој треба да ги опфати следните области:

1) подготовка на лицето и згрижувачкото семејство која опфаќа: активности за подготовка на лицето и згрижувачкото семејство, кои вклучуваат информирање на лицето за избраното згрижувачко семејство, обезбедување на информации за семејството со цел да се подготви за запознавање со семејството и изразување на мислењето на лицето, определување на местото на контакт и следење и проценка, активности насочени кон подготовка на околината од која лицето го напушта и подготвува околината во која доаѓа, лица кои ќе учествуваат во спроведувањето на подготовките, лица кои ќе ги следат средбите на лицето и згрижувачкото семејство и ќе го известуваат надлежниот центар за социјална работа за резултатите од подготовката и лицата кои ќе реализираат премин на лицето во згрижувачкото семејство и активности за обезбедување на потребната документација за лицето и соодветна опрема и потребните материјални ресурси;

2) взаемно прилагодување на лицето и на згрижувачкото семејство кое опфаќа: активности за поддршка на лицето и згрижувачкото семејство во периодот на прилагодување поврзани со информации и помош при прилагодување едни на други, воспоставување меѓусебна доверба и прифаќање и интегрирање на лицето во семејната средина, лица кои ќе поддржат и следат взаемно прилагодување, динамика на увиди и проценка на резултатите од заштитата на лицата и известување до центарот за социјална работа за резултатите од взаемно прилагодување на лицето и членовите на згрижувачкото семејство;

3) јакнење на биолошкото семејство и обезбедување на континуитет во односите опфаѓа:а ктивности за јакнење на родителските компетенции, активности за унапредување

на животните услови во семејството, активности за зајакнување на животните вештини на родителите и други членови на семејството, активности за зајакнување на социјалните вештини на родителите и други членови на семејството, активности за зајакнување на професионалните вештини на родителите за вработување и финансиска одржливост на семејството и активности за поддршка на процесот на вработување;

4) подготовка за напуштање на заштитата опфаќа: стекнатите социјални вештини на личноста и степенот на независност за независен живот, областите на живот во кои се препознаваат слабостите и недоволната независност на личноста и услугите потребни за подготовка на независен живот, плановите на личноста во однос на вработување, домување, почетни средства за започнување на независен живот и услуги за поддршка и помош при спроведување на планови и лицата одговорни за спроведување на планот, потребни средства и рокови за реализација на планираните активности.

Центарот за социјална работа го доставува планот за индивидуална работа со корисникот до центарот за поддршка на згрижувачки семејства. Понатаму врз основа на планот за индивидуална работа со корисник и во соработка со центарот за социјална работа од страна на центарот за поддршка на згрижувачки семејства се донесува план за поддршка на корисникот и мерки за заштита на корисникот во згрижувачко семејство.

Во подготовката на овој план покрај стручните работници од центарот за социјална работа и центарот за поддршка на згрижувачки семејства се вклучуваат и: лицето кое е во згрижувачко семејство, во согласност со неговата возраст и когнитивниот капацитет, биолошките родители на лицето, другите членови на семејството, старателот на лицето, поранешните згрижувачи и други значајни лица во животот на лицето и претставници на други институции релевантни за задоволување на потребите на лицето.

Центарот за поддршка на згрижувачки семејства го изготвува планотот за поддршка на корисникот и мерки за заштита на корисникот во згрижувачко семејство врз основа на следниве информации и податоци: лични информации за лицето, семејството на потекло, карактеристиките на лицето, неговите јаки страни и ризици и услугите потребни за оптимален развој на лицето, податоци за здравјето на лицето, здравствените установи во кои тој се лекува, тековните терапии и третмани, имунизацијата и услугите потребни за зачувување и подобрување на здравјето на лицето, информации за воспитување и образование на лицето, неуспеси, како и услуги за постигнување на воспитно - образовни

достигнувања во согласност со потенцијалот на лицето, информации за психолошкиот развој на лицето, особено емоционалните и социјалните и услугите потребни за надминување на тешкотиите и проблемите со развојот на лицето, информации за искуството на запоставување и злоупотреба и услуги потребни за надминување на последиците од ваквото искуство, форми на поддршка на лицето и згрижувачкото семејство за негување на идентитетот на лицето и како да се одржи контакт со семејството на потекло и други значајни лица во животот на лицето и лица одговорни за спроведување на планот за поддршка на корисникот и мерки за заштита на корисникот во згрижувачко семејство, со јасно дефинирани рокови, како и рокови за проценка на резултатите.

5.2.5.6 Стандарди за следење и проценка на работата на згрижувачкото семејство

Стандардот за следење и проценка на работата на згрижувачкото семејство има за цел: реализрање на планот за поддршка на корисникот и мерки за заштита на корисникот во згрижувачко семејство и утврдување на степенот на задоволување на потребите на лицето од страна на згрижувачкото семејство.

Исполнување на стандардите за заштита на лицето во згрижувачкото семејство и реализирање на планот за поддршка на корисникот и мерки за заштита на корисникот во згрижувачко семејство, стручните работници од центарот за поддршка на згрижувачки семејства го следат преку: преглед на условите за живеење на лицето за време на посетата на згрижувачкото семејство, еднаш неделно за време на периодот на взаемно прилагодување и за време на згрижувањето најмалку еднаш квартално, разговор со згрижувачите и други членови на згрижувачкото семејство, посебно интервју со лицето за згрижување и непосреден увид во состојбите во кои живее лицето, контакти со лицето по телефон и состаноци во просториите на центарот за поддршка на згрижувачки семејства или на друго место, собирање релевантни информации од други институции чии услуги ги користи лицето и згрижувачкото семејство, состаноци во училиштето каде учи детето и контакти со други лица кои се значајни за лицето.

Проценка пак на задоволување на потребите на лицето од страна на згрижувачкото семејство се врши преку проценка на: сигурноста и безбедност на лицето во згрижувачкото семејство, здравјето на лицето, емоционалниот развој на лицето и степенот на интеграција во згрижувачкото семејство, воспитување и едукација на лицето, социјално однесување на

лицето и интеграција во социјалното окружување, негување на идентитетот на лицето и одржување на врски со семејството на потекло и значајни лица, независност на лицето и развој на животни вештини и остварување на правата на лицето.

Овој стандард пропишува дека средствата наменети за поддршка на лицето во згрижувачкото семејство се трошат за: опремување и уредување на просторот за лицето, обезбедување на здравствена заштита и правилна исхрана на лицето, набавка на облека, обувки, производи за лична хигиена и задоволување на личните потреби, обезбедување учебници и училишни материјали, учество на лицето во екскурзии, рекреативно учење и закрепнување, дипломирање и други права, џепарлак за лицето и остварување на други потреби на лицето.

Центарот за поддршка на згрижувачки семејства обезбедува поддршка на лицето и на згрижувачкото семејство како континуирана активност со цел исполнување на задачите на планот за заштита на лицата, зајакнување на компетенциите на згрижувачкото семејство и задоволување на специфичните потреби на лицето. Поддршката се заснова на принципите на почитување на мислењата на лицето, биолошките членови на семејството, членовите на згрижувачкото семејство и стручните лица. Стручните лица обезбедуваат поддршка која вклучува: советодавни услуги, материјална поддршка, психо - социјална поддршка, едукативни програми за подобрување на компетенциите на згрижувачите за поддршка на развојот на децата, индивидуална поддршка за лицето и згрижувачкото семејство и работа за надминување на проблемите, координирање на мрежата за социјална поддршка за деца и згрижувачки семејства и други форми на поддршка според потребите на лицето и на згрижувачкото семејство.

Поддршка на згрижувачки семејства стручниот работник од центарот за поддршка на згрижувачки семејства ја интензивира во кризни ситуации, во период на подготовка на детето за училиште, избор на средно училиште, како и во периодот на осамостојување на лицето. Посебна поддршка се обезбедува на семејствата кои згрижуваат деца во ризик, децата со посебни таленти и лица со попреченост.

### 5.2.6 Што добива згрижувачкото семејство

Згрижувачот и згрижувачкото семејство за вршењето на својата функција добиваат:

- склучување на *договор за сместување на лице во згрижувачко семејство* со кој се уредува: начинот и условите за сместување и престанок на сместувањето на лице во семејството, видот и обемот на социјалната заштита која му се обезбедува на лицето кое се сместува во згрижувачкото семејство, висината на надоместокот за сместеното лице, која ги опфаќа трошоците на сместување и надоместокот за згрижување, времетраењето на договорот и условите за негово раскинување, отказниот рок за раскинување на договорот кој за згрижувачот не може да биде пократок од три месеци, случаите при кои престанува да важи договорот и други права, обврски и одговорности во врска со згрижувањето;

- *надоместок на трошоците за сместување на лицето и надоместок за згрижување,* кои зависат од видот на згрижувачкото семејство и бројот на сместени лица во згрижувачкото семејство. Според тоа: општо згрижувачко семејство добива месечен износ од 13 847 денари ако е згрижено едно дете, 12 005 денари за секое дете посебно ако се згрижени две деца, 10 767 денари за секое дете посебно ако се згрижени три деца, 9 878 денари за секое дете посебно ако се згрижени четири деца и 9 208 денари за секое дете посебно ако се згрижени пет деца. Роднинско згрижувачко семејство добива месечен износ од 9 393 денари ако е згрижено едно дете, 7 551 денари за секое дете посебно ако се згрижени две деца, 6313 денари за секое дете посебно ако се згрижени три деца, 5424 денари за секое дете посебно ако се згрижени четири деца и 4 754 денари за секое дете посебно ако се згрижени пет деца. Надоместок за згрижување не се исплаќа на згрижувач кој има законска обврска за издржување на сместеното дете. Месечниот надоместок за интервентно згрижување во друго семејство изнесува 15 009 денари по корисник. Специјализираното згрижувачко семејство остварува месечен наодместок во зависност од бројот на сместени лица, кој изнесува: 16 219 денари кога е згрижено едно лице со попреченост, 14 086 денари за секое лице со попреченост ако се згрижени две лица и 15 009 денари за дете/лице во ризик;

- добива *стручна помош и поддршка* од страна на центарот за социјална работа и центарот за поддршка на згрижувачки семејства во вршењето на својата дејност а согласно потребите на лицето згрижено во семејството и згрижувачкото семејство;

- *право на траен надоместок за згрижувач* кој згрижувал лице во своето семејство најмалку петнаесет години, по наполнување на 62 години на живот за жена, односно 64

години на живот за маж, а кој е невработен и не користи право на пензија по која било основа. Правото на траен надоместок нема да се оствари ако центарот за социјална работа еднострано го раскинал договорот за сместување лице во згрижувачкото семејство. Трајниот надоместок изнесува 8.000 денари месечно, усогласен со порастот на трошоците на живот за претходната година, а објавени од Државниот завод за статистика во јануари за тековната година.

- Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр.104/2019), предвидува можност физичко лице *професионално да се бави со згрижувачката функција*, но не постојат подзаконски акти со подетални насоки за вршење на оваа професионална дејност, и во Република Северна Македонија таа сеуште не е развиена.

# 6.Социјална поддршка

## 6.1 Дефиниција на социјалната поддршка

Во природата на човекот како социјално битие е да се раѓа и да живее опкружен со други луѓе, а квалитетот на односите кои ги остварува во заедницата на која и припаѓа, нивната фрекфенција и разновидност се важен предуслов и претпоставка за неговата добросостојба. Ова особено се однесува на децата и нивниот физички, ментален, емоцинален и социјален развој, кој е придвижуван одвнатре, од сопствениот генетски потенцијал, но и воден од надворешните влијанија кои доаѓаат од семејството и социјалната околината.

Добростостојбата на децата зависи не само од нивните потенцијали, способности и желби туку и од подготвеноста на средината да им понуди постојана поддршка и разбирање во процесот на раст и развој. Одтаму, социјалната поддршка од општествената средина е важен предуслов за правилен психо - социјален развој на децата без родители и родителска грижа.

Концептот на социјална поддршка е комплексен и мулитидимензионален конструкт кој има долга традиција, поради што и истиот е операционализиран преку повеќе дефиниции. Според една од првите дефиниции за социјалната поддршка таа е дефинирана како „идвивидуално верување на поединецот дека е заштитен и сакан, почитуван и ценет и дека припаѓа во мрежата на меѓусебни обврски и комуникација“ (Cobb, 1976).

Според друга дефиниција, социјалната поддршка е дефинирана како достапност на луѓе во кои поединецот има доверба и со кои се чувствува сигурно и е вреднуван како индивидуа (Mental health Information and Determinants for the European Level, MINDFUL, 2008). Според друго дефинирање „социјалната поддршка претставува социјални врски кои обезбедуваат или може да обезбедат материјални и интерперсонални ресурси кои се значајни за примачот, ресипиентот како што се советување, пристап до информации или сервиси, поделба на задачите или одговорностите и стекнување на вештини“ (Thompson, 2016).

Постои дефинирање на социјалната поддршка во кохеренција со психичките сили на индивидуата „социјалната поддршка му помага на поединецот да ги мобилизира своите психолошки ресурси и да ги совлада своите психолошки и емоционални бариери; му помага во неговите задачи; го снабдуваат со дополнителни резерви на пари, материјали, алатки, вештини и обезбедуваат когнитивната насоки за подобрување на неговото справување со неговата ситуација“ (Kaplan, 1976).

При дефинирање на социјалната поддршка се прави разлика помеѓу квалитетот на субјективно доживеаната поддршка (задоволството) и реално применатa социјална поддршка. Повеќето студии за социјална поддршка се базирани на мерење на субјективно перцепирата поддршка, но постојат и такви кои се насочени кон мерење на социјалната поддршка во повеќе објективна смисла. Постои дистинкција и помеѓу применатa поддршка и очекувањата кои постојат за потреба од добивање на поддршка, како и помеѓу специфична и општа поддршка.

Дефиницијата во однос на субјективнио доживена поддршка, го поставува прашањето дали социјална поддршка се изразува преку карактеристиките на индивидуата или на реалното социјално опкружување на индивидуата (Пирс et al, 1997; Sarason et al, 1986). Повеќето истражувачи се согласуваат дека двата аспекта на социјалната поддршка

(каратеристиките на индивидуата и конкретната социјална ситуацијата) влијае на доживувањето на социјална поддршка.

Истражувањата за перцепираната социјална поддршка посочуваат дека мерење на перцепирана социјална поддршка, која влијае на степенот на кој поединецот е прифатен, сакан и вклучен во отворена комуникација со неговата социјална мрежа е подобар показател на прилагодување отколку мерење на добиената поддршка (Sarason et al, 1987). Ефектите од социјална поддршка изразени преку адаптација на поединецот во социјалната средина во голема мера зависат од квалитетот на количеството на добиената социјална поддршка како и бројот на поддржувачки социјални контакти, потенцирајќи дека е важна перцепцијата која ја има индивидуата дека постои најмалку едно лице во близина од кое може да очекува поддршка.

Постојат две главни теоретско - истражувачки пристапи кон социјална поддршка. Во првиот пристап социјалната поддршка се разгледува како фактор за соматското и менталното здравје на индивидуата во целина, а другиот пристап ја третира социјалната поддршка од аспект на фактор на „посредување“ помеѓу животни настани и кризи.

Една лонгитудинална студија спороведена во период од триесетина години, покажа дека соодветна соматско и ментално функционирање во зрелата возраст зависи од квалитетот на добиените социјална поддршка во раното детство (Vaillant, 1974). Друго истражување сугерира дека жените кои имаат поддршка од некој близок ретко развиваат симптоми на депресија (Braun, Haris and Kaplen, 1977).

И покрај постоењето на овие широко прифатени дефиниции на социјалната поддршка, во литературата не постои консензус во однос на поблиско дефинирање на поимот, а со тоа и операционализација на концептот. Социјалната поддрша секогаш има за цел да помогне на индивидуата во ситуациите кои за него претставуваат предизвик и потешкотија. Самиот концептот се занимава со интеракции помеѓу индивидуалните и социјалните променливи на индивидуа.

Социјална поддршка како фактор на „посредување“ меѓу животните настани и кризи има свое влијание на генезата, текот и исходот на кризата. Влијанието на социјалната поддршка се остварува на два начина: директен и индиректен. Преку *директното влијание* социјалната поддршка го менува значењето на животниот настани и влијание на исходот од кризата. *Индиректен ефект* на социјална поддршка се постигнува преку модификација

на реакциите на животните настани и реакциите на кризата. Во спроведена студија за поддршка при кризни ситуации е покажно дека постоењето на социјална поддршка изразена преку присуството на индивидуа во која имаме доверба ги намалува различните соматски и психолошки симптоми на кризата (Miler и Ingham, 1976).

## 6.2 Видиви на социјална поддршка

Во литературата постојат неколку основни видови на социјална поддршка: емоционална поддршка, информативна или советодавна поддршка, инструментална или материјална поддршка и поддршка за дружење или мрежна поддршка.

- ***Емоционална поддршка*** е поддршка која одговара на емоционалните и афективните потреби на индивидуата. Преку комуникација со другите, индивидуата разменува љубов, доверба, емпатија и нега, која кај него предизвикува чувство на припадност и прифатеност од другите луѓе, задоволство од нивното почитување. Емоционалната поддршка нема за цел да понуди конкретни решенија за проблемот со кој се соочува индивидуаа, туку влијае на зголемување на самодовербата на индивидуаа и градење на позитивна слика за себе. Самодовербата се развива и подобрува преку комуникацијата со луѓе кои ги прифаќаат неговите вредности и го почитуваат без оглед на потешкотиите со кои се соочува или неговите лични неуспеси. Овој вид на поддршка е поврзан со она што се нарекува и поддршка на самодовербата, експресивна поддршка, вентилација или блиска поддршка (Коеn and Wills, 1985).
- ***Информативна или советодавна поддршка*** е поддршка во дефинирањето, разбирање и справување со проблемите. Поддршката се однесува на давање на совети, сугестии и информации што индивидуата може да ги користи за решавање на проблемите. Исто така овој вид на поддршка се нарекува и советување, поддршка во проценка или когнитивни насоки.
- ***Инструментална или материјална поддршка*** е обезбедување на материјална помош и услуги кои директно можат да му помогнат на лице кое има потреба од поддршка. Во овој вид на поддршка влегуваат: финансиска помош, материјалните ресурси и потребни

конкретни услуги. Инструментална поддршка може да го намали стресот со директно решавање на инструменталните проблеми или обезбедување време за активности како што се забава или релаксација. Овој вид на поддршка е исто така се вика и материјална поддршка, одосно конкретна помош.

- ***Поддршка за дружење или мрежна поддршка*** во најопшта смисла сфатено се однесува на поминување на слободното време со други луѓе. Преку членство во група поединецот добива чувство на припадност, споделува со други луѓе исти интереси, социјални активности и искуства. Овој вид на поддршка, кој уште се нарекува и позитивна социјална интеракција, може да го намали стресот, бидејќи тоа ја задоволува потребата за припадност или контакт со другите, му помага на поединецот да се дефокусира од своите грижи и проблеми и поттикнува позитивно расположение. За Коб (Barath, 1998), овој вид на поддршка подразбира давање на значење и насока на поединецот во општеството на кое припаѓа.

Иако овие четири видови на социјална поддршка можат концептуално да се диференцираат, сепак во праксата е тешко нивното развдојување како емпириски посебни конструкции, бидејќи односите кои ги обезбедува еден вид на социјална поддршка често, ги обезбедуваат и другите видови на социјална поддршка кои се потребни на индивидуата, на пример: луѓето кои поминуваат повеќе време во дружење со други луѓе во исто време имаат поголем пристап до инструментална помош, поддршка за дружење и емоционална поддршка.

Ефикасноста на социјалнaта поддршката може да зависи од изворот на поддршка. На пример, долгорочната поддршка најчесто се добива од страна на членови на семејството, додека соседи и пријатели почесто се во состојба да обезбедат краткорочна помош. Инструментална поддршка и поддршката за дружење се ефективни начини за поддршка кога тие се поврзани со специфични потреби кои произлегуваат од стресниот настан. На пример, стрес предизвикан од загуба на пријател најдобро може да се ублажи со поддршка за дружење, а доколку стресот е предизвикан од економски потешкотии, најдобро може да се „ублажи“ преку инструментална поддршка.

Настаните кои ги проценуваме како стресни често резултираат со чувство на беспомошност и придонесуваат за намалување на самодовербата. Во такви услови емоционална поддршка може да биде противтежа на заканите по самодовербата.

Информативна поддршка помага кога стресорите се толкувааат како помалку опасни, односно помага во пронаоѓањето на соодветни начини на справување со ситуации во кои чувствуваме недостаток на решение за проблемот.

Стресорите кои не можеме да ги контролираме, бараат повеќе емоционална поддршка додека стресорите кои може да ги контролирамебараат повеќе активност ориентирана кон решавање на проблемот, како што се барање на информации и совети (Cutrona и Rasel 1990, според Коеn и Wills, 1985).

## 6.3 Функции на социјалната поддршка

Функциите на социјалната поддршка произлегуваат од нејзиното концептуално определување. Диверзитетот во дефинирањето на социјалната поддршка нуди можности за постоење на многубројни функции на социјална поддршка кои можат да обезбедат благостојба на индивидуата и надминување на стресните ситации со кои се соочува.

Поблиското детерминирање на финкциите на социјалната поддршка е во корелација со областа на делување и интервенцијата која треба да се постигне преку социјалната поддршка. Во литературата се среќаваат неколку функции на социјалната поддршка и тоа; емоционално зајакнување, давање совети, насочување, советување, пристап до информации, услуги, материјални ресурси и помош, развивање на вештини.

- ***Емоционално зајакнување.*** Емоционалното зајакнување опфаќа чувства на емпатија, морална потпора, доверба, поврзаност со другите луѓе кои делат слично животно искуство, чувство на припадност и зголемување на самодовербата. Преку емоционалното зајакнување, индивидуата остварува активна комуникација со другите луѓе и гради функионални релации кои имаат позитивно влијание врз нејзиното психичко здравје. Емоционалното зајакнување помага на индивидуата за поуспешно мобилизирање на сите расположливи лични, социјални и други ресурси или изнаоѓање на нови, во функција на надминување на состојбата во која се наоѓа а која предизвикува негативни последици по нејзината благосостојба.
- ***Давање совети, насочување, советување***. Предлагањето на конкретни начини за надминување на состојбата која за поединецот предизвикува потешкотија претставува

можност не само да се надмине конкретната стресна ситуација, туку и овозможува зајакнување на капацитетите на поединецот за справување со други ситуации во кои тој ќе се најде во иднина. Оваа функција на социјалната поддршка се остварува на формален или неформален начин. *Формалниот начин* подразбира вклучување на професиналец кој преку процесот на советување ќе му помогне на поединецот во изнаоѓање на најсоодветен начин за надминување на потешкотијата со која се соочува, додека *неформалниот начин* се однесува на обезбедување на совети или насоки за решавање на проблемите од членови на социјалната мрежа на поединецот, без разлика дали тоа се остварува преку поединци (роднини, пријатели, соседи, колеги) или групи на самопомош.

- ***Пристап до информации, услуги, материјални ресурси и помош.*** Обезбедување на конкретни услуги како помош во домаќинство, финансиска помош, едукативна помош, помош во грижа за лица со хендикеп, болни, стари лица, помош при одгледување на деца итн. е важна функција која ја остварува социјалната поддршка. На овој начин се нуди можност на дикректен начин да се надмине неповолната ситација или да се намали нејзиното влијание врз добросостојбата на поединецот.
- ***Развивање на вештини***. Една од најзначајните функции на социјалната поддршка во која се содржани сите претходни е развивањето на вештини. Оваа функција подразбира стекнување на нови вештини или унапредување на веќе постоечките вештини на поединецот на личен, индивидуален план или во социјалната сфера. Преку усвојување на нови техники за решавање на проблеми, комуникациски вештини и техники за решавање на конфликти се подигнуваат севкупните капацитети на поединецот за изнаоѓање на решение кога ќе се најде во непријатна и стресна ситуација.

Иако функциите на социјална поддршка концептуално може да се поделат, тие во секојдневниот животот обично не се независни. Емпириските истражувања понекогаш покажуваат и висока корелација помеѓу различните функции на социјална поддршка (Коен и Wills, 1985). Ефектите од социјална поддршка зависи од фреквенцијата, времетраењето, интензитетот и природата на стресните настани.

Според Коен и МекКеј, социјална поддршка е во функција на намалувањето на штетните ефекти на стресот врз менталното здравје на лицето во зависност од тоа дали видот на поддршка која ја добива одговара на барањата на ситуацијата (според Коеn и Wills, 1985).

## 6.4 Извори на социјална поддршка

Постојат два основни извори од кои индивидуата обезбедува социјалната поддршка, тоа се формални и неформални извори на социјална поддршка (Schopler and Mesibov, 1984):

- ***Формална извори на социјална поддршка*** – поддршката која е социјална, психолошка, физичка или финансиска се обезбедува бесплатно или се наплаќа, а се добива од организирана група, агенција или институција. Овој вид на поддршка е организиран од страна на државата, локалната заедница или невладините организаии со јасно дефинирани критериуми и услови за користење на социјалната поддршка.
- ***Неформални извори на социјална поддршка*** – претставува социјална поддршка која се добива од индивидуалната мрежа на индивидуата и која во себе може да ги вклучи нуклеарното и прошireното семејство, пријателите, соседите, колегите и други лица од кои индивидуата може да ја добие поддршката која и е потребна. Според истражувањата, најголем дел од потребната поддршка личностите добиваат току од неформалните извори на социјална поддршка, за разлика од формалната поддршка. За разлика од други извори на поддршка и помош, семејството е обично она кое нуди поддршка на своите членови во кризни ситуации и без тие да го побараат тоа.

Социјалната поддршка добиена од различни извори му овозможува на поединецот различен интензитет и содржина на емоционална поддршка, топлина, припадност, материјална и инструментална поддршка итн.

## 6.5 Значењето на социјалната поддршка за деца без родители и родитлска грижа

Социјалната поддршка е важен фактор на прилагодување на детето на општеството во кое живее, но и важен заштитен фактор за децата кога тие се изложени на занемарување и/или злоупотреба. Општо е познато дека децата кои ја добиваат социјална поддршка која им е потребна се подобро прилагодени во својата социјална средината и во општеството од децата кои таа поддршка ја добиваат помалку или воопшто не ја добиваат.

Причинско - последичните односи кои се во основа на оваа врска, можат да бидат взаемни: социјалната поддршката може да придонесе за подобро социјално прилагодување на детето, но и дете кое е добро социјално прилагодено може поуспешно да побара поддршка.

Голем број на истражувања укажуваат на значењето на социјалната поддршка во развојот на децата чии што развој во билошкото семејство е загрозен или не може да се оствари. Според едно истражување разликата помеѓу адолесцентите кои не манифестирале деликвентно однесување и адолесцентите кои манифестирале деликвентно однесување е во тоа што адолесцентите кои не манифестирале деликвентно однесување имале поголема и подостапна социјална поддршка како и поголемо задоволство од применатa социјална поддршка (Losela и Bliesenera, 1994). Во друго истажување е потврдено дека децата кои биле злоставувани имале помала интеракција со членовите на својата социјална мрежа од децата кои не биле злоставувани (Jacobson and Staker,1982, според Kaufman and Cicchetti, 1989). Според ова истражување, децата кои неможат да воспостават функционални односи со своите врсници имаат многу ниска самодоверба и поради тоа не бараат помош и поддршка од својата социјална средина.

Во многу истражувања е потврдено дека квалитетот на односот родител - дете е важен предуслов за квалитетот на односите кои детето ќе ги гради со своите врсници и со неговото ментално здравје во детството и адолесценцијата, а потоа и во зрелото доба. Родителскиот модел може да го потикнува или инхибира детето во остварување на своите социјални врски, бидејќи тој му овозможува на детето сигурна или несигурна база за неговите идни модели на социјална интеракција. Квалитетен однос родител - дете го олеснува социјалното прилагодување на детето, додека неквалитетен и дистанциран однос е поврзан со општествено неприлагодено однесување на детето и емоционали проблеми на детето.

Перцепираната социјалната поддршка на детето може да биде заснована на моментално достапната помош во рамките на социјалната мрежа или како верување дека социјалната поддршка ќе биде на располагање доколку биде потребно. Перцепираната социјална поддршка базирана на искуството може да се очекува дека ќе се менува со текот на времето како што ќе се менува индивидуата, нејзините потреби и нејзината социјалната мрежа. Меѓутоа се смета дека социјалната поддршка има силна интраперсонална

комонента, односно истата се однесува на начинот на кој поединецот гледа на општествени односи. Поради тоа се очекува дека со периодот на созревање на детето, перципираната социјална поддршка ќе биде постабилна со текот на времето Значењето на социјалната поддршка за децата без родители и родителска грижа добива дополнително на важност, бидејќи според некои автори перцепцијата за примената социјална поддршка е релативно стабилна низ времето. Тоа заначи дека перцепцијата која ќе се добие во детството дека постојат видови и ресурси на социјална поддршка кои можат да бидат „повикани" кога детето ќе има потреба од нив, во голема мера го детерминира и неговиот став кон обезбедување на социјална поддршка во неговиот период на возрасен.

Социјалната поддршка подразбира широк спектар на „услуги" - љубов, внимание, потикнување, мотивирање, советување, помош, чувство на сигурност, дружење и сл. Децата кои ова го доживуваат во кругот на своето семејство и најблискoто опкружување имаат правилен психо - физички развој, остваруваат подобри училишн резултати, отворени се за интеракција со врсници, среќни се и задоволни, за разлика од децата кои имаат различни искуства и доживувања како што е случај и со децата кои од разни причини останале без родителска грижа.

Неповолните искуства во периодот на детството го менуваат развојот на детето и предизивикуваат одложени опасни ментални, медицински и општествени исходи. Обезбедување на социјална поддршка која ги задоволува развојните потреби на детето и од која примена поддршка детето чувствува задоволство, значи воспоставување и одржување на заеднички ангажман на разни ресурс од формални и/или неформални извори на социјалната поддршка на детето. Развивање на непосредна комуникација помеѓу детето и другите луѓе од неговата социјална мрежа кои поседуваат потенцијал за развој на односи и комуникација во чија што основа се наоѓа најдобриот интерс на детето е важно за задпволството од добиента социјална поддршка.

Анализирана од аспект на развој на позитивна слика за себе, социјалната поддршка на децата без родители и родителска грижа има за цел да ја зголеми самодовербата на детето и да го потикне неговиот раст и равој во насока на воспоставување на односи со неговата социјална средина кон кои ќе чувствува припадност и кои ќе делуваат позитивно и потикнувачки на неговиот личен развој, овозможувајќи му самостојно и одговорно да го обликува сопствениот живот. Тоа значи вклучување на нови ресурси во неговата социјална

мрежа, создавање и одржување на комуникациски канали помеѓу детето и неговата социјална мрежа, координирање на различни активности во неговата социјална мрежа, советување итн.

Децата по природа се скплони кон интеракција со нивната околина и сакаат да учат нови вештини. Развојниот процес на детето, и какво ќе биде во својата возрасна доба е определено делумно од надворешните влијанија. Децата активно растат и се развиваат во хармонија со нивната околина. Врз развојот на детето влијае интеракцијата - меѓу детето, луѓето и околината. Развојните искуства на детето, според културни, морални, социјални и материјални обележја на заедницата во која живее се различни. Луѓето од разни социјални средни имаат различни вредности и очекувања од децата. Нешто што му помага на детето правилно да расте и да се развива во една социјална средина може да го изложи на ризик во друга социјална средина. Заради тоа кога се прват интервенции во социјалната поддршка која ја добиваат децата многу е важно да се води сметка за тоа во каква социо - културна средината детето растело и се развивало.

Децата чии што родители не се во можност да им ја обезбедат потребанта социјалната поддршка и на тој начин да одговорат на нивните развојни потреби, се изложени на низа трауматски и стресни ситуации кои имаат негативни поседици по нивниот развој. Таа изложеност повлекува широка лепеза на психолошки и физички симптоми на кои доколку навреме не се реагира можат да бидат долгорочни. Овие деца страдаат од голем број на странични ефекти, вклучително симптоми на траума, здрваствени потешкоти, тешкотии во учењето, потешкотии во социјалните односи, а исто така се во ризик самите да манифестираат асоцијално однесување во нивните идни односи.

Правилниот психо - социјален развој на децата кои поради разни причини (нарушени семејни односи, злоупотреба и/или занемарување во семејството, алхохолизам, душевна болест на родителите) се одвоени од биолошкото семејство и сместени во установа за социјална заштита или згрижувачко семејство во најголем број на случаи е загрозен. Децата кои се одвоени од своето семејство најчесто живееле во социјално изолирани семејства со мала социјална мрежа од која не добивале социјална поддршка адекватна на нивите потреби од лицата од нивната социјална мрежа, на пр. соседи, наставници, врсници (Thompson, 1995).

Без разлика колку и да е оправдано сместување на децата во социјална установа или згрижувачко семејство, тоа претставува нова потешкотија за децата - сепарација од родителите и/или билошкото семејство и прилагодување на нова животна средина. Детето се одвојува од индивидуа/индивидуи со кои што дотогаш растело и кон кои дотогаш чувствувало припадност, без разлика дали тоа било добро или лошо за неговиот развој.

Имајќи го во предвид сето ова, од исклучителна важност е детето да има доволно социјална поддршка во новата социјална средина, како истата би можела да се искористи на позитивен начин во однос на корегирање на негативните животни искуства со кои се соочувало детето но и со новите промени за детето и неговото прилагодување кон нив.

Обезбедување на квалитетна социјална поддршка е од важна детермината за успешноста на социјалната работа во работата со деца без родители и родителска грижа, а од таму и за успешноста на општеството во градење на комплетни и продуктивни индивидуи.

Изнаоѓање на ресурси од социјалната мрежа и нивно „ангажирање“ во надминување на негативните чувства, настани и состојби во кои се нашле децата во одреден момент од својот живот, е долг и неизвесен процес кој во себе вклучува работа на голем број на стручни лица од разни области (социјални работници, психолози, педагози, правници, доктори, психијатри, психотерапевти, наставници, воспитувачи итн.) чија што стручност, мотивираност и конзистентност секогаш треба да бидат на највисоко ниво а нивното делување во насока на најдобар интерес на детето.

Професионалната задача на сите стручните работници кои се вклучени во интервенции чија цел е обезбедување на социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа, претставува постигнување на рамнотежа помеѓу правото на детето на живот со своето семејство и обврската на државата да го штити најдобриот интерес на детето. Воспоставувањето на една ваква рамнотежа никогаш не е едноставен и лесен процес. Напротив, истиот бара голема стручност, одговорност и системски приод во сите фази од процесот на обезбдување на социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа.

# 7. Социјална мрежа

## 7.1Теоретски основи на социјалната мрежа

Во социјалните науки постои дихотомија во определувањето на социјалната стварност. Од една страна се наоѓа микроперспективата на социјалната стварност која е фокусирана на поединецот, индивидуата, личноста и која е во спртотивност на макроперспективата на социјалната стварност која во средиште ги става општествените структури (општеството и неговите подсистеми како што се држава, институции, економија итн.) Меѓутоа, ваквата поделба е премногу тесна и неадекватна за да може да ја опфати комплексност на социјалната реалност на новиот милениум и да биде набјудувана во сите свои нови облици, концепти и појавни форми.

Со цел да биде надмината оваа дихотомија на помање на социјалната реалност, од страна на Норбет Елиас е воведен поимот *фигурација,* преку кој спротивставеноста на поединецот и општеството се согледуваат во нивната меѓусебната испреплетеност. Уште од самото раѓање секој човек е дел од некои функционални и структурални односи со други луѓе на кои треба да се адаптира, но истовремено може и да се обиде истите да ги креира и менува. Во тој сплет на односи „ човекот е поврзан со многу невидливи „ланци" со другите луѓе било да се тоа семејни или професинални, било да се тоа потикнувачки или афективни" (Elias, 1987).

Тие „ланци" на делување и функционална циркулација кои се нарекуваат уште и „интердепенденцијални ланци" со текот на времето стануваат се подолги а со тоа и покомплесни. Елиас исто така вели дека „поимот фигурација има за цел да создаде единствен поимовен апарат со помош на кој општествениот притисок ќе биде артикулиран преку разбирање на „поединецот" и „општеството" како две различни антагонистички фигури (Elias, 1987). Наставник и ученици во едно одделение, лекар и пациент во ординација, деца во градинка, сето тоа претставува фигурација. Делувањето помеѓу сите чинители на фигурацијата е интердепендентно. Фигурација преставуваат и жителите на едно село, град или припадници на една нација, иако во таквите случаи фигурацијата не е

директно поимана бидејќи интердепендентните врски помеѓу луѓето се многу подолги и подиференцирани.

Преку поимот на фигураија се согледува интеракцијата на поединецот и општеството со целата нивна интердепендентност. Меѓутоа, поимот на фигурација како конструкт на многу високо ниво на апстарција води кон концептот на социјална мрежа, преку кој се овозможува операционализација на социјалната реалност.

Под мрежа обично се подразбира цело поле на односи со другите луѓе кои ги остварува еден човек. Мрежата е просторно и временски детерминирана и вклучува формални и неформални односи со родните, пријателите, соседите, колегите итн., при што тие контакти можат да бидат повеќе или помалку интензивни или лични. Поединците живеат и функционираат во различни фигурации и различно животно и системско опкружување: билошкото семејство, соседството, училиште, работното опкружување, клубови, организации итн. Во сите тие области поединецот е изложен на барањата и очекувањата на другите: улога на дете, родител, ученик, работник, сосед, другар итн. Очекувањата од одредени улоги обично се интерактивни. Интерактивноста може да се опише и анализира преку концептот на социјална мрежа.

Концептот на социјална мрежа примарно е применуван во истражувања на социјалните односи. Првите истражувања за социјалните мрежи се спреведени за потребите на етнолошките истражувања. Подоцна таа конструкција е применета и во други научни дисциплини и дополнително развивана. Спектарот на научни дисциплини кои својот предмет на проучување го опишуваат со помош на овој концепт на истражување е многу голем, почнувајќи од социјална антропологија, преку социологија и политикологија се до економските науки. Овој концепт има своја примена и во социјалната работа и тоа во рамките на мрежното истражување каде најчесто се користи.

За основачи на социјалната мрежна анализа се сметаат Клајд Мици, Барнс, Елизабет Бот и други британски социјални антрополози во 50 години на XX век. Поимот мрежа на социјалните односи прв го употребил антропологот Алфред Р.Редклиф - Браун во 1944 година, определувајќи ја социјалната мрежа како сплет на социјални односи: „Јас го користам изразот „социјална структура“ за да всушност ја означам мрежата на постоечките релации“ (Alfred Redklif - Braun, 1944). Од страна на Барнс, поимот социјална мрежа се користи во структурална смисла (Barns, 1954).

Еден од основачите на концепцијата за социјална мрежа е Клајд Мици кој ја дефинира социјалната мрежа на следниот начин: „Специфичен сет на врски помеѓу одреден збри на луѓе со дополнителни особини каде што карактеристиките на тие врски можат да бидат користени за интерпретација на социјалното однесувањето на лицата кои се дел од социјалната мрежа“ (Mitchell, 1969:2).

Преку овој концепт можат да се согледаат врските помеѓу животното и системското опкружување на еден поединец во кое тој секојднево комуницира и делува: со членовите на семејството и роднините, соседите, другарите и пријателите, колегите од работа, од училиште итн. Според тоа, секој поединец секојдневно е член на повеќе различни социјални мрежи. Во зависност од констелацијата на тие социјални мрежи, поединецот на различен начин е вклучен во комуникација и интеракција во социјалните мрежи и според тоа тој обезбедува помала или поголема социјална поддршка.

Вредноста на секоја личност е дел од вредноста што ја има средината во која таа живее. Поради тоа при утврдување на индивидуалната вредност на секој поединец треба да се има во превид и нивното културано потекло, нивната поврзаност со општестевниот морал и вредноста на другите луѓе, особено со личното искуството на секоја личност и низа други елементи.

## 7.2 Карактеристики на социјалната мрежа

Во реалноста се среќаваат социјални мрежи од различен вид, со различни обележја и карактеристики. Поради тоа потребно е нивно поблиско определување и издвојување на карактеристиките кои се заеднички за сите социјални мрежи како би можело да обезбедат точни и прецизни информации за социјалната мрежа кои потоа ќе бидат искористени за унапредување на истатат.

Во литературата се разликуваат два вид на основни карактеристики на социјалната мрежа, во зависност од тоа дали ја опишуваат структурата на социјалната мрежа или ја анализираат содржината на односите кои се остваруваат во социјалната мрежа

Во ***структурални или морфолошки карактеристики на социјалната мрежа*** спаѓаат: појдовна точка на социјалната мрежа, густина, достапност и големина.

***Појдовна точка*** **-** Претпоставка за постоење на социјална мрежа е постоење на појдовна точка. Најчесто како појдовна точка претставува егото, индивидуата. Пример: Како појдовна точка може да претставува татко и неговите социјални односи, самохрана мајка и нејзините зависности, социјална служба и нејзините институционални односи со другите служби или граѓанските иницијативи и нивните социјални контакти.

***Достапност*** **-** Варијаблата достапност ја означува можноста едни индивидуи да дојдат до други индивидуи преку трети личности, како „меѓустаница". Односно, А може да дојде до Б само преку Ц и Д, т.е. некои личности полесно остваруваат одреден вид на контакаи од други личности. На пример: социјалниот работник може преку својот пријател советник, со кого заеднички студирале, лично да стапи во контакт со државниот секретар за млади, заради решавање на конкретен проблем на клиентот.

***Густина*** **-** Варијаблата густина или поврзаност го означува степенот на постоење на реалните односите кои ги има една личност во споредба со сите односи кои можат да се остварат според расположливите контакти. Оваа карактеристика на социјалната мрежа се однесува на меѓусебните контакти на сите учесници на социјалната мрежа. Пример: Сите членови на едно проширено семејство меѓусебе одржуваат редовни контакти: бабата со сите свои внуци или вујкото со децата на неговата сестра, а не само посредно за официјални семејни прослави како што се за роденденот на мајката која е централна фигура на социјалната мрежа.

***Големина -*** Со помош на оваа варијабла се опишува реалната големина на социјалната мрежа, односно колку личности се дел од конкретната социјална мрежа, и се однесува на опсегот и составот на социјалната мрежа. На пример: во составот на една социјална мрежа не спаѓаат само членовите на семејството, туку и пријателите, комшиите, колегите, а составот е според возраста, полот, социјалната положба итн. на членовите на социјалната мрежа.

Во групата на ***интеракциските карактеристики на социјалната мрежа*** се вбројуваат: содржина, диретност, траење, интензитет и фрекфенција.

***Содржина*** **-** Преку оваа варијалба се добиваат информации за социјалната содржина на социјалната мрежа која е претставена преку врските помеѓу учесниците на социјалната мрежа. Оваа карактеристика го поставува прашањето за униплекситет или мултиплекситет во поврзаноста меѓу членовите  на социјалната мрежа. На пример:

контактот со колегите од работа не мора да биде само на работното место, туку може да опфаќа и заеднички активности во слободното време.

***Директност*** **-** Варијаблата директност обезбедува информација за тоа дали социјалните односи се едносмерни или реципрочни, односно интерактивни. Пример: вработениот службеник А ја познава личноста Б како свој шеф, но обратно-претпоставениот Б не мора и не го познава својот соработник А, што резултира со тоа што личноста А секогаш прв ја поздравува личноста Б.

***Траење*** - Варијаблата траење ја означува временската димензија на социјалната мрежа, т.е обезбедува информации за тоа колку долго веќе постои некој однос во мрежата, и колку долго би постоел и во иднина. Пример: А и Б се познаваат веќе три децении уште од времете на своите студентски денови. Оваа пријателство се претпоставува дека ќе се одржи се до нивната длабока старост.

***Интензитет*** - Карактеристиката интензитет ја означува „силата“ или „слабоста“ на некој однос, т.е степеност на емоционална поврзаност. На пример: социјалната поврзаност на ќерката и таткото како резултат на воспитувањето, може да биде многу површна или пак емоционално многу нагласена и со голем интензитет.

***Фрекфенција*** - Варијаблата фрекфенција се однесува на редовноста во социјалната мрежа, на пример во поглед на социјалните контакти и помошта. Пример: две семејства од исто соседство оставруваат контакт еднаш годишно на некоја прослава или пак секојдневно остваруваат контакти и комуникација преку непосредни посети.

## 7.3 Видови на социјални мрежи

Во литературата се разликуваат неколку основни видови на социјални мрежи: примарна или микросоцијална мрежа, секундарна или маркосоцијална мрежа и терцијална или мезосоцијална мрежа.

### 7.3.1 Примарна или микросоцијална мрежа

Примарната социјална мрежа е основна и првична социјална мрежа која ја формира секоја индивидуа. Овој вид на социјална мрежа најчесто е претпоставка за формирање и

одржување на други социјални мрежи. Примарната социјална мрежа претставува мрежа која е формирана врз основа на природна поврзаност помеѓу нејзините членови. Односно, тоа е мрежа која е најнепосредната и најблиската мрежна зедница во која поединецот членува, во која е роден или која самиот ја избрал.

Примарана социјална мрежа може да претставува едно семејство, роднините, соседството, пријателите или работното место и одговара на прашањето какви односи има креирано индивидуата со другите луѓе од нејизината примарна мрежа и какво значење имаат тие односи за самата индивидуа. Во средиштето на оваа социјална мреже се наоѓаат: семејство, роднини, соседи, пријател или пријатели, мали и претшколски деца, млади родители, стари лица, самохрани родители, жени и лица со попреченост.

Оваа социјална мрежа е пред се лична мрежа на поединецот и односите во неа се повеќе или помалку засновани на директни, лице во лице односи. Најчесто примарната социјална мрежа е основен извор на помош и поддршка за индивидуата кога истата се соочува со потешкотии, или пак претставува важен ресурас кој го користат другите социјални мрежи при креирање на помош и поддршка за поединецот.

Примарната социјална мрежа е составена од четири подрачја на микросоцијалното животно опкружување на поединецот и тоа: семејна мрежа, родбинска мрежа, соседска мрежа и пријателска мрежа.

***Семејна мрежа***: Семејната мрежа е најмалата примарна социјална мрежа и според традицијата на семејни вредности најгуста мрежа на социјални односи. Во оваа мрежа спаѓаат родители и/или деца како и браќа и сестри. Семејната социјална мрежа е од суштинска важност во првите години од животот на детето која на детето му ја обезбедува потребната грижа, нега и љубов која е од изворно заначење за негов понатамошен правилен психо - физички раст и развој. Оваа социјална мрежа е и првата социјална мрежа која ја запознава детето и во која членува. Иако оваа социјална мрежа има најголемо значење во детството по што нејизното значење опаѓа, сепак таа претставува најважна социјана мрежа за помош и поддршка на децата низ целиот животен пат.

***Родбинска мрежа:*** Родбинската мрежа ја сочинува проширениот семеен систем на индивидуата. Во оваа подрачје на примарана социјална мрежа спаѓаат баби и дедовци, односно внуците, сите тетки, чичковци, вујни, братучеди, односно роднини од прво и второ колено како и сите други роднини од трето и четврто колено. Во последно време

родбинската мрежа бележи тренд на намалување на својата големина во споредба со минатото, поради намалување на големината на примарното семејство, но и покрај тоа сеуште игра значајна улога во општествениот живот на поединецот.

***Соседска мрежа:*** Во соседска мрежа се вбројуваат контактите и односите кои ги има поединецот спрема другите луѓе од неговото непосредното животно опкружување. Оваа социјална мрежа претставува прва социјална мрежа која е „наметната", односно настаната врз основа на некои интереси или потреби на поединците. Соседската мрежа е просторно и временски ограничена, а поради се поголемата мобилност на луѓето, најчесто поради работните обврски, односите помеѓу нејзините членови се формални и површни.

***Пријателска мрежа:*** Пријателската мрежа е исто така „наметната" социјална мрежа, која за разлика од соседската мрежа е создадена врз основа на сопствената волја и одлука на поединецот. Односите во пријателската мрежа се од значење за поединецот и неговата благосостојба поради што овие односи тој ги негува и одржува краток или долг временски интервал. Оваа мрежа е составена од соседски, училишни, работни или други социјални контакти кои ги остварува индивидуата во неговиот живот.

### 7.3.2 Значење на примарните микросоцијални мрежи

За да можат примарните социјални мрежи да бидат искористени како ресурс кој обезбедува помош и поддршка на индивидуата, најпрвин е потребно да се разбере нивното значење.

Паралелно со процесот на индустријализација и индивидуализација и под влиајние на многу општествени настани и случувања, започнат е процесот на „раздвојување" на семејството или пак испреплетување на семејството. Раздвојувањето значи дека *социјалната мрежа на семејството* е се повеќе непостојана, нестабилна и се повеќе преставува само дел од една поголема примарна социјална мрежа во која можат да се врбројат соседите, пријателите итн. Наспроти ваквиот тренд се наоѓаат истражувања кои потврдуваат дека новите трендови на креирање и одржување на семејните односи немаат за последица губење на примарните односи во семејните социјални мрежи и нивното значење за поединецот, посебно нагласувајќи дека блисите родини, посебно родителите остануваат централни личности и ресурси на кои секогаш може да сметаме. Доколку сепак

станува збор за губење на значењето на семејството, тоа не се однесува на блиските роднини, туку на подалечните роднини, пред се на тие од трето и четврто колено.

Како и да е, заедничка е констатацијата дека под се поголемо влијание на разните начини на задоволување на егзистенциајлните потреби постои менување на семејната и родбинска мрежа и на нивното значење за индивидуата, во најголем број на случаи и нивно надополнување со други социјални мрежи а во некои случаи дури и нивно заменување.

*Соседската мрежа* како подрачје од примарната социјална мрежа, според низа истражувања спроведени во таа област, се покажува како мрежа која обезбедува најмалку помош и поддршка на поединецот од сите четири домени на примарната социјална мрежа. Контактите со соседите се процентуално многу помали од тие со семејството, роднините и пријателите и тие најчесто се движат од потполно отсуство на контакт и комуникација, преку културно поздравување при случајна средба до површен разговор и посета при пружање на некој вид на помош. Меѓутоа, соседската мрежа има свое место и значење во животот на определени групи на индивидуи. Тоа пред се се однесува на семејствата со мали деца, за старите лица и лицата со инвалидитет кои поради својата намалена подвижност се начесто упатени на помошта од соседите, најчесто за обезбедување на своите секојдневни потреби.

*Социјална мрежа која ја сочинуваат пријателите* скоро секогаш е наоѓа на највисокото место кога станува збор за обезбедување на потребната помош и поддршка на индивидуата. Овој вид на социјална мрежа во општество кое се повеќе се индивидуализира зазема се позначајно место. Социјалните односи кои се изградени врз база на доброволност и самоопределба, според истражувањата, покажуваат најмал степен на критика заради добиената или недобиена помош. Така, се наведува дека индивидуата ја добива потребната поддршка од социјалната мрежата на пријатели скоро за сите видови на потреби, од решавање на лични проблеми и потешкотии, материјална или конкретна помош до дружење и квалитетно исполнување на слободното време. Поради низа општествени процеси како што се процесот на еманципација на индивидуата, образованието и мобилноста на луѓето, бројот на пријатели се зголемува а со тоа и значењето на овој вид на примарна социјална мрежа како ресурс за благосостојбата на поединецот. Значењето на социјалната мрежа која ја сочинуваат пријателите може да се искаже на следниот начин

„Мрежата на пријатели во оптштество со многу колаж - биографии има се поголемо значење и важен дел од целокупната социјална мрежа на поединецот“ (Beck,1992).

Колку и да се присутни во секојдневието на индивидуата преку разни форми процесите на глобализација и институционализаија, сепак примарните социјални мрежи играат значајна централна улога за благосостајба и поддршка на сите индивидуи. Општеството и другите видови на социјални мрежи не можат да ја заменат примарната заедница како интимен социјален соживот на индивидуата.

### 7.3.3 Секундарни или макросоцијални мрежи

Значајни извори за помош и поддршка на индивидуите со цел надминување на потешкотиите кои се наоѓаат на секој животен пат или одржување на благосостојбата на поединецот освен примарните социјални мрежи, претставуваат и секундарни социјални мрежи. Под секундарни социјални мрежи се подразбираат општествените мрежи во кои поединците се социјализираат и кои имаат одлучувачко влијание во секојдневниот живот на поединецот. Во секундарни мрежи се вбројуваат: детска градинка, училиште, факултет, работна организација, продавница, услужната дејност, разни институции или организации за активностите од слободното време итн. Секундарните социјални мрежи најчесто претставуваат организации и институции од општествениот макросвет, во кои се опфатени сите приватни пазарно ориентирани и јавно организирани социјални мрежи.

***Пазарно ориентирани институционални мрежи*** **-** Во оваа група на социјални мрежи спаѓаат сите приватно пазарно ориентирани фирми и корпорации во индустријата и услужниот сектор кои агираат на пазарот и чии што структури се формирани и се под влијание на понудата и побарувачката на пазарот. Конкретен пример за вакви мрежи се работните места на поединците во индустријата, занаетчиските работилници, трговските центри, приватни компнани од различни стопански и земјоделски дејности итн.

***Јавни институционални мрежи*** - Јавните институционални мрежи ги опфаќаат сите социјално - државни услужни дејности и политички инфраструктури кои основно се финансираат од даноците и таксите во една држава, а се на располагање на граѓаните. Под јавни институционални мрежи се подразбираат, помеѓу другите, сите институции за социјализација на луѓето почнувајќи од детска градинска, училиште, универзитет, дом за стари лица и сл., работните места на поединците кои работат во услужните дејности како

социјални и здравствени установи, јавни претпријатија, установи и институции, државните институции, судовите и сл.

### 7.3.4 Значење на секундарните социјални мрежи

Значењето на секундарните социјални мрежи произлегува од социјалната, општествена природа на човекот. Човекот е општествено суштество и како такво има потреба од интеракција со други луѓе и градење на меѓусебни односи заради задоволување на своите лични и нагонските потреби. Во последните години се бележи зголемување на секундарните социјални мрежи од кои поединецот обезбедува поддршка. Овој факт може да се објасни на два начина: како квантитативен и квалитативен пораст на социјалните институции и социјалните услуги што се нудат на подрачјето на социјалната работа и кои луѓето ги користат или се принудени да ги користат бидејќи поради одредени проблеми само на тој начин ја добиваат помошта или поддршката што им е потребна. Од друга страна се наоѓа феноменот на социјална зависност од социјалните институции.

Појавата на одредени општествени проблеми кои се присутни и на глобално ниво: невработеност, сиримаштија, бездомништво, психосоцијални проблеми итн. резултира со развој на разни социјалните услуги и права како одговор на социјалната држава на општествените проблеми заради заштита на лицата кои се изложени на социјални ризици, и на тој начин создала зависност од нив. И покрај различните погледи на оваа прашање, зедничка е констатацијата дека разните социјални мрежи низ годините добиваат се поголемо значење за поединецот и претставуваат многу значаен ресурас за негова поддршка и помош при соочување со одредени кризни ситуации.

Од секундарните социјални мрежи значајно е да се спомене социјаната мрежа на работното место, бидејќи согласно должината на работниот век на човекот, членувањето во истатат претставува значаен дел од неговиот животот. Со развојот на техниката и технологијата, а посебно со појавата на информатиката и интернетот, работните места се под ефект на рационализација, т.е со зголемување на техничко - технолошката опременост опаѓа бројот на вработени. Но од друга страна расте бројот на услужните и помагателните приофесии и работни места.

### 7.3.5 Терцијални или мезосоцијални мрежи

Терцијалните социјални мрежи се вбројуваат во примарните и секундарните социјални мрежи на средно ниво, односни истите фигурираат како алтернатива на примарните и секундарните социјални мрежи или како посердна инстанца помеѓу нив. Промените кои се случуваат во примарните мрежи (на пр. ерозија на семејството) и секундарните мрежи (намалување на услугите на социјалната држава и континуитетот на социјалните проблеми) водат до зголемување на значењето на овој вид на социјална мрежа со текот на време. Терцијалните социјални мрежи претставуваат поголеми целини, кои се од значење за обезбедување на помош и поддршка на поединецот и во оваа група спаѓаат: групите за самопомош, невладините организации и интермедијалните професионални услужни делатности.

***Групи за самопомош*** - Групите за самопомош имаат за цел да ги олеснат неповолните животни ситуации во кои се наоѓаат луѓето. Тие се наоѓаат помеѓу самопомошта во неформалните примарни мрежи и јавната помош обезбедена преку формални професионални системи на помош од страна на државата или добротворните организации (секундарни мрежи). Групите за самопомош се формирани како резултат на дефицитарност на помош во примарните и секундарните мрежи, но делумно и како демонстративен отпор на нив. „Самопомошта е посебен облик на граѓански ангажман во чија рамка граѓаните врз принципот на реципрочност и солидарност заедно со другите се ангажираат во своја и туѓа корист. Самопомош е самоорганизирана помош во групи и иницијативи во прегледна мрежа на социјални односи. Самопомошта има свое место во заедницата. Соработката во групите за самопомош е заснована на „доброволна основа“ (Braun, 1996). За многу луѓе групите за самопомош претставуваат најважна или дури и единствена помош во совладување на проблемите со кои се соочуваат. „Промените кои се случуваат во семејството покажуваат дека денес се појавиле голем број на нови проблеми, кои не можат да се решат внатре во семејнииот систем, ниту преку бирократската државна помош. Помеѓу релативната изолација од семејните односно примарните групи и формалниот сектот на помош со својата воспоставена рутина на решавање на проблемите, се создаваат се повеќе самоорганизирани иницијативи, кои експериментираат со нови облици на решавање на индивидуалните и колективните проблеми...групите за самопомош

претставуваат инстанца помеѓу формалниот сектор на помош и примарните групи“ (Hebenstreit - Mueller 1990).

Во литературата се среќаваат седум групи на самопомош: психолошко - терапевтски групи (пр. анаонимни зависници од алхохол, храна, хазардерство, на болни од рак, болни од сида итн.), медицински групи и организации на самопомош (пр. сојуз на асматичари, на крводарители итн.), групи за самопомош кои делуваат заради организација на животот во една заедница (пр. на жители на една зграда, селски заедници итн.), групи на самопомош ориентирани на работата (пр. група на невработени), групи за самопомош ориентирани на учење и образование (пр. доживотно учење, учење во групи итн.), иницијативи на граѓани (пр. во областа на образованието, заштита на околината итн.).

***Интермедијални професионални услуги*** - Како терцијална социјална мрежа, услужната дејност и професиите кои посредуваат помеѓу поединецот (примарна мрежа) и државните институции (секундарна мрежа) се повеќе и повеќе добиваат на важност. Комплексноста на целокупно општествено, системското и животното опкружување на поединецот наметнува потреба од негова помош за да може да ја согледа и разбере социјалната стварност и активно да делува во истата. Бројот на професии и услужни делатности кои делуваат во интермедијална смисла бележи тренд на зголемување и тоа најчесто во јавниот сектор. Такви професии се: социјални работници, советувалишта, психолози, медицински сестри и негователи, советници за избор на професија, адвокати, советници за даночни прашања, брокери, економски стручњаци, разни советници, итн.

***Невладини организации*** - Невладините организации претставуваат иницијативи на граѓани кои функционираат на принципот на умрежување на поединците и локалните, националните, меѓународните институции или организации. Невладините организации делуваат на локално ниво (пр. акција против изградба на некоја улица или за изградба на детско игралиште), на национално ниво (пр. друштво за заштита на природата) и на меѓународно ниво (пр. заштита на животните или заштита на човековите права). Невладините организации фигурираат и во политичката јавност, често како претставници на партија, парламент, влада, но и како претставници на општествените групи и организации за лобирање во индустријата или во други области.

### 7.3.6 Значење на терцијалните социјални мрежи

Промените во една државата и промените на глобално ниво со својата динамика не одат заедно со развојниот процес на поединецот. Динамиката на промени, транзиција, иновации, раст и развој во општестството претставуваат дополнително оптоварување во животните проблеми и дилеми со кои се соочува човекот секојдневно. Токму поради тоа, користењето на терцијалните социјални мрежи секаде каде примарните и секундарните мрежи нема да можат да му ја понудат потребната помош на поединецот, се пртпоставува дека во ќе претставува се позначаен, а можеби и единествен ресурс кој поединецот ќе може да гго искористи. Врз основа на вака поставената констатација, во иднина може да се очекува дека ќе се проширува полето на делување на групите за самопомош, интермедијалните професионални услуги и професии и невладините организации и ќе се зголемува нивниот број.

## 7.4 Значење на социјалните мрежи во социјалната работа со деца без родителска грижа

Значењето на социјалната мрежа во социјалната работа со децата без родители и родителска грижа е во корелација и директна врска со социјалната поддршка. Имено, дали и каква социјална поддршка ќе добие детето и уште поважно дали социјалната поддршка ќе биде адекватна на неговите потреби ќе зависи од карактеристиките на неговата социјална мрежа. Постоењето на квалитетна социјална мрежа на едно дете без родители и родителска грижа е основен предуслов и основа за обезбедување на негова социјална поддршка, секогаш кога тоа ќе има потреба од помош и поддршка во соочување со животните предизвици.

Социјалните мрежи поделени во својата основа на примарни, секундарни и терцијални мрежи овозможуваат диференцијација на животните области на детето и според тоа различен приод и анализа на истите. Нивната анализа од своја страна овозможува структурирање на социјалното опкружување на секој поединец и поединечен пристап кон реалните социјални односи кои постојат во конкретната социјална мрежа. Преку примена на варијаблите на социјалната мрежа може да се дефинира густината, големината,

содржината, интензитетот и сл. на поединечните социјални мрежи на секоја индивидуа, за да може по прецизно да се опишат нивните предности и слабости, и на тој начина да се одреди неопходната социјална помош и поддршка. *Познавањето на реалната социјална мрежа на детето* претставува појдовна точка на стратегијата на секој стручњак или тим на лица кои сакаат или имаат должност да му обезбедат помош и поддршка.

Меѓутоа, за децата кои останале без родители и родителска грижа не е важно само да се осознае и истражи нивната социјална мрежа, туку многу поголема е потребата од нејзино проширување, менување и надополнување со нови ресурси кои ќе им обезбедат социјална поддршка и помош секогаш кога имат потреба од тоа. Ова особено се однесува на секундарните и терцијалните социјални мрежи, во кои припаѓа и социјалната работа преку разните свои форми на работа, кои во отсуство или нефунционалност на примарните социјални мрежи имаат есенцијална улога во обезбедување на социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа и нивна благосостојба.

Осознавање на социјалната мрежа на детето без родители и родителска грижа има уште една своја димензија а тоа е *раскинување или модифицирање на штетните и патолошки социјални односи* со членовите на неговата социјална мрежа. Информациите кои се обезбедуваат од анализа на социјалните мрежи дистрибуираат сознанија за сите социјални односи кои ги има детето, а со тоа и сознанија за влијанието што го имаат истите врз неговиот целокупен раст и развој на социјален, психолошки, педагоши план. Тоа остава простор за социјална работа со детето и лицето или лицата со кои го гради социјалниот однос да се искористи максимумот од капацитетите, доколку истите се поседуваат во насока на корегирање на негативниот и дисфункционален однос во потикнувачки, позитивен и помагателен или истите да се прекинат доколку не постојат никакви можности за подобрување.

Сето ова јасно говори за значењето и важноста на социјалната мрежа за децата кои останале без родители и родителска грижа, за нејзиното проучување, менување и надградување. Податоците кои се добиваат од анализа на социјалната мрежа како целина, или секоја од социјалните мрежи (примарна, секундарна, терцијална) поединечно, претставуваат појдовна основа за разбирање на животната ситуација во која се наоѓа детето а со тоа и одлучувачки фактор за обезбедување на адекватна социјална помош и поддршка на децата.

# II ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

# В О В Е Д

Голем број истражувања во светот зборуваат за социјална поддршка, не само како за значајна детерминанта на самодовербата кај децата туку и како фактор што придонесува за позитивен развој на поимот за себе и важен протективен фактор кој ги штити децата од потенцијалните негативни ефекти на стресот (Марфи и Мориарти, 1976, Сендлер, 1980; Garmezy and Rutter, 1985, Rutter,1989 според Živčić Bećirević, 1995 - 1996).

Вакви истражувања за влијанието и значењето на социјална поддршка за целокупниот раст и развој на децата без родители и родителска грижа во Република Северна Македонија досега нема спроведено. Истражувања на оваа тема во регионот се реализирани во Република Хрватска.

Резултатите од едно такво истражувањето за перцепцијата на социјалната поддршка на децата кои се сместени во детските домови и во згрижувачките семејства во Република Хрватска, укажува на тоа дека децата од детските домови перцепираат помала социјална поддршка од децата во згрижувачки семејства. Забележани се разлики и во развиеноста на социјалната мрежа, при што социјалната мрежа на децата од детските домови е доста мала и затворена и се однесува на установата каде се сместени (Sladovic Franz, Mijkanovic, 2003).

Во друго истражување за социјалната поддшка на децата без родители и родителска грижа сместени во детските домови и во згрижувачките семејства во Република Хрватска се добиваат слични податоци кои укажуваат на тоа дека децата сместени во домови за деца имаат помала социјална поддршка во однос на децата сместени во згрижувачко семејство, како и во однос на децата од општата популација, односно децата кои живеат со своите родители (Kregar, 2004).

# 1. Дефинирање на проблемот на истражување

Социјалната поддршка претставува мултидимензионален концепт, кој игра важна улога при надминување на различните проблеми и потешкотии со кои се соочува личноста, при донесувањето на важни одлуки, во креирањето на ставови за животот и јакнење на самодовербата. Квалитетна социјална поддршка е потребна во текот на целиот животот, но таа е особено важна за правилен психо - социјалниот развој на децата. Социјалната поддршка е важен фактор за успешно прилагодување на детето кон општествените норми и значаен заштитен фактор во контекст на заштита на детето од занемарување и злоупотреба. Поради тоа посебно внимание треба да се посвети на социјалната поддршка на децата без родители и родителска грижа, како една од најранливите категории во општеството.

Социјалната поддршка се дефинира како „постоење или достапноста на луѓе од кои може да очекуваме поддршка, кои јасно ни дале до знаење дека дека на сакаат, се грижат за нас и не почитуваат“ (Sarason et al, 1983, според Živčić Bećirević, 1995 - 1996).

Во основа таа содржи две меѓусебно независни компоненти:

- доволен број на достапни лицата на кои може да се потпре личноста во случај на потреба и
- степенот на задоволство кој го обезбедува достапната поддршка.

Постојат неколку вида на социјална поддршка и тоа: емоционална, инструментална, информативна и мрежна поддршка.

***Емоционалната поддршка*** ја претставува довербата, љубовта, моралната потпора и емпатијата која една личност знае дека ја има од други личности или од околината. Емоционалната поддршка се развива и се зголемува низ комуникација со другите луѓе кои ја прифаќаат личноста каква што е, ги прифаќаат нејзините вредности и ја почитуваат без разлика на нејзините грешки или лични неуспеси.

***Материјалната или инструменталната поддршка*** обезбедува на личноста директна поддршка во облик на услуги или материјални добра (финансиска помош, помош околу домаќинството, чување на деца и сл.) или поддршка во други активности како забава или опуштање.

***Советодавната или информативна помош*** претставува поддршка во дефинирање, разбирање и соочување со проблемот. Таа се состои од давање на совети, предлози или повратни информации за решавање на проблемот на личноста.

***Поддршка за дружење или мрежна поддршка***, се однесува на членство во некоја општествена група која овозможува чувство на припадност бидејќи членовите на групата споделуваат исти интереси, социјални активности и искуства.

Важен аспект на социјалната поддршка е концептот на социјална мрежа на личноста (Agneessens et al, 2006), бидејќи социјална поддршка е често утврдени со големината, структурата и карактеристиките на социјалната мрежа на личноста (Braunel and Shumaker, 1985). Социјалната поддршка произлегува од социјалната мрежа во која индивидуата припаѓа, но самото постоење на социјална мрежа не гарантира обезбедување на социјална поддршка.

***Социјалната мрежа*** се однесува на структурата на постоечките социјални односи, на квалитетот и видот на тие односи, додека социјаланта поддршка се однесува на комплексни процеси на трансакција кои вклучуваат интерактивен процес помеѓу една централна личност и нејзината социјална мрежа (Vaux,1988 според Brzjsa - Zganec, 1997).

Како дел од поширокиот конструкт на социјалната поддршка влегува и ***перцепцијата за социјалната поддршка, односно за задоволството од добиената социјална поддршка,*** за која што и повеќето истражувања покажуваат дека субјективната проценка од добиената социјална поддршка, има значајна улога при реакцијата на личноста во стресни ситуација многу повеќе отколку тоа поддршката да е навистина достапна или обезбедена (Barrera and Ainlay,1983; Sarason et al,1983; Robins and Blok, 1989; Паркер et al, 1990; Ват et al,1990; Vaux et al,1986; Živčić po Bećirević,1995 - 1996). Се претпоставува дека задоволството од добиената социјалната поддршка во голема мера го одредува доживувањето кое го има детето за неговата лична благосостојба и личните карактеристики од објективните карактеристики на социјалните мрежи (Вотс et al, 1990 според Živčić - Bećirević, 1995 - 1996).

Социјалнната поддршка може да се обезбеди од повеќе извори: семејството и роднините, врсниците, пријателите итн.

Проблемот на оваа истражување е фокусиран на презенитирање на задоволството од добиената социјалната поддршка на децата без родители и родителска грижа.

Определбата за истражување на социјалната поддршка на децата без родители и родителска грижа произлегува од фактот дека квалитетната социјална поддршка остварена во детството е главен фактор за заштита на менталното здравје и превенција од штетните влијанија од стресот во возрасниот период.

# 2. Предмет на истражувањето

Во истражувањето е пристапено кон проучување на концептот на социјалната поддршка кај децата на децата без родители и родителска грижа. Со оглед на тоа дека субјективната димензија на задоволство од добиената социјаланта поддршка има поголемо значење за правилен психо - социјален развој на личноста од објективната количина на примената поддршка, токму аспектот на задоволство од добиена социјална поддршка кај децата без родители и родителска грижа е предмет на ова истражување.

Важен аспект на социјалната поддршка претставува социјалната мрежа на индивидуата, поради што социјалната поддршка е анализирана преку видовите на социјална мрежа на децата без родители и родителска грижа.

## 2.1 Дефинирање на поимите

Поимите кои се користени во истражувањето го имаат следното значење:

**Социјална заштита -** социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку, мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните (Закон за социјална заштита, Службен весник на РСМ, бр. 104/2019).

**Социјална поддршка -** постоење или достапноста на луѓе од кои може се очекува поддршка, кои јасно им дале до знаење на децата без родители и родителска грижа дека ги сакаат, се грижат за нив и ги почитуваат. Социјалната поддршка се состои од комплексен процес на трансакција кој вклучува активна интеракција помеѓу детето кое е во центарот на неговата социјална мрежа.

**Социјална мрежа** – во најопшта смисла претставува конструкт кој во себе ги вклучува сите социјални односи на една индивидуа, семејни, пријателски, родбински итн. Социјалната мрежа се однесува на структурата на постоечките социјални односи и на квалитетот на тие односи (Vaux, 1988, според Brajsa - Zganec, 1997). Таа претставува вкупност на примарната, секундарната и терцијалната мрежа на една индивидуа.

**Примарната социјална мрежа -** за оваа истражување се дефинира како: непосредната и најблиска зедница на детето без родители и родителска грижа во која тоа членува. Нејзини составни делови се: семејна мрежа, родбинска мрежа, соседска мрежа и пријателска мрежа.

**Секундарна социјална мрежа** – се однесува на општествените мрежи во кои децата без родители и родителска грижа се социјализираат, организации и институции од општествениот макросвет на децата кои им обезбедуваат помош и поддршка. Во секундарна социјална мрежа на децата без родители и родителска грижа се вбројуваат: установи (социјални, здравствени, образовни), бизнис сектор, разни институции или организации за активностите од слободното време.

**Терцијална социјална мрежа -** претставуваат поголеми целини од примарните и секундарните социјални мрежи за обезбедување на помош и поддршка на децата без родители и родителска грижа и често функционираат како посердна инстанца помеѓу нив. Во терцијална социјална мрежа на децата без родители и родителска грижа влегуваат: групи за помош и поддршка, граѓански организации, адвокати и советници.

**Деца без родители и родителска грижа** - дете без родителска грижа е дете чии родители не се живи кои се исчезнати, непознати или се со непознато живеалиште повеќе од една година и дете чии родители без оглед на причините привремено или трајно не ги извршуваат своите родителски права и должности (Закон за семејство, Службен весник на РМ бр. 80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, член 159).

**Форми на заштита на деца без родители и родителска грижа -** форми за заштита на деца без родители и родителска грижа се: старателство, посвојување, живеење со поддршка, згрижување во друго семејство, сместување во установа (Закон за социјална заштита, Службен весник на РСМ, бр. 104/2019).

**Семејство -** семејството е животна заедница на родители и деца и други роднини, ако живеат во заедничко домаќинство. Семејството настанува со раѓање на деца и со

посвојување (Закон за семејство, Службен весник на РМ бр. 80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008). Децата без родители и родителска грижа опфатени со оваа истражување живет во домот на старателот, згрижувачкото семејство или социјалната установа, односно малиот групен дом.

# 3. Цел и карактер на истражувањето

## 3.1 Научна цел

Целта на оваа истражување е да се утврди социјалната поддршка на деца без родители и родителска грижа, односно задоволството од добиената социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа.

## 3.2 Практична цел

Практичната цел на истражувањето е да се добие јасна слика за социјалната поддршка која ја имаат децата без родители и родителска грижа*, односно задоволството од добиената социјална поддршка,* со цел подобрување на квалитетот на социјалната поддршка која ја добиваат децата без родители и родителска грижа во рамките на нивните социјални мрежи, но и да се унапреди социјалната работа со децата без родители и родителска грижа во насока на обезбедување на адекватна социјална поддршка која ќе обезбеди заштита на нивните права и најдобри интереси, позитивен развој на сликата за себе, негување на квалитетни социјални односи и полесно социјално прилагодување,

## 3.3 Карактер на истражувањето

Описно (дескриптивно) истражување - претставува истражување преку кое се презентира слика на специфични детали за предметот на истражувањето, кој во рамките на оваа истражување е задоволството од добиената социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа и нејзината корелација со социјалната мрежа на децата без родители и родителска грижа. Примената на овој вид истражување произлегува од самиот предмет на истражување, односно потребата да се утврди задоволството од добиената

социјална поддршка на деца без родители и родителска грижа, задоволство според видовите на социјална поддршка, задоволство според видови на социјални мрежи и нивната меѓусебна поврзаност.

# 4. Задачи на истражувањето

Истражувањето има за цел да го утврди следното:

- Дали примарната социјална мрежа влијае врз задоволството од добиена социјалната поддршка на децата без родители и родителска грижа;
- Дали секундарната социјалната мрежа влијае врз задоволството од добиена социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа;
- Дали терцијалната социјалната мрежа влијае врз задоволството од добиена социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа;
- Дали примарната социјална мрежа влијае врз задоволството од добиена емоционална поддршка на децата без родители и родителска грижа;
- Дали примарната социјалната мрежа влијае врз задоволството од добиена инструментална поддршка на децата без родители и родителска грижа;
- Дали примарната социјалната мрежа влијае врз задоволството од добиена информативна поддршка на децата без родители и родителска грижа;
- Дали примарната социјалната мрежа влијае врз задоволството од добиена поддршка за дружење на децата без родители и родителска грижа.

# 5. Хипотези

## 5.1 Општа хипотеза

1.Се претпоставува дека задоволството од добиената социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа зависи од видот на социјалната мрежа.

## 5.2 Посебни хипотези

1. Се претпоставува дека задоволството од добиената социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа е најголемо од примарната социјална мрежа.

2. Се претпоставува дека задоволството од добиената социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа од секундарна социјална мрежа е во мал обем.

3. Се претпоставува дека задоволството од добиената социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа е најмало од терцијална социјална мрежа.

4. Се претпоставува дека задоволството од добиената емоционална поддршка на децата без родители и родителска грижа е наголемо од примарната социјална мрежа.

5. Се претпоставува дека задоволството од добиената инструментална поддршка на децата без родители и родителска грижа е наголемо од примарната социјална мрежа.

6. Се претпоставува дека задоволството од добиената информативна поддршка на децата без родители и родителска грижа е наголемо од примарната социјална мрежа.

7. Се претпоставува дека дека задоволството од добиената поддршка за дружње на децата без родители и родителска грижа е наголемо од примарната социјална мрежа.

# 6. Варијабли

## 6.1 Независна варијабла

Независна варијабла во истражувањето е задоволството од добиената социјалната поддршка на децата без родители и родителска грижа.

## 6.2 Зависна варијабла

Зависна варијабла во ова истражувањето се видовите на социјална мрежа (примарна, секундарна и терцијална мрежа) и видовите на социјална поддршка (емоционална, инструментална, информативна и поддршка за друженје) на децата без родители и родителска грижа.

Од посебен интерес за истражувањето е примарната социјална мрежа на децата без родители и родителска грижа поради нејзиното значење и влијание врз целокупниот раст

и развој на децата, а особено од аспект што природното семејство на децата без родители и родителска грижа, пред се родителскиот систем, поради разни причини не е во состојба да ги исполини своите функции во однос на заштита и грижа за своите деца. Од примарна социјална мрежа се аналазирани семејството, односно заедницата во која живеат децата без родители и родителска грижа (домот на старателот, згрижувачко семејство, мал групен дом) и мрежата на пријатели.

# 7. Методи, техники и инструменти на истражувањето

## 7.1 Метод на истражување

Во истражувањето е користен методот на триангулација кој подразбира примена на најмалку два различни методи. За оваа истажување е користен квантитативно - квалитативниот пристап кој овозможи употреба на различни техники и инструменти за прибирање на податоци за предметот на истражувањето, како и за анализа на добиените резултати.

## 7.2. Техники и инструменти на истражување

Во рамките на оваа истражување се применети следните техники и инструменти:

**Анкетен прашалник -** претставува квантитативна истражувачка техника со која се испитани ставовите и мислењата на децата без родители и родителска грижа за перцепцијата на задоволство од социјална поддршка кој ја добиваат. Прашалник дизајниран за оваа истражување се состои од пет прашања. На секое прашање децата можат да одберат личност/личности од нивните социјални мрежи кои им помагаат во конкретни ситуации, оценувајќи го од 1-5 задоволството од добиената помош или поддршка.

Како инструмент во истражувањето е користена и Скала на задоволството од добиена социјална поддршка (Zivic - Becirevic, 1996) која е прилагодена за потребите на оваа истажување, за да може да одговара на специфичностите на животот на децата без родители и родителска грижа. Со помош на оваа скала, се добиени информации за ***задоволството од добиената емоционалната поддршка на децата без родители и***

***родителска грижа,*** односно на перцепцијата на добиената социјална поддршка насочена кон одржување на позитивна слика за себе, за ***задоволството од добиената инструметалната поддршка на децата без родители и родителска грижа,*** а која се однесува на перцепцијата на децата без родители и родителска грижа за спремноста на блиските личности да им пружат помош и поддршка кога му е потребно, за ***задоволството од добиената информативната поддршка на децата без родители и родителска грижа,*** која се однесува на давање на совети, насоки и сугестии кога детето има потреба од водтсво при решавање на проблемите и за ***задоволството од добиената поддршка за дружење на децата без родители и родителска грижа,*** односно позитивната поддршка која е насочена кон припадноста на некоја група преку делење на заеднички интереси и учество во исти активности.

Скалата на задоволството од добиената социјална поддршка која е користена во истражувањето е составена од 15 прашања, од затворен тип на кои децата одговорија во која мера тврдењата го опишуваат нивното мислење со заокружување на еден од понудени одговори од 1-5.

**Полуструктуирано интервју** - е калитативна техника за собирање на податоци која согласно предметот на оваа истражување е употребена за добивање на информации за социјалната мрежа на децата без родители и родителска грижа. Со полуструктуираното интервју се опфатени лицата кои се грижат за децата без родители и родителска грижа, односно нивните старатели, воспитувачи од установите или згрижувачи и стручни лица од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Куманово кои ја извршуваат должноста старател по службена должност.

# 8. Обработка и анализа на податоци

Матрицата на податоци е базирана врз одговорите на анкетните прашања, во кој доминира номиналното ниво на мерење, односно податоци од прашања од ординални (ранг) тип, како што се прашањата од типот скала на проценка (скалер). Во нешто помала мерка се присутни и номинални тип на одговори (одговори да-не) и податоци од интервален тип.

Со оглед на природата на варијаблите и поставените истражувачки хипотези, во статистичката обработка на податоците се користени постапките на линеарна корелација (Пирсонов коефициент), тест на значајност на разлики меѓу аритметички средини за независни и за повторени мерки (t-тест), како и соодветни тестови од доменот на непараметриската статистика (хи-квадрат тест и Мен-Витни тест).

Статистичките пресметки се калкулирани во програмскиот пакет IBM SPSS 20.0 (Statistical Package for the Social Sciences). Добиените резулатати се прикажани во табеларен и графички облик.

# 9. Примерок на истражување

Истражувањето е спроведено на територија која е под надлежност на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Куманово, односно општините Куманово, Липково и Старо Нагоричане. Опфатени се евидентираните деца без родители и родителска грижа во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Куманово во текот на 2019 година, на возраст од 10 години до 18 години. Истражувањето е спроведено на вкупно 44 испитаника - деца без родители и родителска грижа.

Во истражувањето се опфатени и лицата кои се грижат за децата без родители и родителска грижа, односно непосредно им пружаат помош и поддршка согласно потребите на децата (старател, згрижувач, воспитувач од установа за социјална заштита) во вкупен број од 36 испитаника.

## 9.1. Структура на примерокот - деца без родители и родителска грижа

Примерокот на деца без родители и родителска грижа, според половата припадност во истражувањето е застапен во идентична пропорција, односно во истражувањето се опфатени по 22 девојчиња и 22 момчиња (Приказ бр.1).




| **Деца без родители и родителска грижа според пол** | **Фрекфенција (Ф)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| Машки | 22 | 50 |
| Женски | 22 | 50 |
| **Вкупно** | **44** | **100** |

**Приказ бр.1**

*Структура на деца без родители и родителска грижа според пол*

Во однос на возрасната структура на примерокот - деца без родители и родителска грижа, прикажан во приказ бр. 2 може да се констатира дека доминантна возрасна група ја сочинуваат децата од 10 години до 14 години, односно ученици во основно училиште (Приказ бр.2).




| **Структура на децата без родители и родителска грижа според возраста** | **Фрекфенција (Ф)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| Основно (10-14 години) | *26* | 59.1 |
| Средно (15-18 години) | 18 | 40.9 |
| **Вкупно** | **44** | **100** |

**Приказ бр. 2**

*Структура на примерокот - деца без родители и родителска грижа според возраст - образование*

Во поглед на националноста, според приказ бр.3 кај децата без родители и родителска грижа, како доминатна група е македонската националната припадност (59%), потоа следува ромската национална припадност (25%), и најмалку застапени се деца од албанска национална припадност (16%).




| **Национална припадност на децата без родители и родителска грижа** | **Фрекфенција (Ф)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| Македонци | 26 | 59.1 |
| Албанци | 7 | 15.9 |
| Роми | 11 | 25 |
| **Вкупно** | **44** | **100** |

**Приказ бр. 3**

*Структура на примерокот - деца без родители и родителска грижа според национална припадност*

Значајно за ова истражување е формата на заштита со која се опфатени децата без родители и родителска грижа. Децата без родители и родителска грижа се распоредени во три групи: сместени во установа - мал групен дом, сместени во згрижувачко семејство и деца без родители родителска грижа кои живеат во домот на старателот. Во однос на тоа, според Приказ бр.4 се забележува дека доминантна форма на заштита е старателство, односно децата без родители и родителска грижа најчесто живеат во домот на старателот (59%), потоа следуваат деца кои се опфатени со формата сместуавње во згрижувачко семејство (27%) и најмалку деца се сместени во установа, односно мал групен дом (14%).




| **Форма на заштита на децата без родители и родителска грижа** | **Фрекфенција (Ф)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| Установа- мал групен дом | *6* | 13.6 |
| Згрижувачко семејство | 12 | 27.3 |
| Живее со старателот | 26 | 59.1 |
| **Вкупно** | **44** | **100** |

**Приказ бр.4**

*Структура на примерокот - деца без родители и родителска грижа според формата на заштита*

## 9.2 .Структура на примерокот лица кои се грижат за децата без родители и родителска грижа

Што се однесува до другиот дел од примерокот т.е. лицата кои се грижат за децата без родители и родителска грижа, може да се види дека има повисоката застапеност на испитаници од женскиот пол (Приказ бр.5). Ваквата дистрибуција на половата застапеност донекаде е очекувана, бидејќи генерално женскиот пол е почесто застапен во социјалната сфера.




| **Структура на лицата кои се грижат за децата без родители и родителска грижа според пол** | **Фрекфенција (Ф)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| Машки | 11 | 30,6 |
| Женски | 25 | 69,4 |
| **Вкупно** | **36** | **100** |

**Приказ бр. 5**

*Структура на примерокот - лицата кои се грижат за деца без родители и родителска грижа според пол*

Што се однесува до делот од примерокот (Приказ бр.6) со кој се опфатени лицата кои се грижат за децата без родители и родителска грижа, може да се види дека доминираат возрасните групи над 30 години (92%), додека возрасната група под 30 години е застапена во мал број (8,3%).




| Структура на лицата кои се грижат за деца без родители и родителска грижа според возраст | Фрекфенција (Ф) | Процент (%) |
|---|---|---|
| До 29 години | 3 | 8,3.1 |
| Од 30 години до 39 години | 11 | 30,6 |
| Од 40 години до 49 години | 12 | 33,6 |
| Над 50 години | 10 | 27,8 |
| **Вкупно** | **36** | **100** |

**Приказ бр. 6**

*Структура на примерокот - лицата кои се грижат за деца без родители и родителска грижа според возраст*

Структурата на примерокот според националноста кај лицата кои се грижат за децата без родители и родителска грижа, во иста мерка ја рефлектира пропорцијата меѓу различните етнички припадности како и кај децата без родители и родителска грижа. Како етнички Македонци се изјасниле 75%, како Албанци 8,3% и како Роми 16,7%. (Приказ бр.7).




| **Структура на лицата кои се грижат за деца без родители и родителска грижа според националност** | **Фрекфенција (Ф)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| Македонци | 27 | 75 |
| Албанци | 3 | 8,3 |
| Роми | 6 | 16,7 |
| **Вкупно** | **36** | **100** |

**Приказ бр.7**

*Структура на примерокот - лицата кои се грижат за деца без родители и родителска грижа според нацпоналност*

# 10. Резултати од истражувањето

Анализата и елаборацијата на резултатите од статистичката обработка на прибраните податоци е организирана сукцесивно следејќи ја проблематиката покриена со претходно наведените истражувачки хипотези. Поконкретно, претставени и коментирани се наодите и запазувањата од анализата на мислењата на децата без родители и родителска грижа за (1.0) ***задоволството од добиената социјална поддршка***, и за (2.0.) ***мислењата и ставовите на лицата кои се грижат за децата без родители и родителска грижа*** за поддршката која ја добиваат децата од социјалната мрежа.

## 10.1 Анализа на мислењата на децата без родители и родителска грижа за задоволството од добиената социјална поддршка

Во овој дел на статистичките анализи, се анализирани и интерпретирани одговорите од испитаните деца без родители и родителска грижа на анкетните прашања што се однесуваат на нивните ставови и мислења за задоволството од перцепираната социјална поддршка која ја добиваат. Прашањата од анкетниот прашалник кои се однесуваат на овој сегмент се: (1) примарната социјална мрежа како извор за помош и поддршка на децата без родители и родителска грижа, (2) секундарната социјална мрежа како извор за помош и поддршка на децата без родители и родителска грижа и (3) задоволство од добиената социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа во зависнот од видот на социјална поддршка.

### 10.1.1 Достапни лица за социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа од примарната социјална мрежа

Примарната социјална мрежа како најблиската мрежна зедница во која поединецот членува има посебно значење и влијане врз задоволството од социјалната поддршка на децата без родители и родителска грижа. Во рамките на оваа истражување, а во согласно со спецификите на категоријата деца без родители и родителска грижа, од примарна социјална мрежа се аналзирани семејството, односно заедницата во која живеат децата без родители и родителска грижа (домот на старателот, згрижувачко семејство, мал групен дом) и мрежата на пријатели.

Според добиените податоци, децата без родители и родителска грижа, ја потенцираат заедницата во која живеат и сите личности кои неа ја сочинуваат како многу значен позитивен фактор на помош и поддршка кога е во прашање решавање на проблемите со кои се соочуваат како и при донесување на нивните одлуки, без разлика дали живеат со семејството на старателот, во згрижувачко семејство или во мали групни домови (Дијаграм бр.1).

Поради големото влијание на семејното опкружување врз целокупниот раст и развој на децата без родители и родителска грижа и нивната благосостојба, во нашата држава

преку процесот на деинституционализација се превземаат низа мерки и активности за обезбедување на животна средина која е најблиска до семејната средина за секое дете кое нема услови или не е во негов најдобар интерес да остане да живее со своето природно семејство. Како резултат на националната стратегија за деинституционализација 2018-2027 „Тимјаник“, реализирана е трансформацијата на институциите за деца без родители и родителска грижа во мали групни домови во 2019 година.

Вкрстувањата на одговорите на ова прашање со демографските варијабли (пол, образование, националност и форма на заштита) не покажаа меѓусебна поврзаност, што ни овозможува да резимираме дека заедницата во која живеат децата без родители и родителска грижа од град Куманово, без разлика дали тоа е семејството на старателот, згрижувачкото семејство или малите групни домови, претставува значаен фактор за нивната сигурност и заштита, и придонесува за нивното градење во здрави личности.




| **Од заедницата во која живеам ја добивам:** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
|---|---|---|---|---|---|
| помош која ми е потребна | *1*<br>*2.3%* | *1*<br>*2.3%* | *2*<br>*4.5%* | 5<br>11.4% | 35<br>79.5% |
| поддршка која ми е потребна | *1*<br>*2.3%* | 0<br>0% | 3<br>6.8% | *7*<br>*15.9%* | 33<br>75% |
| **Вкупно** | **2** | **1** | **5** | **12** | **68** |

**Дијаграм бр.1**

*Добивање на потребната помош и социјална поддршка од заедницата во која живеат децата без родители и родителска грижа*

Значајна група на помош и поддршка на децата без родители и родителска грижа преставуваат и нивните пријатели, односно врсничката група. Оваа особено е значајно за возрасната група која е цел на оваа истражување, согласно нивната развојна фаза (пубертет и адолесценција). Децата посочуваат дека со пријателите можата да ги споделат своите проблеми, радоста и тагата, како и да побараат помош од нив, во значително поголем број, одколку што можат нивните пријатели да им пружат поддршка кога им е потребна или помош кога работите ќе тргнат на лошо (Дијаграм бр.2).




| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| Можам да сметам на моите пријатели кога работите ке тргнат на лошо | *6*<br>*13.6%* | *4*<br>*9.1%* | *3*<br>*6.8%* | 14<br>31.8% | 17<br>38.6% |
| Имам пријатели со кои можам да ги споделам моите радости и тага | *3*<br>*6.8%* | 0<br>0% | 1<br>2.3% | *6*<br>*13.6%* | 34<br>77.3% |
| **Вкупно** | **9** | **4** | **4** | **20** | **51** |

**Дијаграм бр.2**

*Пријателите како ресуср за помош и поддршка на децата без родители и родителска грижа*

Вкрстувањата со демографските варијабли покажува неочекуван наод, а тоа е дека децата без родители и родителска грижа од машки пол значително помалку (хи-квадрат тест, $\chi^2$=5,190, df=1, p<0,05) од децата без родители и родителска грижа од женски пол ја

вреднуваат поддршката која ја добиваат од своите пријатели и помалку имаат доверба во нивната помош кога работите ќе тргнат на лошо (хи-квадрат тест, $\chi^2=6,491$, df=1, p<0,05).

Статистичкиот Мен-Витни (Mann-Whithey) непараметриски тест покажува дека постои статистички значајна разлика во просечните рангови доделени од децата без родители и родителска грижа во однос на полот при оценката на достапноста на поддршката од пријателите (Z=2,31, p<0,05), односно нивната помош кога работите ќе тргнат на лошо (Z=2,02, p<0,05). Не се јавува поврзаност со другите демографски варијабли (образование, националност и форма на заштита).

Ако ги резимираме добиените резултати од овој сегмент на анализите може да се констатира дека децата без родители и родителска грижа во поголем обем искажуваат задоволство од добиената социјална поддршка од примарната социјална мрежа (заедницата во која живеат и пријателите), која им пружа помош и поддршка кога им е потребна. *Според тоа, може да ја потврдиме посебната Хипотеза бр.1, односно примарната социјална мрежа обезбедува најголемо задоволството од добиената социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа.*

### 10.1.2 Достапни лица за социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа од секунадарната мрежа

Во одговорите на оваа прашање јасно се забележува тенденција според која децата без родители и родителска грижа без разлика на местото на живеење, како извор на најголема поддршка кога се осамени, во подеднаква мера, ги наведуваат пријателите од училиште и браќата и сестрите (Дијаграм бр.3).




| **Лица кои пружаат социјална поддршка** | **Фрекфенција Ф** | **Процент %** |
|---|---|---|
| Мама | *3* | *6,8%* |
| Тато | *4* | *9,1 %* |
| Старател | *19* | *43,2%* |
| Згрижувач | *14* | *31,8%* |
| Пријатели од домот/згрижувачко семејство | *16* | *36,4%* |
| Пријатели од училиште | *27* | *61,4%* |
| Браќа/сестри | *27* | *61,4%* |
| Баба/дедо | *8* | *18,2%* |
| Други роднини | *19* | *43,2%* |
| Наставници/Професори | *2* | *4,5%* |
| ЦСР | *0* | *0%* |
| Други лица | *12* | *27,3%* |
| Никој | *1* | *2,3%* |

**Дијаграм бр. 3**

*Фрекфенција на одговори на прашање: Кои личности ти помагаат кога си осамене/а?*

Оваа тенденција би можела да биде разбрана не само од аспект на биолошката врска помеѓу браќата и/или сестрите, туку и поради фактот што вообичаено при нивното сместуавње се води сметка од страна на социјалните работници тие да се сместуваат во иста форма на социјална заштита, односно да живеат заедно, токму поради поддршка на

тој значаен билошки ресурс. Пријателите од училиште се исто така „релативна константа“, односно се долгогодишни соученици и пријатели на децата без родители и родителска грижа. Промената на образовната средина се случува само кога е тоа во најдобар интерес на детето.

Како значајна поддршка за децата преставува и поддршката од старателот и другите роднини (исто така во подеднаква мера) во поголем процент од поддршката која ја добиваат од згрижувачот и пријателите од малиот групен дом, односно згрижувачкото семејство. Воочливо е дека во ситуации кога чувствуваат осаменост, децата многу малку бараат поддршка од биолошките родители (мајка и/или татко).

*Одговорите на оваа прашање укажуваат дека најголем извор на социјалната поддршка на децата без родители и родителска грижа претставува ниванта примарна социјална мрежа, што јасно имплиција можност за потврдување посебна Хипотеза бр.2, односно секундарната социјалан мрежа обезбедува задоволство од добиената социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа во мал обем.*

### 10.1.3 Видови на социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа

Од посебен интерес на истражувањето беше добивање на информации за видовите на социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа, за која цел беше креиран посебен прашалник - прашалник за видови на социјална поддршка. Задоволството од добиената социјална поддршка, децата го изразуваа на скала од 1 - 5, преку проценување на задоволството од секоја наведена личност во прашалникот. Прашањата кои беа анализирани се однесуваат на личности за кои децата чувствуваат дека помагаат кога се осамени, кога им треба совет, кога им е потребна помош околу домашните задачи, односно личности со кого најчесто се дружат и личности кои најчесто има искажуваат љубов и привзаност. Статистичката анализа на добиените одговори не покажа никакви значајни правилности и тенденции, како ни вкрстувањата на одговорите на прашањата со демографските варијабли (полова припадност, степен на образование, национална припадност, форма на заштита) поради што за интерпретација на податоците е користена дескрипитивна анализа на податоци.

Дескриптивната анализа на специфичната социјална поддршка на децата без

родители и родителска грижа, покажа дека децата независно од видот на формата на социјална заштита (згрижувачко семејство, установа - мал групен дом и домот на старателот) вообичаено посочуваат две или три личности кои им пружаат помош и поддршка, заеднички го поминуваат слободното време и се дружат, односно споделуваат чувства на љубов и приврзаност.

Постоење на доволен број на достапни лица од кои децата без родители и родителска грижа можат да побараат помош и поддршка кога им е потребно е од важност за добивање на социјална поддршка. Меѓутоа, покрај квантитетот на достапна помош, а за кој се утврди од резултатите од претходното прашање дека не е во корелација со формата на социјална заштита со која се опфатени децата, од особена важност претставува и квалитетот на таа поддршката, односно задоволството од добиената поддршка, а кој им помага на децата без родители и родителска грижа во градење на стабилни и поддржувачки односи и надвор од згрижувачкото семејство, малиот групен дом, односно домот на стрателот.

Според квалитативната анализа на видовите на социјална поддршка, а имајќи во предвид дека во прашање се вкупно 25 варијабли, бидејќи за секое прашање детето имаше можност за одбере по пет личности, а секоја од тие личности или личности во тој исти однос со детето е можно да се појавата како одговор на неколку прашање (на пр. згрижувач, старател итн.) се аналиизрана фрекфенцијата на најчестите одговори од страна на децата на секое прашање.

### 10.1.3.1 Лица од кои децата без родители и родителска грижа добиваат емоционална поддршка

Емоционалната поддршка на децата без родители родителска грижа е особено важна и значајна не само во овој период од нивниот живот, туку и како претпоставка за живеење на квалитетен живот и во иднина. На прашањата за емоционална поддршка на децата без родители и родителска грижа, како извор на нивна помош и поддршка, можност за споделување на радост и тага, грижа за нивните чувства, испитаните деца без родители и родителска грижа во висок степен даваат потврден одговор за постоење на специјална личност во нивниот живот која е извор на емоционална поддршка (Дијаграм бр.4). Во оваа специјална личност децата имаат доверба, се чувствуваат прифатени и уважени такви какви

што се. Постоењето на ваква личност има позитивно влијание врз јакнење на самодовербата и градење на нивната позитивна слика за себе.




| **Постои специјална личност која е покрај мене:** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
|---|---|---|---|---|---|
| кога ми е потребна помош | *1* *2.3%* | 0 0% | *1* *2.3%* | 3 6.8% | 39 88.6% |
| кога ми е потребна поддршка | *1* *2.3%* | 0 0% | 3 6.8% | *1* *2.3%* | 39 88.6% |
| кога сакам да ја споделам радоста или тагата | *1* *2.3%* | 0 0% | *1* *2.3%* | 3 6.8% | 39 88.6% |
| која е извор за моја поддршка и утеха | *1* *2.3%* | 2 4.5% | *1* *2.3%* | 3 6.8% | 37 84.1% |
| на која и се важни моите чувства | *1* *2.3%* | 0 0% | *1* *2.3%* | *7* *15.9%* | 35 79.5% |
| **Вкупно** | **5** | **2** | **7** | **17** | **189** |

**Дијаграм бр.4**

*Емоционална поддршка од специјална личност како извор на помош и поддршка на децата без родители и родителска грижа*

Вкрстувањата на одговорите со демографските варијабли (пол, образование, националност и форма на заштита) не покажа меѓусебна поврзаност, што ни овозможува да резимираме дека во животот на децата без родители и родителска грижа во град

Куманово постои специјална личност која преставува нивна (емоционална) социјална поддршка.

Емоционалната поддршка е истражувана и низ прашањето за тоа кои личности децата најчесто чувствуваат дека ги сакаат. Одговорите на прашањето прикажани во Дијаграм бр. 5 не даваат во голема мера поинаква дисперзија на одговори во однос на претходното прашање за задоволство од емоционална поддршка на децата без родители и родителска грижа .




| **Лица кои пружаат социјална поддршка** | **Фрекфенција Ф** | **Процент %** |
|---|---|---|
| Мама | *7* | *15,9%* |
| Тато | *7* | *15,9%* |
| Старател | *37* | *84,1%* |
| Згрижувач | *16* | *36,4%* |
| Пријатели од домот/згрижувачко семејство | *18* | *40,9%* |
| Пријатели од училиште | *36* | *81,8%* |
| Браќа/сестри | *30* | *68,2%* |
| Баба/дедо | *32* | *72,7%* |
| Други роднини | *23* | *52,3%* |
| Наставници/Професори | *15* | *34,1%* |
| ЦСР | *3* | *6,8%* |
| Други лица | *8* | *18,2%* |

| | | |
|---|---|---|
| Никој | *1* | *2,3%* |

**Дијаграм бр. 5**

*Фрекфенција на одговори на прашање: Кои личности чувствуваш дека те сакаат ?*

Имено, како личности од кои најчесто добиваат внимание и наклоност, децата без родителии родителска грижа, ги наведуваат нивните старатели. Заедно со старателите, во сличен соодност се вбројуваат и пријателите од училиште, далеку пред пријателите од малиот групен дом, односно згрижувачкото семејство.

Од биолошките сродници (освен кога тоа се старателите) децата најчесто чувствуваат љубов од баба и/или дедо, браќа и/или сестри и други роднини. Биолошките родители се повторно, од перспектива на децата, многу ретко личности кои им покажуваат љубов на децата без родители и родителска грижа. Ваквите резултати за билошките родители треба да бидат разбрани во еден поширок контекст кој се однесува на причините поради кои децата најчесто се опфатени со некоја форма на заштита. Имено, најчесто биолошките родители несодветно ја вршат својата родителска функција, нивните родителските вештини не се сензитивни или соодветни на развојните потреби на децата и не ги исполнуваат совесно своите родителски права и должности со што допринесуваат директно или индиретно нивните деца да бидат занемарени, запоставени или злоупотребени, од нив или од некој друг. Многу често, билошките родители не покажуваат вистинска грижа, внимание и љубов кон децата, поради што и децата остануваат лишени од овие позитивни емоции од своите биолошки родители како пред да бидат опфатени во сиситемот на социјалан заштита, така и кога ќе бидат сместени.

Тука е значајно да се спомене и дека сите деца кои се опфатени со некоја форма на социјална заштита (сместување во згрижувачко семејство или мал грушен дом) се деца кои имаат барем еден жив родител, додека на децата кои живеат кај старателите, најчесто им се починати родителите.

*Според добиените одговори од децата без родители и родителска грижа, може да се заклучи дека посебната Хипотезата бр.4 се потврдува, односно, задоволството од добиената емоционална поддршка на децата без родители и родителска грижа е најголемо од членовите на примарната социјална мрежа.*

10.1.3.2 Лица од кои децата без родители и родителска грижа добиваат инструментална социјална поддршка

Задоволство од добиена инструментална поддршка беше анализирано преку прашањето кое се однесува на помош во пишување на домашни задачи. Резултатите до кои се дојде значително се разликуваат од одговорите на претходните прашања (Дијаграм бр.6). Имено, како доминатен ресурс за поддршка во пишување на домашни задачи и објаснување на училишните наставни единици, децата ги наведуваат наставниците, пред соучениците, браќата и сестрите, односно згрижувачот и старателот.




| Лица кои пружаат социјална поддршка | Фрекфенција Ф | Процент % |
|---|---|---|
| Мама | *0* | *0%* |
| Тато | *0* | *0 %* |
| Старател | *5* | *11,4%* |
| Згрижувач | *9* | *20,5%* |
| Пријатели од домот/згрижувачко семејство | *8* | *18,2%* |
| Пријатели од училиште | *16* | *36,4%* |
| Браќа/сестри | *11* | *25%* |
| Баба/дедо | *0* | *0%* |
| Други роднини | *3* | *6,8%* |

| | | |
|---|---|---|
| Наставници/Професори | *27* | *61,4%* |
| ЦСР | *4* | *9,1%* |
| Други лица | *1* | *2,3%* |
| Никој | *8* | *18,2%* |

**Дијаграм бр. 6**

*Фрекфенција на одговори на прашање: Кој ти помага во пишување на домашните задачи?*

Добиените резултати укажуваат дека *не може да се потврди посебна Хипотеза бр.5, односно задоволслтвото од добиената инструметална социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа не е најголемо од примарната мрежа, туку од секундарната социјална мрежа.*

10.1.3.3 Лица од кои децата без родители и родителска грижа добиваат информативна социјална поддршка

Според резултати за задоволство од добиена инструментална поддршка, анализирана преку прашањето регистрирани во Дијаграм бр.7, може да се забележи дека, поддршката од старателите децата ја вреднуваат повеќе отколку поддршката на згрижувачите. Всушност, во ситуации кога на децата им треба помош или кога не знаат како да постапат, најчесто бараат поддршка од старателите.



| **Лица кои пружаат социјална поддршка** | **Фрекфенција Ф** | Процент **%** |
|---|---|---|
| Мама | *1* | *2,3%* |
| Тато | *0* | *0%* |
| Старател | *28* | *63,6%* |
| Згрижувач | *18* | *40,9%* |
| Пријатели од домот/згрижувачко семејство | *14* | *31,8%* |
| Пријатели од училиште | *21* | *47,7%* |
| Браќа/сестри | *27* | *61,4%* |
| Баба/дедо | *3* | *6,8%* |
| Други роднини | *14* | *31,8%* |
| Наставници/Професори | *8* | *18,2%* |
| ЦСР | *3* | *6,8%* |
| Други лица | *5* | *11,4%* |
| Никој | *1* | *2,3%* |

**Дијаграм бр. 7**

*Фрекфенција на одговори на прашање: Кому му се обраќаш кога ти треба помош?*

Овие резултати во одредена мера се и очекувани, бидејќи за старател најчесто се поставува близок сродник на детето, роднина кој детето го познава и со кого има близок однос и релација на доверба. Оваа биолошка релација на блиски родбински врски, со формата старателство само се зајакнува и продлабочува, при што односот помеѓу детето и старателот не само фомално - правно туку и содржински наликува на природен однос на родител и дете, од аспект на љубов, грижа, поддршка и водство од страна на старателот, што е потврдено и со одговорите на оваа прашање. Во доста голем број на случаеви, децата без родители и родителска грижа, исто добиваат помош и од други свои блиски сродници, во прв ред своите браќа и/или сестри, а нешто помалку од другите роднини, како и баба и/или дедо. Овде е значајно да се спомене дека доколку браќата и/или сестрите се сместени заедно во згрижувачко семејство, односно мал групен дом, или живеат заедно во домот на старателот, тогаш почесто можат да сметаат на помошта меѓусебе, отколку кога не живеат заедно. Исто така, децата без родители и родителска грижа можат да се потпрат на помошта од другите роднини, како и баба и/или дедо, најчесто кога живеат во домот на старателот и на тој начин имаат можност за непосредна комуникација со своите роднини.

Значајни личности кои пружаат помош на децата без родители и родителска грижа, како и во претходното прашање претставуваат пријателите од училиштето. Врсниците од

училиште во поголема мера се даватели на помош отколку пријателите од малиот групен дом, односно згрижувачкото семејство.

*Суминарниот заклучок од одговорите на оваа прашање овозможува да се потврди посебната Хипотеза бр.6, односно задоволство од добиената информативна помош на децата без родители и родителска грижа е најголемо од примарната социјална мрежа.*

### 10.1.3.4 Лица од кои децата без родители и родителска грижа добиваат социјална поддршка за дружење

Одговорите на последното прашање ја следат претходната динамика на одговори на децата без родители и родителска грижа на начин што далеку највисоко (81, 8%) ги рангираат пријателите од училиштето (Дијаграм бр.8). Оваа е очекуван резултат имајќи ја во предвид возраста на испитаниците, и на овој начин уште еднаш се потврдува желбата на децата без родители и родителска грижа активно да се дружат со своите врсници кои не се сместени со нив во згрижувачко семејство, односно мал групен дом.

Исто така, децата повторно ги наведуваат своите сиблинзи, браќа и/или сестри како личности со кои најчесто се дружат. Ова вообичаено се случува кога тие живет заедно во домот на старателот, во згрижувачкото семејство или во малиот групен дом.

Релативно блиска дисперзија на одговори постои помеѓу другите роднини и пријателите од малиот групен дом, односно згрижувачкото семејство.




| **Лица кои пружаат социјална поддршка-дружење** | **Фрекфенција Ф** | **Процент %** |
|---|---|---|
| Мама | *1* | *2,3%* |
| Тато | *1* | *2,3%* |
| Старател | *11* | *25%* |
| Згрижувач | *13* | *29,5%* |
| Пријатели од домот/згрижувачко семејство | *18* | *40,9%* |
| Пријатели од училиште | *36* | *81,8%* |
| Браќа/сестри | *23* | *52,3%* |
| Баба/дедо | *1* | *2,3%* |
| Други роднини | *19* | *43,2%* |
| Наставници/Професори | *0* | *0%* |
| ЦСР | *0* | *0%* |
| Други лица | *11* | *25%* |
| Никој | *4* | *9,1%* |

**Дијаграм бр. 8**

*Фрекфенција на одговори на прашање: Со кого најчесто се дружиш?*

Согласно горенаведеното*, се потврдува посебна Хипотеза бр.7, односно децата без родители и родителска грижа наголемо задоволство од социјална поддршка за дружење добиваа од примарната социјална мрежа, односно од пријателите, браќата и сестрите.*

## 10.2 Мислења и ставови на лицата кои се грижат за децата без родители и родителска грижа за социјалната поддршката која ја добиваат децата од социјалната мрежа

Во вториот сегмент од статистичките анализи, се прикажани податоците од анализа и интерпретација на одговорите од лицата кои се грижат за децата без родители и родителска грижа (старател, згрижувач, воспитувач) на прашања што се однесуваат на нивните ставови и мислења за влијанието на социјалната мрежа на децата без родители и родителска грижа врз социјалната поддршка која ја добиваат. Првично ќе биде објаснета (1) корелацијата на демографските карактеристики на лицата кои се грижат за децата без родители и родителска грижа со социјалната поддршка на децата за задоволување на нивните потреби, потоа (2) поврзаноста на задоволството од добиената социјална поддршка со социјалната мрежа на децата, од аспект на лица кои се грижат за децата без родители родителска грижа и на крај (3) мислењата за тоа од кои личности децата без родители и родителска грижа најчесто бараат помош или поддршка.

### 10.2.1 Поврзаноста на демографските карактеристики на лицата кои се грижат за децата без родители и родителска грижа со социјалната поддршка на децата за задоволување на нивните потребите

Одговорите на прашањето за поврзаноста на демографските карактеристики на лицата кои се грижат за децата без родители и родителска грижа, односно старателите, згрижувачите и воспитувачите, *социјална поддршка* која децата ја добиваат за задоволување на нивните потреби (здравствени, образовни, материјални, социјални, ментално здравје, спорт, хоби и слободно време), од одговорите на испитаните лица не се забележани статистички значајни параметри, освен за две демографски карактеристики: етникум и степен на образовние на лицата кои се грижат за децата без родители и родителска грижа и тоа само во однос на материјалните потреби на децата.

Имено, со резултатот од применетиот еднонасочен хи-квадрат тест ($\chi2=4,856$, df=1, $p=0,028<0.05$), кој се потврдува како статистички значаен, во однос на демографската карактеристика етникум, јасно се детектира дека лицата од македонска националност кои

се грижат за децата без родители и родителска грижа, истакнуваат дека социјалната поддршка која ја добиваат децата без родители родителска грижа е доволна за задоволување на нивните материјални потреби, додека останатите националности (Албанци и Роми), сметаат дека социјалната поддршка не е доволна за задоволување на материјалните потреби за децата без родители и родителска грижа (Дијаграм бр.9а).




| | Македонец Ф | Македонец % | Други Ф | Други % |
|---|---|---|---|---|
| Социјалната поддршка соодветствува на материјалните потреби | *20* | 74,07 | 3 | 33,33 |
| Социјалната поддршка не соодветствува на материјалните потреби | 7 | 25,93 | 6 | 66,67 |
| **Вкупно** | **27** | **100%** | **9** | **100%** |

***Дијаграм бр.9а***

*Задоволување на материјалните потреби на деца без родители и родителска грижа од достапната социјална поддршка анализирана од етнички аспект на лицата кои се грижат за децата без родители и родителска грижа*

Исто така, според степенот на образование, со примена на хи-квадрат тест кој се потврдува како статистички значаен ($\chi2=14.250$, $df=2$, $p=0,001<0,05$) може да се заклучи дека социјалната поддршка која ја добиваат децата без родители и родителска грижа во однос на нивните материјални потреби според лицата кои се грижат за децата со завршено средно и високо образование е соодветна, додека лицата со завршено основно образование, сметаат дека социјалната поддршка не е доволна за задоволување на материјалните потреби на децата без родители и родителска грижа (Дијаграм бр. 9б).




| | **Основно** | **Средно** | **Високо** |
|---|---|---|---|
| Социјалната поддршка соодветствува на материјалните потреби | *1*<br>*12.5%* | 9<br>64.29% | 13<br>92.86% |
| Социјалната поддршка не соодветствува на материјалните потреби | 7<br>87.5% | 5<br>35.71% | 1<br>7.14% |
| **Вкупно** | **8** | **14** | **14** |

***Дијаграм бр. 9б***

*Задоволување на материјалните потреби на деца без родители и родителска грижа од достапната социјална поддршка според степен на образование на лицата кои се грижат за децата без родители и родителска грижа*

За оваа истражување е важно да се земе во предвид дека не се пронајдени никакви статистички верификувани правилности и релации од вкрстувањето на демографските варијабли (пол, возраст, степен на образование, работно искуство, релација со детето) на лицата кои се грижат за децата без родители и родителска грижа, со останатите потреби на децата без родители и родителска грижа. Тоа значи дека овие лица имаат воедначен став според кој децата без родители и родителска грижа добиваат доволна социјалната поддршка за задоволување на нивните потреби - здравствени, образовни, социјални, ментално здравје, спорт, хоби и слободно време.

### 10.2.2 Поврзаност на задоволство од добиената социјална поддршка со видот на социјална мрежа

Во однос на поврзаноста на **задоволството од добиената социјална поддршка со социјалната мрежа,** според добиените одговорите на лицата кои се грижат за децата без родители и родителска грижа (Дијаграм бр. 10), се забележува дека доминира примарната социјална мрежа (51%) како извор на помош и поддршка на децата без родители и родителска грижа, додека најмалку е застапена терцијалната социјална мрежа (10%). Истата корелација постои и во однос на бројот на лица од социјалните мрежи за кои овие лица сметаат дека се достапни за помош и поддршка на децата без родители и родителска грижа. Од вкупниот број наведени лица (вкупно 57 лица), дури две третини (38 лица) се дел од примарната социјална мрежа, а само 2 лица се наведени како дел од терцијалната социјална мрежа на децата без родители и родителска грижа.




| **Видови на социјална мрежа** | **Одговори** | |
|---|---|---|
| | Да | Не |
| Примарна социјална мрежа | 32<br>50.78% | 4<br>8.89% |
| Секундарна социјална мрежа | 25<br>39.68% | 11<br>24.44% |
| Терцијална социјална мрежа | 6<br>9.52% | 30<br>66.67% |
| Вкупно | 63 | 45 |

***Дијаграм бр. 10***

*Задоволство од добиена социјална поддршка во однос на видови на социјална мрежа*

Вкрстувањата со демографските варијабли покажуваат дека машките испитаници многу помалку ($\chi^2$=4,770, df=1, p=0,029<0,05) ја препознаваат секундарната мрежа како извор на помош и поддршка за децата без родители и родителска грижа за разлика од женските испитаници. Квалитативната анализа на овие статистички значајни параметри може да објасни преку поголемиот број на испитанички во однос на испитаници, што претставува и реална слика на лицата кои најчесто се грижат за децтаа без родители и родителска грижа во нашиот систем за социјална заштита.

### 10.2.3 Личности од кои децата без родители и родителска грижа најчесто бараат помош и поддршка

Во оваа истражување се добиени информации и за тоа **од кои личности децата најчесто бараат помош или поддршка** кога им е потребна од аспект на преференциите на лицата кои се грижат за децата без родители и родителска грижа. Така, овие лица имаа можност да избераат од понудени личности од примарната, секундарна и терцијална мрежа на децата без родители и родителска грижа (Дијаграм бр. 11).

Од наведените тринаесет можни личности за избор (родители, браќа/сестри, баба/дедо, други роднини, пријатели, згрижувач, старател, стручни лица од центар за социјална работа/ установата за социјална заштита, професори, граѓански здруженија (НВО), во услови на повеќекратен можен избор, се покажа дека лицата кои се грижат за децата без родители и родителска грижа убедливо најчесто ги посочуваат старателите (75%) како лица од најголема доверба на децата без родители и родителска грижа. Веднаш потоа следуваат браќа и/или сестри (41,7%) но во далеку број зад старателот. Најмалку доверба децата без родители родителска грижа, според лицата кои се грижат за нив, имаат во баба и/или дедо (22, 2%), додека воопшто немаат доверба (0%) во своите родители и личности од граѓански здруженија (НВО).




| **Лица од кои бараат помош и поддршка децата без родители и родителска грижа** | **Одговори**<br>**Да** | <br>**Не** | **Вкупно**<br>**%** |
|---|---|---|---|
| Родители | *0*<br>*0%* | 36<br>*100%* | 36<br>100% |
| Браќа/сестри | 15<br>*41,7%* | 21<br>*58, 3%* | 36<br>100% |
| Баба/дедо | 8<br>*22,2%* | 28<br>*77,8%* | 36<br>100% |
| Други роднини | 11<br>*30,6%* | 25<br>*69, 4%* | 36<br>100% |
| Пријатели | 9<br>*25%* | 27<br>*75%* | 36<br>100% |
| Згрижувач | 13<br>*36,1%* | 23<br>*63, 9%* | 36<br>100% |
| Старател | 27<br>*75%* | 9<br>*25%* | 36<br>100% |
| Воспитувач | 9<br>*25%* | 27<br>*75%* | 36<br>100% |
| Стручни лица од центар за социјална работа/установа за социјална заштита | 9<br>*25%* | 27<br>*75%* | 36<br>100% |
| Професори | 12<br>*33,3%* | 24<br>*66,7%* | 36<br>100% |
| Граѓански здруженија (НВО) | 0<br>*0%* | 36<br>*100%* | 36<br>100% |
| **Вкупно** | **104** | **283** | **36** |

**Дијаграм бр.11**

*Личности од кои децата без родители и родителска грижа најчесто бараат помош и поддршка*

Дисперзија на одговорите на прашањето е нагласена во однос на позицијата која ја имаат лицата кои се грижат за децата без родители и родителска грижа. Така, секој од нив, најчесто дава потврден одговор кај својата релација со детето, како личност од која најчесто децата без родители бараат помош и поддршка, што се забележува од примена на хи-квадрат тест кој се потврдува како статистички значаен во односно на старателот ($\chi^2$=8,669, df=2, p=0,013<0,01), згрижувачот ($\chi^2$=12,745, df=2, p=0,002<0,01) и воспитувачот ($\chi^2$=36,000, df=2, p=0,000<0,01). Исто така постојат различни одоговори од овие лица и во однос на другите лица од кои децата најчесто бараат помош и поддршка. Така старателот смета дека членовите од примарната мрежа на децата (браќа/сестри, баба/дедо, други роднини) многу почесто се лица во кои децата имаат доверба во однос на воспитувачите кои најчесто не се согласуваат со тоа. Ова е потврдено од статистичката значајност на применетиот хи-квадрат тест, и тоа во однос на браќа/сестри ($\chi^2$=8,669, df=2, p=0,013<0,01) баба/дедо ($\chi^2$=7,347, df=2, p=0,025<0,01) и други роднини ($\chi^2$=11,314, df=2, p=0,002<0,01).

Квалитативната анализа на овие статистички значајни параметри може да се објасни на начин што старателот која е близок сродник на детето и во чии што дом живее, директно или идиректно го потикнува детето да одржува позитивни релации со своите блиски сродници, а имајќи ја пред се традиционалноста на родбинските релации во нашите простори но и физичката близина која најчесто постои кога детето живее со своето примарно семејство.

***

Ако ги резимираме добиените резултати од овој сегмент на анализите (го покриваат подрачјето на помошни хипотези), може да се констатира дека лицат кои се грижат за децата без родители и родителска грижа ја наведуваат примарната социјална мрежаи личностите кои ја сочинуваат како најголем и најдостапен извор на задоволство од добиена социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа, што правопрпорционално ги потврдува во целост следните хипотези:

*- посебна Хипотеза бр.1, односно, децата без родители и родителска грижа најмногу ја вреднуваат социјална поддршка добиена од примарната социјална мрежа,*
*- посебна Хипотеза бр.2, односно задовослтвото од добиената социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа од секундарна социјална мрежа е во мал обем и*
*- посебна Хипотеза бр.3, односно децата без родители и родителска грижа најмалку задовослтво од добиената социјална поддршка имаат од терцијална социјална мрежа. Иако оваа истражувачка хипотеза е прифатена, сепак значењето и важност на социјалната поддршка од терцијалната мрежа за децата без родители и родителска грижа не е беззначајно (мало), туку значи дека во општина Куманово таа не е развиена и достапна за децата без родители и родителска грижа како ресурс за нивна социјална поддршка. Унапредувањето на оваа социјална мрежа би требало да биде во фокусот на идните планирања на локалните власти за поддршка на категоријата - деца без родители и родителска грижа на локално ниво.*

Досегашната анализа на резултатите од истражувањето и прифаќањето на посебните хипотези овозможува прифаќање на општата хипотеза. Може, според тоа, да се потврди дека задоволството од добиената социјалната поддршка на децата без родители и родителска грижа зависи од видот на социјалната мрежа.

# ЗАКЛУЧОК

Податоците во литературата јасно укажуваат на значењето кое социјалната поддршка го има за функционално надминување на негативните животни искуства, а загуба на родителската грижа претставува животно искуство со силни негативни последици. Социјалната поддршка нема за цел да го поништи самиот стресен настан, туку да понуди помош и поддршка за јакнење на личните и социјални капацитети за соочување со последиците од стресните случувања. Влијанието кое го има социјалната поддршка врз перцепцијата на негативните животни случувања може да биде разбрано на следниот начин: личноста која во своето опкружување перцепира „поголема количина" на социјална поддршка по веројатно е дека ќе може функционално да се носи со последиците од стресниот настан отколку личноста која перцепира „помала количина" на социјална поддршка. Исто така, социјалната поддршка може да има влијание и на тоа кои настани личноста ќе ги доживее како стресни и со кој интензитет. Ако се сублимира горенаведеното, може да се заклучи следното: кога една личност има на располагање други личности кои ќе и понудат свои согледувања, интерпретација и решенија на ситуацијата во која се наоѓа, поверојатно е дека таа личност ќе има послаб одговорот на стресниот настан.

Кога станува збор за децата како посебна општествена група и поспецифично за децата без родители и родителска грижа, значењето на социјалната поддршка добива една посебна димензија. Постојат бројни неповилни животни ситуации во кои можат да се најдат децата а кои за директна последица имаат одсуство или загуба на родителската грижа, при што децата се стекнуваат со статус деца без родителска грижа. Меѓутоа, токму обезбедување на социјалната поддршка на овие деца претставува императив за остварување на нивните права и задоволување на развојните потреби, а набјудувано во еден поширок концеп на заштита на најдобриот интерес на децата кога билошкото семејство не може да го обезбеди тоа.

Во Република Северна Македонија постои утврдена правна рамка која ги пропишува и регулира аспекти на заштита на правата и интересите на децата без родители и родителска

грижа од една страна (Закон за семејство) и начините за остварува на непосредна помош и поддршка на децата без родители и родителска грижа, од друга страна (Закон за социјална заштита, Закон за заштита на деца). Националната правна регулатива е во согласност со меѓународните прописи за заштита на правата на децата без родители и родителска грижа и остварување на нивниот најдобар интерес.

Формите на заштита на децата без родители и родителска грижа во Република Северна Македонија се организирани со цел да им обезбедат потикнувачка социјална средина за остварување на развојните потенцијали и позитивно социјално прилагодување.

Индивидуална процена на најдобриот интерес на секое дете е прв чекор во креирање на квалитетна и на потребите на секое детето поединечно заснована интервенција во системот на заштита на децата без родители и родителска грижа при избор на соодветна форма на социјална заштита. Притоа, секогаш при проценката посебно внимание се посветува на социјалната мрежа на детето, и капацитетот кој таа го има за обезбедување на потребната социјалната поддршка на детето, а формално - правно регулирана со помош и поддршка од државата. Ова особено се однесува на примарната социјална мрежа, како традиционално најзастапена социјална мрежа за грижа, нега и поддршка на децата кои останале без родители и родителска грижа. Ова е сосема разбирливо бидејќи, освен родителите, членовите на примарната социјална мрежа (браќа, сестри, баби, дедовци, роднини, пријатели, соседи) се најпознати, најблиски и често најдостапни лица со кои детето без родители и родителска грижа било во контакт и во кои има доверба, и со кои дели исти национална и религиска припадност. Секундарната социјална мрежа (установи-социјални, здравствени, образовни, бизнис сектор, разни институции или организации за активностите од слободното време) и терцијалната социјална мрежа (групи за помош и поддршка, граѓански организации, адвокати и советници) се често помалку активни во обезбедување на социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа, делумно поради нивната институционалност или недоволно развиеност.

Оваа истражување, со кое без опфатени децата без родители и родителска грижа на возраст од 10 годнини до 18 години под надлежност на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово и лицата кои се грижат за децата без родители и родителска грижа (старател, згрижувач, воспитувач од установа за социјална заштита), јасно укажува дека задоволството од добиената социјална поддршка на децата без родители и родителска

грижа зависи од видот на социјалната мрежа. Како најактивна социјална мрежа, според добиените податоци од истражувањето која на децата без родители и родителска грижа им обезбедува социјална поддршка, се потврди дека е примарната социјална мрежа. Како најблиска социјална мрежа на децата без родители и родителска грижа, примарната социјална мрежа, е доминатна мрежа за задоволство од сите видови на социјална поддршка, односно емоционална, инструментална, информативна и поддршка за дружење. Овие податоци се во корелација со личностите од кои децата без родители и родителска грижа најчесто бараат помош и поддршка, од кои најчесто се посочуваат старателот (кој обично е близок сродник на детето), браќата и сестрите и мрежата на пријатели.

Перцепцијата на старателот како личност која им пружа помош и поддршка од која се најмногу задоволни децата без родители и родителска грижа, а пред другите личности од социјалната мрежа во одредена мера се и очекувани резултатит. Имено, за старател најчесто се поставува близок сродник на детето, роднина кој детето го познава и со кого има близок однос и релација на доверба. Оваа биолошка релација на блиски родбински врски, со формата старателство само се зајакнува и продлабочува, при што односот помеѓу детето и старателот не само фомално - правно туку и содржински наликува на природен однос на родител и дете, од аспект на љубов, грижа, поддршка и водство од страна на старателот.

Во однос на мрежата на пријатели на децата без родители и родителска грижа, се забележува дека децата независно од формата на заштита со која се опфатени (згрижувачко семејство, домот на старателот, мал групен дом) го посочуваат задоволството од добиената социјална поддршка од пријателите од училиштето како многу важно и значајно за нив. Правопропрционален однос во бирање на пријателите од училиштето пред пријателите од згрижувачко семејство односно малиот групен дом, постои и кај децата без родители и родителска грижа кои се опфатени со овие форми на заштита.

Добиените податоци од истражување потврдуваат дека задовослтвото од добиената социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа од секундарна социјална мрежа е во мал обем. Како најактивни членови од секундарната социјална мрежа се забележуваат наставниците, и тоа во однос на инструметалната поддршка, односно во помош околу учење и домашни задачи.

Според презентираните истражувачки резултати, најмалку активна во

обезбедување на задоволство од добиена социјална поддршка е терцијалната социјална мрежа. Овие податоци укажуваат дека на унапредувањето на овој вид на социјална мрежа како ресурс за социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа би требало да се работи во иднина.

Оправданоста на ова истажување произлегува од заложбата на секоја социјална држава да обезбеди што е можно поквалитетна социјална поддршка на својата социјално најранлива категорија - децата без родители и родителска грижа. Актуелизација и истражување на социјалната поддршка кај деца без родители и родителска грижа ќе придонесе за добивање на сознанија за задоволството од добиената социјална поддршка кај децата без родители и родителска грижа со цел да се обезбеди еден пособдветен понатамошен третман и приод на оваа прашање при планирање на социјалната работа и давање на социјалната поддршка на оваа категорија на корисници на социјалните услуги. Резултатите од оваа истражување ќе бидат во функција на унапредување на социјаланта поддршка на децата без родители и родителска грижа и подобрување на секундарна и терцијална превенција од изложување на дополнитени социјални ризици на оваа ранлива категорија. Истажувањето треба да послужи како основа за понатамошни истражувања во оваа подрачје.

Ограничувањата на овој труд примарно треба да се побараат во сразмерно малиот примерок, недоволно обемен за пошироки генерализации на изведените наоди. Сепак, тоа не ја намалува потенцијалната вредност на стекнатите сознанија како продлабочен увид во врската меѓу задоволството од добиената социјална поддршка на децата без родители и родителска грижа и социјалната мрежа во која несомено лежи широк круг можности за нивна практична примена во социјалната работа со децата без родители и родителска грижа.

# ЛИТЕРАТУРА


- Belle, D. (1989) Children`s Social Networks and Social Supports. New York: John Wiley & Sons, Inc.
- Brajsa-Zganec, A., Raboteg-Šaric, Z & Franc, R. (2000) Dimenzije samopoimanja djece u udnosi na opazenu socijalnu podrsku iz razlicitih izvora, Institut društvenih znanosti . Загреб: Ivo Pilar
- Department of Health (1998) Caring for Children Away from Home: Messages from Research. Chichester: John Wiley & Sons Ltd.
- Downs,W.S., Moore, E. & McFadden, J. (2008) Child Welfare and Family Services, eighth edition, Boston: Pearson Education
- Franz, S.B., Mujkanovic, D. (2003) Percepcija socijalne podrske djeci u djecjim domovima i u udomiteljskim obiteljima, Загреб: Studijski centar socijalnog rada, Pravnog fakulteta
- Franz, S.B., Mujkanovic D. (2003) Izdvajanje djece iz obitelji kao mjera socijalne skrbi, Загреб: Studijski centar socijalnog rada, Pravnog fakulteta
- Fraser, M.W. (1997) Risk and Resilience in childhood: An ecological perspective, Washington: National Association of Social Workers
- Kreger, K. (2004) Socijalna podrska djece smestene u djecjim domovima i udumiteljskim obiteljima u Republici Nrvatskoj, Загреб: Studijski centar socijalnog rada, Pravnog fakulteta
- López, L. M & Cooper, L. M.A. (2011) Social Support Measures Review, Los Angeles: National center for latino child and family research,
- Матилов, Н. (2002) Социологија на бракот и семејството, Скопје: Институт за социолошки и политичко правни истражувања
- Sarason, B. R., Sarason, I.G. & Pierce, G. R. (1990) Social support – An interactional view, New York: John Wiley & Sons, Inc.

- Tower, C.C (2012) Exploring Child Welfare, a practice perspective, seven edition, Boston: Pearson Education
- Трпеновска, С.Љ, Мицковиќ, Д. и Ристов, А. (2013) Семејно право, Скопје: Блесок
- Zvizdić, S. (2015) Socijalna podrška i rezilijencija kod djece i adolescenata, Sarajevo: Filozofski fakultet
- Завод за социјални дејности (2011) Стандарди и процедури за постапување на центрот за социјална работа на проблематиката сместување во згрижувачко семејство, Скопје: Завод за социјални дејности
- Завод за социјални дејности (2013) Програма за процена на згрижувачко семејство, Скопје: Завод за социјални дејности
- Закон за социјална заштита Службен весник на Република Македонија бр.15/1997, бр.65/2004, бр.79/2009, Закон за социјална заштита Службен весник на Република Северна Македонија бр. 104/2019, Закон за измени и дополнување на Законот за социјална заштита Службен весник на Република Северна Македонија бр.146/2019, бр.275/2019
- Законот за заштита на децата Службен весник на Република Македонија бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018, 198/2018, Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата Службен весник на Република Северна Македонија бр.104/2019, бр.146/2019, бр.275/2019
- Закон за семејство Службен весник на Република Македонија бр. 80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, Закон за изменување и дополнување на Законот за семејство Службен весник на Република Македонија бр.67/2010, бр.156/2010, бр.39/2012, бр.44/2012, бр,38/2014, бр.115/2014, бр.104/2015, бр.150/2015, Закон за семејство, Консолидиран текст 2015, http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/5.11_Закон%20за%20семејството%20(консолидиран%20текст%20ноември%202015).pdf
- Правилник за поблиски услови и начинот на остварување на правата за заштита на децата, како и утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинство и семејстото за правата детски додаток, родителски додаток за дете и

додаток за образование Службен весник на Република Северна Македонија бр.109/2019

- Правилник за формата, содржината на обрасците на барањата и потребната документација за остварување на правата за заштита на децата Службен весник на Република Северна Македонија бр.109/2019
- Правилник за начинот на остварување на правото на додаток за домување за лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст, образецот на барањето и потребната документација Службен весник на Република Северна Македонија бр.109/2019
- Правилник за начинот на остварување на правото на трајниот надоместок за згрижувач, образецот на барањето и потребната документација за остварување на ова право Службен весник на Република Северна Македонија бр.109/2019
- Правилник за критериуми за избор на згржувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можаат да се сместат во едно згрижувачко семејство и видот и обемот на услугите од социјална заштита што му се обезбедуваат на сместеното лице, висината на надоместокот на трошоците за сместување и на надоместокот за згрижување Службен весник на Република Македонија бр.63/2006
- Правилникот за поблиските критериуми за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и стандардите за давање на услугата според видот на згрижувањето Службен весник на на Република Северна Македонија бр. 268/2019
- Методологија за формирање на цените на услугите во зависнот од стандардите и нормативите за давање на социјалната услуга Службен весник на Република Северна Македонија бр. 264/2019
- Одлука за утврдување на цените на социјалните услуги во домот и услугите за вон-семејна заштита за 2020 година на МТСП бр. 10-9802/1 од 25.12.2019 година, http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2019pravilnici/New%20node/Odluka%20za%20utvrduvawe%20na%20ceni.PDF

- Одлука за изменување на одлуката за утврдување на цените на социјалните услуги во домот и услугите за вон-семејна заштита за 2020 година на МТСП бр. 10-1319/1 од 04.02.2020 година http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/2020/4.2_dz.pdf
- http://www.un.org.mk/
- http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/macedonian/
- http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/macedonian/Macedonian_Short_Report_13October (1).pdf
- http://www.countyhealthrankings.org/our-approach/health-factors/family-and-social-support
- https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf

# Прилог бр.1

## СКАЛА НА ПЕРЦЕПИРАНА СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА

**I. Општи податоци:**

**1.пол:** М Ж

**2.возраст:** 10г. 11г. 12г. 13г. 14г. 15г. 16г. 17. 18г.

**3.националност:** македонска албанска ромска друга националност

**4.одделение/клас:** 6 7 8 9 I II III IV

**5.место на живеење:** установа згрижувачко семејство домот на старателот

**II. Инструкции:** Прочитај ја внимателно секоја од речениците наведена во продолжение. Според тоа што мислиш и како се чувствуваш во врска со тврдењето во реченицата заокружи едно од тврдењата

Заокружи 5 ако **Силно се согласувам**

Заокружи 5 ако **Малку се согласувам**

Заокружи 3 ако **Не знам**

Заокружи 2 ако **Малку не се согласувам**

Заокружи 1 ако **Многу не се согласувам**

**III.Објаснување на поими:** Заради полесно разбирање на прашањата, извршено е дообјаснување на некои поими кои се неведени во прашањата:

**Помош:** помош при исхрана, хигена, облекување; помош при пишување на училишни задачи и учење; помош при извршување на зададени задачи во домаќинството; давање на материјални средства (пари); помош и нега кога си болен; други активности: игра, забава или опуштање.

**Поддршка:** разговор за решавање на проблеми и потешкоитии со кои се соочуваш; давање совети; споделување на чувства; споделување на радост и тага; давање на љубов и разбирање; градење на доверба.

**Семејство**: За потребите на истажувањето ќе подразбира заедница на луѓе кои живеат во заедничко домаќинство или установа. Во зависност од тоа на кого мислиш кога го читаш прашањето заокружи едно од понудените опции-установа, згрижувачко семејство, старател.

1. Постои специјална личност која е покрај мене кога ми е потребна помош.

5.Силно се согласувам 4.Малку се согласувам 3.Не знам 2.Малку не се согласувам 1.Многу не се согласувам

2.Постои специјална личност која е покрај мене кога ми е потребна поддршка.

5.Силно се согласувам 4.Малку се согласувам 3.Не знам 2.Малку не се согласувам 1.Многу не се согласувам

3.Постои специјална личност со која можам да ја споделам мојата радост и тага.

5.Силно се согласувам 4.Малку се согласувам 3.Не знам 2.Малку не се согласувам 1.Многу не се согласувам

4. Постои специјална личност која е вистински извор на моја поддршка и утеха.

5.Силно се согласувам 4.Малку се согласувам 3.Не знам 2.Малку не се согласувам 1 .Многу не се согласувам

5.Има специјална личност во мојот живот на која и се важни моите чувства.

5.Силно се согласувам 4.Малку се согласувам 3.Не знам 2.Малку не се согласувам 1.Многу не се согласувам

6.Моето семејство (установа, згрижувачко семејство, семејството на старателот) навистина се обидува да ми помогне.

5.Силно се согласувам 4.Малку се согласувам 3.Не знам 2.Малку не се согласувам 1.Многу не се согласувам

7.Од моето семејство (установа, згрижувачко семејство, семејството на старателот) ја добивам потребната помош.

5.Силно се согласувам 4.Малку се согласувам 3.Не знам 2.Малку не се согласувам 1.Многу не се согласувам

8.Од моето семејство (установа, згрижувачко семејство, семејството на старателот) ја добивам потребната поддршка.

5.Силно се согласувам 4.Малку се согласувам 3.Не знам 2.Малку не се согласувам 1.Многу не се согласувам

9.Моето семејство (установа, згрижувачко семејство, семејството на старателот) е спремно да ми помогне кога треба да донесам одлуки.

5.Силно се согласувам 4.Малку се согласувам 3.Не знам 2.Малку не се согласувам 1.Многу не се согласувам

10.Можам да зборувам за моите проблеми со моето семејство (установа, згрижувачко семејство, старател, семејството на старателот).

5.Силно се согласувам 4.Малку се согласувам 3.Не знам 2.Малку не се согласувам 1.Многу не се согласувам

11. Моите пријатели навистина се обидуваат да ми пружат помош.

5.Силно се согласувам 4.Малку се согласувам 3.Не знам 2.Малку не се согласувам 1.Многу не се согласувам

12.Моите пријатели навистина се обидуваат да ми пружат поддршка.

5.Силно се согласувам 4.Малку се согласувам 3.Не знам 2.Малку не се согласувам 1.Многу не се согласувам

13.Можам да сметам на моите пријатели кога работите ќе тргнат на лошо.

5.Силно се согласувам 4.Малку се согласувам 3.Не знам 2.Малку не се согласувам 1.Многу не се согласувам

14.Имам пријатели со кои можам да ги споделам моите радости и тага.

5.Силно се согласувам 4.Малку се согласувам 3.Не знам 2.Малку не се согласувам 1.Многу не се согласувам

15.Можам да зборувам со моите другари за моите проблеми.

5.Силно се согласувам 4.Малку се согласувам 3.Не знам 1.Малку не се согласувам 1.Многу не се согласувам

## Прилог бр.2

**ПРАШАЛНИК ЗА ВИДОВИ НА СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА**

**I. Општи податоци:**

**1.пол:** М Ж

**2.возраст:** 10г. 11г. 12г. 13г. 14г. 15г. 16г. 17. 18г.

**3.националност:** македонска албанска ромска друга националност

**4.одделение/клас:** 6 7 8 9 I II III IV

**5.место на живеење:** установа згрижувачко семејство домот на старателот

**II. Инструкции:** Прочитај го внимателно секое прашање наведен во продолжение. Според тоа од кои личности ја добиваш потребната помош во конкретната ситуација заокружи најмногу **пет личности** од понудените и со оценка од 1 до 5 оцени го задоволството од помошта која тие ти ја понудиле, и тоа:

Заокружи 5 ако **Многу сум задоволен/задоволна од помошта**

Заокружи 4 ако **Малку сум задоволен/задоволна од помошта**

Заокружи 3 ако **Не знам дали сум задоволен/задоволна од помошта**

Заокружи 2 ако **Малку не сум задоволен/задоволна од помошта**

Заокружи 1 ако **Многу не сум задоволен/задоволна од помошта**

**1. Кои се личностите кои ти помагаат кога си осамен/а?**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ▪ -Мама | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Тато | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Старател | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Згрижувач | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Пријатели од домот/згрижувачкото семејство | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Пријатели од училиште | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Браќа/сестри | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Баба/Дедо | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Други роднини | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Наставници/Професори | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ - ЦСР | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Други лица | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Никој | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**2. Кој ти помага во пишување на училишните домашни задачи?**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ▪ -Мама | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Тато | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Старател | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Згрижувач | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Пријатели од домот/згрижувачкото семејство | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Пријатели од училиште | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Браќа/сестри | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Баба/Дедо | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Други роднини | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Наставници/Професори | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ - ЦСР | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Други лица | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Никој | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**3. Кому му се обраќаш кога ти треба помош?**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ▪ -Мама | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Тато | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Старател | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Згрижувач | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Пријатели од домот/згрижувачкото семејство | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Пријатели од училиште | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Браќа/сестри | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Баба/Дедо | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Други роднини | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Наставници/Професори | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ - ЦСР | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Други лица | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Никој | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**4. Кои личности чувствуваш дека те сакаат?**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ▪ -Мама | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Тато | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Старател | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ▪ -Згрижувач | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Пријатели од домот/згрижувачкото семејство | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Пријатели од училиште | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Браќа/сестри | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Баба/Дедо | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Други роднини | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Наставници/Професори | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ - ЦСР | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Други лица | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Никој | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**5. Со кого најчесто се дружиш?**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ▪ -Мама | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Тато | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Старател | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Згрижувач | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Пријатели од домот/згрижувачкото семејство | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Пријатели од училиште | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Браќа/сестри | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Баба/Дедо | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Други роднини | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Наставници/Професори | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ - ЦСР | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ -Други лица | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ▪ - Никој | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

# Прилог бр.3

## ПОЛУСТРУКТУИРАНО ИНТЕРВЈУ ЗА ЛИЦАТА КОИ СЕ ГРИЖАТ ЗА ДЕЦА БЕЗ РОДИТЕЛСКА ГРИЖА

**I.Општи податоци:**

1. Пол: ________________
2. Возраст: _____________
3. Националност:_________________
4. Работно место/релација со детето:_______________________
5. Времетраење на вршење на должноста:___________________
6. Степен на образование: _________________________________

**II. Инструкции:** Прашањата се однесуваат на социјалната мрежа на децата без родителска грижа и истите се поставуваат усно. Доколку постои интерес кај соговорникот, може да се продлабочи разговорот и надвор од долунаведените прашања.

1. Дали сметате дека социјалната поддршка која ја добиваат децата без родителска грижа соодветствува на нивните потреби за помош и поддршка?

а) здравствени потреби да не

б) образовни потреби да не

в) материјални потреби да не

г) социјална потреби да не

д) ментално здравје да не

ѓ) спорт, хоби, слободно време да не

Објаснете зошто

__________________________________________________________________________

2. Дали според Вас треба да се зголеми социјалната поддршка на децата без родителска грижа без родителска грижа и на кој начин?

___________________________________________________________________________

3. Дали децата без родителска грижа лесно можат да дојдат до лицата од кои можат да добијат поддршка и помош?

а) Да

б) Не

Објаснете зошто

___________________________________________________________________________

4. Со колку личности од својата социјална мрежа децата без родителска грижа имаат изградено блиски меѓусебни односи?

А) примарна мрежа ( семејство, роднини, соседи, пријатели) ___________ лица

Б) секундарна мрежа ( установи-социјални, здравствени, образовни, бизнис сектор) ______ лица

В) терцијална мрежа ( НВО, приватни професионални услуги-адвокат, советник) -______ лица.

5. Од колку личности од својата примарна социјална мрежа (родители, браќа и/или сестри, роднини, сосоеди, другари, пријатели) децата без родителска грижа можат да побараат помош или поддршка кога им е потребна?

___________________________________________________________________________

6.Од колку личности од својата секундарна социјална мрежа (детска градинка, училиште, услужната дејност, разни институции или организации за активностите од слободното време) децата без родителска грижа можат да побараат помош или поддршка кога им е потребна?

___________________________________________________________________________

7.Од колку личности од својата терцијална социјална мрежа мрежа (групи за помош и поддрпка, невладини организации, адвокати, советници, советувалишта), децата без родителска грижа можат да побараат помош или поддршка кога им е потребна?

___________________________________________________________________________

8.Дали децата без родителска грижа во својата примарна социјална мрежа (родители, браќа и/или сестри, роднини, сосоеди, другари, пријатели) имаат личности од кои долг временски период добиваат помош и поддршка?

а) Да

б) Не

Објснете зошто

______________________________________________________________________________

9.Дали децата без родителска грижа во својата секундарна социјална мрежа (детска градинка, училиште, услужната дејност, разни институции или организации за активностите од слободното време) имаат личности од кои долг временски период добиваат помош и поддршка?

а) Да

б) Не

Објаснете зошто

______________________________________________________________________________

10.Дали децата без родителска грижа во својата терцијална социјална мрежа (групи за помош и поддрпка, невладини организации, адвокати, советници, советувалишта) имаат личности од кои долг временски период добиваат помош и поддршка?

а) Да

б) Не

Објаснете зошто

______________________________________________________________________________

11.Дали децата без родителска грижа имаат голем круг на пријатели?

а) Да

б) Не

12.Дали во социјалната мрежа на децата без родителска грижа има лица од кои може да побара емоциоонална поддршка?

а) Да (од кои личности)

______________________________________________________________________________

б) Не (објаснете зошто)

______________________________________________________________________________

13.Од кои личности децата без родителска грижа најчесто бараат помош или поддршка кога име е потребна?

а) родители
б) браќа/сестри
в) баба/дедо
г) други роднини
д) пријатели
ѓ) згрижувач
е) старател
ж) воспитувач
з) Стручни лица од центар за социјална   работа/установа за социјална заштита
ѕ)Наставници/Професори
и) граѓански здруженија (НВО

Објаснете зошто
______________________________________________________________________________